*Ментор:*
*проф. д-р. Виолета Ачковска*

*Комисија:*
*проф. д-р. Даринка Петреска*
*проф. д-р. Мурат Асимов*

*Кандидат: Еди Ќела*

Скопје, 2007

Оваа прилика би сакала да ја искористам и да изразам огромна благодарност до мојот татко **Екрем Ќела** кој постојано го нагласуваше значењето на науката и образованието, всушност преку неговите насоки и совети сфатив колку е убаво да се истражува и да се даде придонес во развојот на науката. Отсекогаш сметав дека уживам некоја посебна привилегија што имам таков родител. Се гордеам и среќна сум што сум Ваша ќерка, со овој труд се надевам дека ќе ги исполнам Вашите очекувања и дека тоа на некој начин ќе го видите, бидејќи јас ја гледам и ја чувствувам Вашата поддршка некаде длабоко во мене.

Потоа би сакала да и изразам голема благодарност на мојата мајка, **Ирена Ќела** за огомната поддршка и грижа, благодарност до моите сестри **Вилдан и Ѓулдан** и до сите останати роднини и пријатели кои постојано беа покрај мене кои ми помагаа и несебично ме поддржуваа.

Благодарност до мојата менторка, **проф. д-р Виолета Ачковска** која правилно ме насочуваше и без мојата драга професорка немаше да успеам да го направам ова истражување, голема благодарност и до **проф. д-р Даринка Петреска** за укажаните насоки и совети.

Исто така би сакала да укажам голема благодарност и до **проф. д-р Авзи Мустафа** кој ми помогна во изнаоѓањето на потребната литература, благодарност до **доц. д-р Октај Ахмед** и **проф. д-р Муцаит Асимов** за укажаната поддршка.

Голема благодарност до моите пријатели **Никола Кукунеш, Димитри Голабоски** и **Димитрие Дурацоски** за пријателската помош и поддршка.

Им се заблагодарувам на сите кои искрено и несебично ме поддржуваа и насочуваа, се надевам дека со овој труд ќе ги исполнам нивните очекувања и ќе ја оправдам нивната поддршка.

# ПРЕДГОВОР

Струга се наоѓа на Охридската котлина која е распрослана на крајниот југозапад од Р.Македонија, меѓу планините Јабланица (Црн Камен 2259 м.), Беличка Планина (1946 м.) и Мокра (1522 м.) на запад, Галичица (2255 м.), Петрина (Гога 1737 м.) Плаќенска Планина (Коњарник 1933 м.) и Илинска Планина (Лиска 1909 м.) на исток, Стогово (2242 м.) и нејзиниот огранок Караорман (2076 м.) на север и ритчестиот предел Гора на југ. Така заградена, Котлината зафаќа површина од 103.407 ха.

Иако порабена со високи планини, Охридската Котлина е сепак добро поврзана со соседните области. На северозапад, по долината на реката Црн Дрим, таа е сообраќајно поврзана со Дебарската Котлина. На север по долината на Сатеска и на превалецот Пресека, е поврзана со Кичевската Котлина, а на североисток, по долината на Опеничка Река и преку превалецот Буково, е поврзана со Преспанската Котлина. На запад, преку превалецот Ќафасан (931 м.) и долината на Шкумба, добро е поврзана со Р.Албанија. Тука минувал и стариот римски пат Виа Егнациа што го поврзувал Драч, преку Охрид, Битола и Солун со Цариград. Кај Ќафасан се одделува еден крак за Корча и за Јужна Албанија. До почетокот на XX век, преку селата Вишни и Горна Белица, под Крстец и преку пределот Голо Брдо било мошне живо шкодранско џаде.[1]

Пред да преминам на елаборирање на темата на овој труд би сакала да истакнам некои карактеристични аспекти за Струга и струшко кои, укажуваат на атрактивноста на овој регион а и на богатото историско минато. Тука, пред сѐ мислам накратко да ја опишам мултикултурната историја на Струга и во тој контекст да ги посочам истражувањата извршени во оваа насока како и за природно-географските карактеристики.

Благодарение на својата географска положба, расположена на брегот на Охридското Езеро и реката Црн Дрим, но и на сплетот на историски настани, Струга денес во Македонија, но и на Балканот, е еден од ретките историски

[1] Група автори, Струга и Струшко, Собрание на Општина Струга, 1970, стр. 11

локалитети каде што се испреплетиле две доминантни европски култури: западната и источната и, благодарение на тоа, регионов претставува редок пример за тоа како таквите допири и преплетувања можат да донесат еден нов квалитет во естетска и духовна смисла.

Досегашните археолошки истражувања извршени во струшко даваат одредени резултати кои придонесуваат за расветлување на културната историја. Мора да се напомене дека за одредени периоди нема материјална документција, пишани споменици или останата граѓа, за да се посочи за точноста на податоците. Но,сепак, и покрај тоа, денес може да направиме осврт врз културното наследство кое ја детерминира културната историја на регионов и пошироко.

Минатото на Струга и струшко, според досегашните научни сознанија, започнува некаде околу 5000 години пред новата ера, во рамките на неолитските цивилизации на Балканот кои хронолошки се сместуваат во овој милениум, и се поврзуваат со пронајдените археолошки артефкти кои му припаѓаат на младото камено време, неолитот. Иако историски овој регион, како впрочем и целата земја, вклучувајќи го, пред сé, постоењето на пишана документција, може да се прати од седмото столетие до денес, и тоа со скромни сведоштва, културната историја на подрачјево сосема веродостојно може да се определи дека започнува во петтиот милениум п.н.е. Долгата низа предисториски култури што се јавуваат на ова подрачје, претставуваат остатоци кои ја документираат историјата на уметничкото творештво која не оставила само безбројни траги од земјата, туку и многубројни сведоштва во просторот што се сраснале во животот на подоцнежните поколенија. Од горното произлегува дека нашиот живот и животот во иднина, во добар дел, се темели и ќе се темели врз сознанијата на она што му претходело во минатото.

Поширокиот југозападен регион, тесно поврзан со сливот на реката Црн Дрим, благодарение на близината на јадранското крајбрежје, често ќе биде под влијание на Медитеранот.

Засега најстарите остатоци од материјалната култура во регионов се пронајдени во локалитетот Уста, на истекот на реката Црн Дрим од езерото. На

делумно истражениот локалитет, се откриени и сочувани голем број остатоци од материјалната култура на праисторискиот човек: од наколните живеалишта во кои што живеел, до предмети за куќна употреба, алатки, оружје, прибор за лов и риболов и др. Присуството на одредени фрагменти на статуетки од печена земја или камен, зборува за присуството на идолопоклонство. Духовната култура на неолитскиот човек најчесто се прати со култот, верувањето во идолите поистоветени со плодноста, а инкарнирани со жената и нејзината претстава.

Благодарение на археолошката наука, во непосредната околина на Струга, во населбата Враништа, во локалитетот Црквени Ливаѓе, пронајдени се првите траги кои зборуваат за присуството на првите бронзенодопски култури за поширокиот регион. Бројната керамика од овој наод има елементи на рана бронза и се поврзува со бронзанодопските појави од централниот Балкан кои се развиваат во текот на вториот милениум.

Кон крајот на вториот милениум, во праисторијата на Македонија, започнува еден многу значаен период. Со големите раздвижувања и поместувања на популациите, ќе биде зафатено широкото подрачје на југоисточна Европа и источниот Медитеран. Со овие настани се поврзува и денешниот дел на Македонија, вклучително и Струга со неговата околина, кој период се поврзува со појавата на раното железно време. Во сите периоди од железното време Струга и струшко бележат богат културен живот.

Во текот на шестиот век, на Балканот е веќе јасно формирањето и постоењето на одредени етнички групации во поголемите познати популации: Илирите на запад: Тракијци на исток. Струга и нејзината околина им припаѓаат на Десаретите или Дасаретите, македонско племе[2] кое се споменува во

[2] Според д-р Наде Проева, Дасаретите заедно со Енхелејците или Енгеланите живееле во охридско-струшкиот регион и во Полог. Таа се спротивставува на тезата за илирското потекло на овие племиња, сметајќи дека ономастиката покажала дека од 70 имиња посведочени во овој дел на Македонија, само четири-пет имиња се среќаваат кај Илирите, што е нормално за една гранична област. И со најновите откритија на некрополата во Синдос (Текелиево) сосема е порекнато божемното илирско потекло на овие племиња. Тоа го докажува и гробницата од македонски тип откопана во Долно Селце кај Подградец, каде што е најден војнички ремен по форма и стил различен од илирските ремени (најдени кај Скадарското Езеро, Неретва). Потоа важна е надгробната стела од локалитетот Требенишко кале на која е претставен војник со македонска воена опрема, а имињата се македонски, од типот кралски (Аминта, Александар), што сето заедно многу

одредени епиграфски извори. Доцниот архајски период, кој е присутен во археолошките наоди на локалитетот Цигански Гробишта во Радолишта, Струшко, е вовед во едно ново време кое ќе биде доминантно за целиот антички период. Периодот на целиот петти век пред новата ера, на полето на ликовната и духовната култура, повеќе автори го истакнуваат како златен период кој неминовно се рефлектира на ова подрачје.

Во четвртиот век пред нашата ера, и покрај цврстите илирски утврдувања, доаѓа до силен продор и доминација на Македонците кој со себе внесувале бројна стока од хеленистичките центри од егејското и јонското крајбрежје. Со продирањето на Филип II, и во лихнидскиот југозападен регион, во кој влегува и Струга, културните влијанија на грчко-македонскиот свет, оставиле траги и на ова тло кое ги примило раскошните новитети, ги одомаќинило, а во голема мера почнало и локално да ги произведува. Материјалот е разновиден, а во Струга е присутен архелошки на локалитетот Куќата на Караѓулевци, во центарот на градот, и на локалитетот Свети Илија, во Делогожда. Материјалот од овој период е разновиден: уметничка пластика, теракота, преку занаечиство, керамички и бронзени садови, со релјефни претстави до суптилен накит изработен од злато и стаклена паста. Споменатите архелошки материјали, според досегашните испитувања, се еден од најатрактивните наоди во некрополитите од струшкиот регион, што припаѓаат на четвртиот и третиот век пр.н.е.[3]

Продирањето на различни цивилизации и култури во струшко оставале свои траги и влијанија кои и денес јасно можат да се видат, а сето тоа придонело во формирањето на културата и духот во овој дел од Македонија.

Посебен период од историјата на струшко претставува периодот на османско-турското владеење со Македонија. Меѓу другото, од турскиот период во Струга се зачувани културни споменици од профаната архитектура.

---

јасно покажува дека станува збор за македонски племиња итн. ("Културен живот", 4/1998, 45-46). Најновите откритија на Паско Кузман во внатрешноста на Самуиловата тврдина во Охрид, ги потврдуваат наводите на д-р Проева. Повеќе за проблемот на етничката припадност на Енхелејците и Дасаретите види: N. Proeva, *Enchéléens-DassaréTes-Illyriens, sources litteraires, épigraphiques et archéologiques,* Acies II, coll. Int. 1990, Clairemont-Ferrand, Paris, 1993, 191-199.

[3] Ристо Танески, Струга Вчера и Денес, Струга, Рубљов, 2003, стр. 9, 11.

Амамот, иако има скромни димензии, ги содржи сите елементи на амамите во Македонија. Тоа се значајни споменици на културата кои претставуваат успешни архитектонски концепции во кои корисното и естетското се здружиле во неразделна целина. Од овој период за Струга мошне значајни се и градските куќи, кои по концепцијата целосно се вклопуваат во урбаните архитектонски целини од овој период, а кои се застапени и во другите градски центри во Земјата.

Во текот на XIX век Струга дала низа преродбеници, од кои посебно место во културната историја имаат браќата Димитрија и Константин Миладиновци.

Градот, познат од даменешни времиња, претставувал голем крстопат на цивилизацијата во изминатите столетија, привлечно место на војските, царевите, епископите, значајни и незначајни неимари кои во длабочините на неговата почва напластиле, една врз друга, трагови и богатства на материјалната култура.

Струга и струшко во најновата историја, по Балканските и Првата светска војна доживуваат бројни промени и ја делат судбината на оној дел од Македонија – вардарскиот дел, кој по овие војни влегол во рамките на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, односно на Кралството Југославија. Основен печат на промените на планот на културата дава непризнавањето на посебноста на македонскиот јазик и на јазиците на другите етнички заедници, при што во однос на муслиманскта религија, Крајството Југославија давало определени верски слободи. И покрај присутниот конзеравтивизам , сепак моденизациските процеси постепено продирале и во овој регион, како во секојдневниот живот (уредување на домовите, облекувањето, исхраната) така и во свртеноста кон некои образвни и културни достигања во европските земји, надвор од Југославија.

Во текот на втората светска војна, Струга и струшко се наоѓале во специфична ситуација пред сé заради територијалната вклученост во италијанската фашистичка творба. Во рамките на оваа окупациона зона, беше воведен албанскиот јазик во администрацијата (покрај италијанскиот) и во

образованието, така што сите деца, без оглед на етничката припадност наставата ја следеле на албански јазик. Во тие рамки присутен бил и притисок врз Турците за нивна албанизација врз основа на идентичноста на религијата, но мора да се истакне дека и Турците поради верската идентичност ги чувствувале Албанците како „свои".

Во периодот по Втората светска војна, врз основа на паролата на братството и единството беше прогласена национална рамноправност. Сепак, турското национално малцинство имаше специфична положба, за што ќе зборувам поопстојно во натамошниот тек на трудот. Тука, само би ги навела промените кои настанувале со почетоците на обновата и изградбата на земјата кога постепено се менувал изгледот на градот, како и на некои селски населби кои поблиску гравитирале кон него.

Веднаш по ослободувањето се започнало со урбанизација на градот. За таа цел уште кон крајот на 1945 година, бил склучен договор со една загребска проектантска организација за изготвување на урбанистички регулационен план. Во декември следната година бил изработен идеен- регулационен план за градот во размер 1 : 5000.

Така, новата власт презела низа акции за да се отпочне со решавање на многуте комунални и урбанистички проблеми. Првенствено почнало да се расчистува и да се создаваат нови паркови, како оази за одмор и рекреација на граѓаните и да се пошумуваат некои голи комплески во градот. Сепак, надвор од ова во струшко немало некои поголеми инвестиции. Првиот поголем успех на народната власт претставува електрификацијата на градот. Тоа е извршено на 2 август 1948 година, во чест на четриесет и петиот јубилеј на Илинден. Новоизградената термоцентрала работела само од вечерните до раните утрински часови. Во текот на денот во градот немало струја. Така било сé до 1950 година кога Струга станала дел од електричната мрежа на новите хидроцентрали во Македонија.

Во овој преиод како и во останатите градови почнала изградба на училишта, патови, болници и слично. Така во повоениот период Струга доживува сестран културен развој. Но, во тој контекст, специфичните

политички прилики кои во периодот од  пеесеттите години предизвикале масовно иселување на турската популација, делувале врз процесот на културното издигање и живеење на Турците во Струга и струшко.

# УВОД

Како држава конституирана со решенијата од Првото заседание на АСНОМ, од 2 август 1944 година и членка на федерацијата на југословенските народи, Македонија се развиваше (без малку) половина век. Тоа е период во кој, непосредно со својот развој се избори и се трансформира во суверена, самостојна и независна држава.

Историската дистанца од конституирањето на македонската држава во рамките на југословенската федерација е релативно доволна за да можат да се прават конклузивни, па и објективни оценки за изминатиот пат. Во оваа смисла, функционирањето на државата и државната власт во првите години по ослободувањето се од посебно значење. Имено, тогаш се поставија темелите на Македонската држава и продолжи нејзиното натамошно изградување.[4]

На Првото заседание на АСНОМ беа донесени значајни историски акти во кои се содржани основите државно- правниот развиток на Македонија. Од нив од особено значење се: Декларацијата на основните права на граѓанинот на Демократска Федеративна Македонија и решението за воведување на македонскиот јазик во македонската држава. Во точка 11 од Декларацијата стои: „Народната власт се грижи да ја отстрани неписменоста и да ја подигне народната култура и да осигура бесплатно школство".

Решението за воведување на македонскиот јазик како службен јазик има два јасни члена со куса но јасна содржина:

"Чл. 1. Во македонската држава како службен јазик се заведује народниот македонски јазик.

Чл. 2. Ова решение влегуе веднага во сила".

Решението за воведувањето на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава, без да ги негира јазиците на националните малцинства, има големо политичко, државно- правно и уставно- правно значење за положбата на македонскиот народ во Југословенската федеративна заедница.

---

[4] Новица Велјановски, Државноправниот Развој на Македонија, Скопје, Институт за Национална Историја, 1992, срт.13

Со одлуките и решенијата на АСНОМ во историјата на македонскиот народ почна период на втора таканаречена културно-просветна-национална ренесанса.

Президиумот на АСНОМ, во периодот помеѓу Првото (02.08.1944) и Второто заседание на АСНОМ (28.12.1944), има одржано 15 седници, а на 7 од нив е дискутирано за просветата и културата.

Посебно внимание заслужува седницата од 2 до 5 септември 1944 година, на која Президиумот донел значајни одлуки и упатства од бласта на културата и просветата. Во упатствата се содржани покрај другото, и наставните планови за основните училишта. Президиумот донел одлука наставта во основните училишта да трае 7 години, а во средните 5 години.
На 3 ноември 1944 година Президиумот донел одлука за отварање на 9 гимназии во Македонија, а на наредните седници биле донесени одлуки за започнување на работата на средните училишта.

И на наредните седници Президиумот на АСНОМ - Поверенство за просвета, донесува соодветни законски регулативи од бласта на просветата и културата. Значи, покрај наведените акти, Поверенството за просвета при Президиумот на АСНОМ донело и многу други акти, одлуки и прописи кои го опфаќале и регулирале целокупниот културно-просветен живот во новата држава. Со тие првични акти и мерки, на Президиумот на АСНОМ, се отвориле перспективите за продлабочување на започнатата трансформација на културно- просветните односи што се интензивира во текот на наредните години.[5]

Сите овие одлуки донесени за развојот на културата и просветата почнале да се применуваат во државта. Во Струга и стушко, што е и предмет на истражување на овој труд, состојбата после ослободувањето, како и во повеќето предели во државата, била тешка што е карактеристика за секој почеток. Овие одлуки се јавуваат во врска со обезбедувањето на основните услови за работа на училиштата: простор, опрема, нагледни и наставни средства, наставен кадар, учебници и сл.

[5] Види поопширно: Нада Јурукова, Културно- Просветни Појави и Процеси во Македонија, Скопје, Институт за Национална Историја, 2003.

Подрачјето на струшко пред војната располагала со релативно мал број училишни згради кои сосем не одговарале на педагошко-хигиенските барања. Непосредно по осободувањето, нивната состојба била уште полоша.
Таквата положба им наложила на органите на народната власт да ги мобилизира сите општествено-политички сили во населбите на подрачјето на струшко да го прибираат зачуваниот инвентар, како и да организираат доброволни акции за адаптирање на училишните згради и за нивното обезбедување со најосновен инвентар и опрема.

Покрај напорите кои се вложувале за оргаизирање на наставата во струшко се работело и на формирање на други културни институции кои придонеле за развој на општествениот живот и култура а кои биле карактеристични за Струшко. [6]
Струга бил град кој што се издвојувал од другите по добриот соживот и меѓусебно разбирање и по ораганизирањето на заеднички културни настани на сите народи кои живееле во него. Традиционално секое неделно попладне по течениото на реката Црн Дрим се собирале сите стружани облечени во народни носии и пееле староградски песни карактеристични за овој крај и тоа на сите јазици. Во струшко отсекогаш му се придавало големо значење на образованието, а луѓето се стремеле во рамките на нивните можности да се образуваат.

Тема на ова истражување е културно-просветниот живот во струшко, во период од 1944-1953 година, со посебен осврт на турското население, проблемите со кои се сочувале, а сите тие проблеми биле причина за нивното масовно иселување во Република Турција - особено во периодот 1954-1959 година. Посочувајќи бројни проблеми од минатото, целта на нашето истражување беше насочена кон тоа, до некоја мера, да се придонесе и за подобрување на денешната положба на Турците во оваа област. Денес, за жал, по масовните иселувања, Турците во струшко се помалубројни во однос на другите етнички заедници, а истовремено му посветуваат несоодветно внимание на образованието и на културните вредности, што претставува опасност за губење на сопствените корени, традиции, вредности, а до некаде и губење и на сопствениот идентитет.

[6] Група автори, Струга и Струшко, Собрание на Општина Струга, 1970

Подетално за состојбата на Турците во областа на образованието и културата ќе се разработи во понатамошниот дел од овој труд.

# I. ОПШТЕСТВЕНО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРИЛИКИ ВО СТРУГА И СТРУШКО ЗА ВРЕМЕ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО И ВОСПОСТАВУВАЊЕТО НА НОВАТА ПОЛИТИЧКА ВЛАСТ

## I.1 ОПШТЕСТВЕНО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРИЛИКИ ВО МАКЕДОНИЈА

Од 1945 година југословеноско комунистичкото раководство имало многу поповолна позиција од раководствата на другите партии. Со оглед дека партизаните ја контролирале целата земја, немало потреба од никаков преоден период пред да се добие целосната политичка моќ и да се воведат комунистички програми за внатрешен развој. Како победничка држава Југославија, за разлика од Романија и Бугарија, не морала да склучува мировен договор или да плаќа репарации. Ниту една странска армија не ја окупирала земјата, а Советскиот Сојуз немал можност да пресели големи количества индустриска стока како што направил во другите држави. Сепак, државата била речиси целосно уништена од војната и прва задача на власта била да ги поправи овие штети. Од 1945 до 1949 година државата го следела сталинистичкиот модел. И тука акцентот бил ставен врз развојот на големите индустрии и на проектите за електрификација. За централното прашање, до смртта на Сталин, во 1953 година, бил задолжен Борис Кидрич. За разлика од другите социјалистички држави, југословенските планери морале да ги земат предвид и националните и регионалните проблеми. Така новите фабрики биле поставени во заостанатите подрачја како Босна и Херцеговина, Македонија и Црна Гора, кои случајно и биле центар на претходните партизански активности. Иако намерата била да се изедначат економските услови во југословенските републики, овие „политички фабрики" подоцна предизвикале големи тешкотии.

Југословенската власт во овој период била во рацете на мала група луѓе во која, покрај Тито, биле членовите на Политбирото, што се нарекувало Президиум. Покрај Ѓилас, Ранковиќ, Кардељ и Кидрич, на чело на владата се наоѓале: Моша Пијаде, кој ги водел правните прашања; Франц Лескошек,бил задолжен за тешката индустрија; генерал Иван Гошњак за армијата и Благое Нешковиќ, бил претседател на државната комисија за контрола. Но Тито ја задржал својата доминантна позиција.

Југославија се разликувала од останатите социјалистички држави, таа не само што водела високо независна надворешна политика, туку и дозволила мошне голема слобода во државата. Иако го задржала еднопартискиот систем и идеолошката контрола, таа сепак не ги задржала истите цврсти стеги врз животите и личностите на своите граѓани како соседните држави. Покрај тоа, со сложената национална организација, нејзиното раководство барем се обидело да најде систем што би им овозможил на националностите во државата, секоја со своја сопствена историја и различни стопански можности, да живеат заедно во релативна хармонија. Судирите од минатото не биле оставени на страна, но барем проблемите биле идентификувани.

По завршувањето на Втората светска војна, Југославија била најсилна балканска нација - всушност, водечка држава во Источна Европа, надвор од Советскиот Сојуз. Таа имала импресивна војска од 800.000 искусни борци само под своја национална команда, а на власт бил револуционерен режим кој очигледно имал блиско пријателски односи со Москва. Самоуверени во својата позиција, партизанските водачи донеле опширна и амбициозна програма за иднината. Покрај економските, општествените и политичките промени што планирале да ги спроведат, тие сакале да постигнат и одредени територијални и надворешнополитички цели. Најтешкото прашање за решавање се однесувало околу статусот на Македонија. За време на војната, југословенската Комунистичка партија успеала да воспостави надмоќна позиција во вардарскиот дел, кој станал една од шесте републики на нова Југославија, воспоставена во Јајце, во 1943 година. Најголемите проблеми се однесувале на статусот на Пиринската и на Егејската Македонија. Судирот за Македонија станува главна причина за напнатост меѓу балканските држави.

Раководството тогаш пристапило кон дефинирање на македонската националност. Процесот бил сличен како кај другите национални групи: првиот акцент бил ставен најпрво врз создавање на стандарден литературен јазик. Во август 1943 година владата во Скопје го прогласила македонскиот јазик за јазик на републиката; била формирана комисија која имала за цел да избере еден локален дијалект и да формираат стандарден речник. Изборот паднал на македонскиот дијалект што бил најмалку сличен со бугарскиот и српскиот јазик. Бил направен речник, кој содржел што е можно помалку

странски зборови, иако повеќе внимание било посветено на исфрлување на руските и бугарските зборови, отколку на српските.

Формирањето на литературниот јазик било само еден чекор во градењето на македонската националност. Македонците со стандарден јазик, официјална историја и сопствен црква добиле атрибут на модерна нација.[7]

Една од мошне вредносните придобивки на Револуцијата претставува појавата на училиштето на македонски јазик. Се остваруваат вековните идеали, со издвојувањето на националните, социјалните, политичките и другите права, се создале реални услови за развој на воспитно-образовната дејност.

Првите повоени години (1944-1950) претставувале мошне важна, пресвртна етапа, во која биле поставени основните и трасирани патишта на новиот општествен самоуправен социјалистички сиситем. Во тој временски период се настанати коренити промени во целокупниот општествено-економски, политички и културно-просветен живот. Почнале да се реализираат придобивките од НОВ и Револуцијата, санкционирани во документите на АВНОЈ и АСНОМ, кои отвориле реални можности и перспективи за развој на новиот социјалистички систем.

Од големо значење за Македонија претставува Првото заседание на АСНОМ, одржано на 2 август 1944 година, во манастирот „Прохор Пчински" Кумановско. Токму тогаш се ставени темелите на Социјалистичката Република Македонија. По долги години македонскиот народ издвојува национална и социјална рамноправност со другите народи во Југославија и добива своја државност. Оживотворувајќи ги одлуките и принципите утврдени на Второто заседание на АВНОЈ, со кој македонскиот народ е признат како слободен и рамноправен со другите народи на Југославија, а Македонија за слободна и рамноправна членка во составот на ДФЈ. На Првото заседание на АСНОМ Македонија е прогласена за федерална членка на ДФЈ, а АСНОМ со прерогативи на највисоко врховно, законодавно и извршно народно претставничко тело на суверената власт на македонскиот народ.[8]

---

[7] Јелавич, Б.: *Историја на Балканот*, -Новинарско- издавачка куќа Лист, Скопје, 1999, том 2, стр.465,466.

[8] Цитиран Зборник на АСНОМ..., 235-238; Архив на Македонија, Скопје, фонд: Президиумот на АСНОМ 1944, к.1. Решение на АСНОМ од 1944 година за негово конституирање како врховно законодавно извршно тело и највисок орган на државната власт на македонскиот народ д-р Вера Весковиќ- Вангели, Жената во Револуцијата на Македонија 1941- 1945,Скопје, 1982, 251- 254; д-

АСНОМ, како највисоко политичко и законодавно тело на ДФМ, на своето Прво заседание донесе значајни историски акти во кои се втемелени основите на државно-правниот развиток на Македонија. Од нив од особено значење се: *Декларацијата за основните права на граѓанинот на Демократска федеративна Македонија,* и *Решението за воведувањето на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава.*[9] Деклрацијата е таков политички документ со кој се гарантира слобода и рамноправност на секој граѓанин и граѓанка во Македонија, без разлика на вера, националност и политичка припадност, право на секој граѓанин и граѓанка над 18 години да избира и да биде избран, слобода на совеста и вероисповеста и правото на бесплатно образование. Во точка 11 од Декларацијата стои: „ *Народната власт се грижи да ја отстрани неписменоста и да ја подигне народната култура и да осигури бесплатно школство*".[10]

Владата на НРМ се формира 14-16 април 1945 година, тогаш всушност почнува зајакнувањето на државниот апарат во Македонија.

р Владимир Митков, Историското и државно-правното значење на актите на првото заседание на АСНОМ (ЗБ) „Самоуправата на Македонската револуција", Делчево, 1985, 41.

[9] АМ, Скопје, фонд: АСНОМ, 1944, к.1. Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на Македонија, Решение на АСНОМ за воведувањето на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава.

[10] АМ, Скопје, фонд: АСНОМ, 1944, к.1; документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, Скопје.

## I.2 РАЗВОЈ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАРОДНАТА ВЛАСТ

Создавањето на народноослободителни одбори, како први органи на народната власт на подрачјето на Струга и струшко, тесно е поврзано со општиот растеж на Народноослободителната војна во Македонија. Ова најмногу доаѓа до израз во текот на 1943 година, кога силниот замав на општата борба против окупатаорот и домашните предавници зела широки размери, што условило освојување на првите слободни територии од овој дел на Македонија. Со тоа, во сите населби во струшко, во голема мера се развила активноста на организирање на органите на новата револуционерна власт.

Карактеристично е дека ширењето на мрежата на НОО, како и секаде така и на ова подрачје, не се одвивало стихијно туку со свесна и организирана акција на Комунистичката Парија. Успешниот развој на вооружената борба барала по секоја цена уривање на старата, ненародна власт, компромитирана среде населението.

Новите органи на власта што биле во рацете на востанатиот народ, го овозможувале натамошното зацврстување на Народноослободителната војна и Револуцијата.

Народноослободителните одбори се формирале на ослободените и неослободените места во струшко. Тие биле основната потпора на партизанските одреди. Главната функција на првите народноослободителни одбори (комитети) била да ја координираат целокупната активност на населението и да го организираат животот во населбите, како и да создаваат тесна врска помеѓу народот и партизанските одреди што дејствувале на теренот. Во тој однос пред нив се поставувале разновидни задачи, како прибирање на сé што им било потребно на борците – храна, облека, оружје, санитетски материјл, пари и др., одржување ред во населбите, придобивање на што поголем број симпатизери на Народноослободителното движење, испраќање младинци во редовите на партизанските одреди и сл.

Треба да се истакне дека не било многу едноставно формирањето на народноослободителни одбори во услови кога владеел голем страв од фашистичкиот окупатор и пивните слуги. Народноослободителните одбори се избирале на јавни собири доколку тоа го дозволувала ситуацијата. Ако пак таквата постапка била невозможна, тогаш одборите биле основани тајно, по

директива на Комунистичката парија, односно партизанските одреди. Подоцна, во погоден момент, членовите на така формираните народно ослободителни одбори и официјално биле потврдувани од населението.[11]

На ова подрачје, првите зачетоци на народноослободителни одбори се среќаваат при крајот на 1942 година во Струга и во Вевчани. Видлив развој на мрежата на органите на народната власт се забележува во текот на 1943 година, кога таа добива свои претставници во повеќе села.

Во Малесија народноослободителните одбори се формирале во летото 1943 година и тоа во селата: Збажди, Присовјани, 'Ржаново, Локов, Селци и Буринец. Во втората половина на 1943 година тие постоеле и активно работеле во Прискупштина, Модрич, Јабланица, Горна Белица, Вишни, Долна Белица, Подгорци, Лабуништа, Октиси, Безево, Драслајца, Мислешево, Нерези, Луково, Мороишта, Ташмаруништа, Глобочица и други села.

Во тој период имало обиди за формирање на илегални народноослободителни одбори и во селата со албанско население – Ливада, Поум, Мислодежда, Горно Татеши и др. Меѓутоа, нивната активност поради низа причини не успеала да дојде до израз.

Првите народноослободителни одбори биле составени од 2 до 3 члена кои едно по друго се менувале и се дополнувале со нови луѓе, зависно од нивната активност, а и од потребите.

Развојот на Народноослободителната борба во Македонија и проширувањето на нејзината слободна територија, довела до засилување на активноста на народноослободителните одбори, како на ослободената така и на полуослободената и неослободената територија. Охридско-струшкиот регион, особено подрачјето на Дебарца и Малесија, поради воено-политичките услови претставувала заедничка база во понатамошното јакнење на Народноослободителната војна и Народната револуција.

Летото 1944 година бил свикан подготвителен состанок за формирање Околиски народниослободителен одбор за охридско-струшкото подрачје, што следувало по писмото на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ до месните, општинските, околиските и окружните народноослободителни одбори, од 14 март 1944 година. Состанокот бил одржан на 24 август 1944

[11] Група автори, Струга и Струшко, Собрание на Општина Струга, 1970 стр. 113-114

година, во Дебарца, и со него раководел Киро Крстески-Платник. Во дискусијата се укажало на потребите за создавање на еден ваков висок орган кој би ја координирал и насочувал целокупната активност на сите НОО во овој крај. На состанокот, била дадена и препорака за организирање на изборни конференции во сите населби, на кои, по најдемократски пат би се избрале делегати за Околиската конференција, осбено од редовите на оние активни борци против фашистичкиот окупатор кои се афирмирале меѓу населението со своите морално-политички квалитети. Исто така се препорачало да се води сметка за пропорционалната застапеност на припадниците на албанската и турската популација.

Заклучоците на Иницијативниот одбор веднаш се спровеле: се извршил избор на делегати во сите населби во охридско и струшко. На 13 септември 1944 година, се одржала Првата околиска изборна конференција во Дебарца, на која биле избрани Пленум и Извршен околиски народноослободителен одбор за двете подрачја.[12]

Извршниот одбор броел 12 членови и тоа:

1. Никола Скепароски, земјоделец од с. Волино, претседател,
2. Владо Митоски, работник од с. Сливово, секретар,
3. Божин Костоски, работник од с. Белчишта, благајник,
4. Блаже Стојаноски-Карадак, работник од с. Збажди, прочелник на Управниот одбор,
5. Кузман Дејкоски, ѕидар од с. Вевчани, прочелник за агитација и пропаганда,
6. Најде Цветаноски, интелектуалец од с. Драслајца, прочелник за градежниот сектор,
7. Тодор Попоски, работник од с. Велмеј, прочелник за земјоделство,
8. Мирослав Антониески, учител од с. Лабуништа, прочелник за Просветниот оддел,
9. Ефтим Клечкароски, земјоделец од с. Мороишта, прочелник за Судскиот оддел,
10. Али Баба, земјоделец од Струга, прочелник за хигиена и здравство,

[12] Група автори, Струга и Струшко, Собрание на Општина Струга, 1970 стр. 118

11. Васил Јованоски, земјоделец од с. Врбјани, прочелник за трговија и занаетчиство,
12. Ѓорѓи Несторoски, интелектуалец од Струга, неопределена должност.

Пленумот, освен горенаведените членови на Извршниот одбор, го сочинувале и следниве одборници:

Дојчин Николоски од с. Мешеишта, Илија Размоски од с. Сирула, Коле Крстаноски од с. Климештани, Пандејца Маринческа од с. Требеништа, Цветко Кузманоски од с. Црвена Вода, Илија Китаноски и Крстана (Петрејца) Целевска од с. Издеглавје, Димко Србиноски и Каља (Недејва) Неловска од с. Слатино, Јонче Грозданоски од с. Оздолени, Павле Попоски од с. Врбјани, Ристо Стефаноски од с. Сливово, Никола Тутуровски од с. Годивје, Дончо Божиновски од с. Мраморец, Трајко Мирчевски од с. 'Ржаново, Силјан Петревски од с. Ташморуништа, Никола Симоновски од с. Вишни, Шазо Орани од с. Шум, Ѓорѓи Петкоски од с. Глобочица, Поп Васил Домазетоски од с. Јабланица, Таса Петреска од с. Подгорци и уште двајца припадници од албанската популација за кои не постои документација.[13]

Однесувајќи се најодговорно кон превземените задачи, Околискиот НОО веќе утредента, на 14 септември 1944 година, започнала со реализација на истите: се извршила распределба на работата, се прецизирале должностите на избраните прочелници по сектори, се донела одлука веднаш да се пристапи кон создавање народноослбодителни одбори таму каде не постоеле, активирање и мобилизирање на сите сили во борбата за конечно ослободување на земјата, а исто така се донеле и важни одлуки за решавање на останатите тековни проблеми.

Како непосредни органи на револуционерната власт, народно-ослбодителните одбори пред сè биле насочени кон извршување на нивните секојдневни задачи и обврски. Граѓаните на оваа територија самодисциплинирано и самоиницијативно се вклучиле во акциите на НОО, работеле со голем елан, свесни биле дека само низ организирана и бескомпромисна борба можеле да го дадат својот придонес за конечното ослободување. Чувствувајќи се како вистински чинители на народната власт, одборниците и другите граѓани вложувале голем напор за да го поднесат оној

[13] Градски народен одбор Струга 1944 – 1955 год., фонд, Историски архив Охрид.

дел од товарот на Ослободителната војна што нив им бил предодреден: да обезбедат храна како за Народноослободителната војска така и за социјално загрозеното население, посебно за децата и безпомшните старци, чии што татковци односно синови, загинале во војната.

Донесените заклучоци на Извршниот одбор на Околискиот народноослободителен одбор се оживотворувале во сите населени места. Тоа го потврдуваат различните иницијативи што жителите од овој крај ги превземале во овој период.

Во овој период според кажувањата на живи сведоци особено дошол до израз соживотот на поголемиот дел од луѓето кои живееле во Струга и струшко, без разлика на вера и нација сите подеднакво го дале својот отпор врз фашистичките сили, и подеднакво учествувале во акциите за меѓусебно помагање и поддршка.

## I.3 ФОРМИРАЊЕТО НА ОКОЛИСКИОТ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР ЗА СТРУШКАТА ОКОЛИЈА И НЕГОВОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ НЕПОСРЕДНО ПРЕД И ВО ПРВИТЕ ДЕНОВИ ПО ОСЛОБОДУВАЊЕТО

Моќниот притисок на единиците на Народноослободителната војска на Југославија есента 1944 година, ги присилиле фашистичките бригади панично да се повлекуваат од земјата. Народот во овој период после тешките и бурни денови ја пречекале слободата во есенските денови на 1944 година. Додека жестоките борби за ослободување на центарот на Околија – Струга денонокно се воделе, претставниците на нродната власт се договарале околу поефикасна организација на животот во условите на слобатата која следувала. Како резултат на ваквиот договор, во октомври 1944 година во Вевчани, се формирал посебен Околиски народноослободителен одбор за струшката околија. За претседател на извршниот одбор бил поставен Димитри Ковачески, учител од град Струга, Шазо Орани, земјоделец од с. Шум бил назначен за потпретседател, посебно задолжен за издавање дозволи за НП Албанија.
Пленумот покрај 13 членови од Извршниот одбор броел уште 12 членови.

Во тие бурни денови конституираниот Околиски народноослободителен одбор секојдневно ја разгледувале актуелната проблематика, давајќи му на целокупниот живот посебен тон и насочувајќи ја активноста кон задоволување на потребите на сенародната борба.
По неколку неделна борба, Струга била ослободена на 8 Ноември 1944 година. Војната зад себе оставила пустош: разурнати куќи, мостови, патишта, телефонска мрежа и др. Градот бил ограбен и во голема немаштија. Во овие денови најтешко било да се организира исхраната на населението.

Народот со голема воодушевеност ја пречекале народнат власт. Веднаш почнале да работат двата народноослободителни одбори: Околискиот и Градскиот.
За да се добие поблиска претстава за работата на органите на власта во тоа време, како пример може да се наведе извадокот од записникот за еден од состаноците на Околискиот народноослободителен одбор т.е за точките од дневниот ред: план за состав на одборот, определување на работно време по канцеларии, одземање жито од богаташите и распределба на сиромасите, поправка на патишта и обезбедување нормална работа на железницата, избор

на делегати за Околиската фронтовска конфереција, поставување милиција и др.

Покрај тоа биле третирани и низа други прашања што произлегувале од секојдневните потреби во врска со регулирањето на разни стопански, просветни, здравствени и други проблеми како: печење леб, набавка на жито, собирање железо, штици, стакло за адаптирање на училишта и др објекти, како и пријавување на одвишок стока и слично.

Времето ја наметнувало оваа динамика на работа, а Околискиот народноослободителен одбор морал со најголема одговорност да им приоѓа на сите појавени проблеми. Заради тоа се пристапило кон формирање на оддели и служби, и тоа според Упатството на АСНОМ, приспособувајќи ги на конкретните услови во оваа Околија:

1. Управен оддел – прочелник Ефтим Клечкароски,
2. Технички оддел – прочелник Најде Цветаноски,
3. Здравствен оддел – прочелник Ѓорѓи Несторoски,
4. Социјален оддел – прочелник Кузман Дејкоски,
5. Просветен оддел – прочелник Милисав Антониески,
6. Стопански оддел – прочелник Симон Јовчески,
7. Снабдување и исхрана – прочелник Наум Трајаноски,
8. Информативен отсек – прочелник Аврам Котески,
9. Агит-проп – прочелник Стефо Беле,
10. Финансов оддел – прочелник Вера Несторова и
11. Судски оддел – прочелник Санде Милески.

Покрај тоа, Околискиот народноослободителен одбор имал свој Секретаријат и Пленум, кои дејствувале во остварување на потребната координација, како и на контролирањето во извршувањето на потребната координација, а исто така и на контролирањето во извршувањето на набележаната програма за работа.

Во почетната фаза, пред Околискиот одбор, помеѓу другото, била поставена задача да се оспособат за работа сите општински и селски (месни)

народноослободителни одбори во Околијата, како и Општинскиот (Градскиот) народноослободителен одбор во Струга.[14]

На подрачјето на струшката околија непосредно по ослободувњето на градот биле формирани девет општински и во сите населби селски (месни) народноослободителни одбори и тоа:

1. Градски народноослободителен одбор – Струга, претседател – Владислав Деребан, секретар – Петре Џигероски.
2. Општински народноослободителен одбор – с. Драслајца, што ги опфаќало следниве месни одбори: Драслајца, Биџево, Ливада, Мислешево, Мороишта, Ложани, Ново Село; претседател – Зарко Тасевски, секретар – Симон Попоски.
3. Општински народноослободителен одбор – с. Делогожда, што ги опфаќало следниве месни одбори: Долно Татеши, Горно Татеши, Корошишта, Поум; претседател – Мурат Цапри, секретар – Шериф Цапри.
4. Општински народноослободителен одбор на Караормаската општина со следниве одбори: Збажди, Присовјани, Брчево, Луков, 'Ржаново, Глобочица, Богојци, Мислодежда; Панде Стојаноски, секретар – Бошко Савески. Седиштето на оваа општина било во село Збажди.
5. Општински народноослободителен одбор – с. Вевчани, Октиси, Горна Белица, претседтел – Васил Мукоски, секретар – Дамјан Калајџиески.
6. Општински народноослободителен одбор на Дримколската општина со седиште во с.Нерези, што ги опфаќало следните одбори: Нерези, Луково, Јабланица, Прискупштина, Безево и Лакајца; претседател – Нелко Јовчески, секретар – Јоне Фарукоски.
7. Општински народноослободителен одбор – с. Лабуништа, што ги опфаќало следните одбори: Лабуништа, Подгорци и Боровец: претседател - Гроздан Милошески, секретар – Стефан Мариноски.
8. Општински народноослободителен одбор – с. Велешта, со месните одбори: Велешта, Дабовјани, Ташморуништа, Долна Белица и Враништа; претседател – Лебит Бектеши, секретар – Јован Димитриевски.

[14] Околиски народен одбор Струга 1944 – 1952 год., фонд, Историски архив Охрид.

9. Општински народноослободителен одбор – с. Радолишта, со одборите: Радолишта, Заграчани, Франгово, Мали Влај, Радожда, Калишта; претседател – Азис Максут, секретар – Симон Кутаноски.

Според Уредбата за определување на бројот на населбите на територијалните подрачја и седиштата на месните народни одбори, од ноември 1945 година, селата Дренок и Модрич припаднале кон дебарската околија, додека селата Буринец и Селци, исто така и биле определени на дебарската околија, но по нивно барање останале во состав на струшката околија. Со истата уредба се укинале општинските народноослободителни одбори и на територијата на Струшката околија се формирале 26 месни народни одбори и тоа:

1. Местен народен одбор на Струга,
2. Местен народен одбор на с. Мислешево,
3. Местен народен одбор на с. Враништа во чиј состав влеглои с. Ложани,
4. Местен народен одбор на с. Драслајца, со с. Мороишта,
5. Местен народен одбор на с. Бицево, со с. Ливада и Ново Село,
6. Местен народен одбор на с. Делогожда, со с. Џепин и Корошишта,
7. Местен народен одбор на с. Мислодежда, со с. Поум, Богојци,
8. Местен народен одбор на с. Горно Татеши со Долно Татеши,
9. Местен народен одбор на с. Глобочица, со с. Брчево,
10. Местен народен одбор на с. Присовјани, со с. 'Ржаново,
11. Местен народен одбор на с. Локов, со селата Селци и Буринец,
12. Местен народен одбор на с. Луково
13. Местен народен одбор на с. Нерези, со селата Горно и Долно Нерези, Безево и Прискупштина,
14. Местен народен одбор на с. Јабланица, со с.Лакавица,
15. Местен народен одбор на с. Лабуништа,
16. Местен народен одбор на с. Боровец,
17. Местен народен одбор на с. Подгорци,
18. Местен народен одбор на с. Вевчани,
19. Местен народен одбор на с. Октиси,
20. Местен народен одбор на с. Вишни, со с. Горна Белица,
21. Местен народен одбор на с.Велешта,
22. Местен народен одбор на с. Ташморуништа, со с. Добовјани,

23. Местен народен одбор на с. Радолишта, со Заграчани,
24. Местен народен одбор на с. Долна Белица,
25. Местен народен одбор на с. Франгово, со Мали Влај и
26. Местен народен одбор на с. Калишта, со Радожда.[15]

[15] Околиски народен одбор Струга 1944- 1952 год., фонд Историски архив Охрид

## 1.4 РАБОТАТА НА ОДБОРИТЕ И НА НИВНИТЕ СЛУЖБИ ДО ИЗБОРИТЕ ЗА УСТАВОТВОРНА СКУПШТИНА

Широката разгранетост на органите на народната власт поставувала пред Секретаријатот на Извршниот одбор на Околискиот нардноослободителен одбор мошне сериозни задачи, особено кога се земала во предвид неразвиеноста на општествено-економската база, како и мошне лошата квалификациона структура на службениот апарат. Таквата состојба налагала повисок степен на организација во работењето на Секретаријатот на Иврршниот одбор за да би можела да го синхронизира дејствувањето на бројните органи на власта во подрачјето на Околијата и, истовремено, најнепосредно да им помага во решавањето на бројните проблеми.

Во тие повоени услови улогата на новата власт станувала се поголема. Пожртвуваната работа на месните одбори набргу ги дала и своите први позначајни резултати во организирањето на животот во населбите, и покрај сложеноста на ситуацијата. Па сепак, поради тоа што не располагала со најнеопходниот стручен кадар и со државно искуство, работата на одборите трпела од недостаток на системност и од непланско раководење. Покрај тоа иако вложувала максимални напори, Околискиот одбор не секогаш успевала да ја обезбеди нужната контрола врз целокупната активност на месните одбори.

Демократичноста во конституирањето на одборите и на нивните служби ја наложувала потребата народните претставници и службениците постојано да бидат во допир со народот, да им поднесуваат сметки за нивната работа, заедно со општествено-политичките организации, да дејствуваат во развивањето на идејно-политичката свест на масите и најактивно да се вклучат во изградбата на новите општествени односи. Ова, пак, од своја страна налагала посложена распределба на должностите во Секретаријатот на Извршниот одбор на Околискиот народноослободителен одбор, поради што биле формирани повеќе комисии: Комисија за воени злочини, Комисија за утврдување на воена штета, Комисија за воени богаташи. Подоцна, во склоп на Секретаријатот се формирале и други комисии: Комисија за спроведување на избори за Уставотворна скупштина, Комисија за давање помош на семејствата чиишто членови се наоѓале во редовите на Народноослободителната војска, Комисија за водење грижа за демобилизираните борци. Исто така, постоела и служба за

народни имоти која во својата надлежност ги имала прашањата што се однесувале за конфискација, национализацијата и експропријацијата на имотите, стекнати со експлоатација и со шпекулација пред и во време на окупацијата.

Во согласност со Упатството на Президиумот на АСНОМ за организацијата и работата на народноослободителните одбори, од 20 октомври 1944 година, се определиле основните насоки за функционирањето на органите на народната власт.

Дејствувањето на Извршниот одбор, на Пленумот и на одделите на Околискиот народноослободителен одбор се чувствувало во секојдневниот живот, како непосредно по војната, така и во натамошната обнова и изградба на земјата.

Заштитата на имотите и на личната сигурност, борбата против криминалот, прибирањето материјали и податоци за воените злосторници – била основната содржина на работата на Управниот оддел. Исто така во негова надлежност спаѓала и соработката со заднинските воени власти за извршување на конфискации, за организирање селски и градски стражи, пријавно-одјавна служба итн.

Стопанскиот оддел во првите години по ослободувањето бил оптоварен со многу проблеми својствени за ова подрачје.
Во негова компетенција била организирањето на целокупниот стопански живот: земјоделство, сточарство, ветеринарска служба, занаетчиство, трговија, рибарство и др.
Во прво време при Околискиот народноослободителен одбор на струшката околија постоел Оддел за снабдување и исхрана на населението и на војската, што подоцна се приклучил кон Стопанскиот оддел.

Последиците од војната биле насекаде присутни. Тоа на органите на народната власт најсериозно им наложувале да преземат соодветни стабилизациони мерки. Формирањето и непосредното управување со сите претпријатија (Градско народно претпријатие – Гранап, Околиско претпријатие Окопс и др.), било во компетенција на Околискиот народноослободителен одбор. Претпријатијата, со посредство на околиските органи, требало да обезбедуваат прилив на стока неопходна за населението.

За задоволување на нужните животни потреби на населението, Околискиот народноослободителен одбор обезбедувал и посебни резерви. За распределба на прехрамбените продукти прво се грижел Одделот за снабдување и исхрана, а подоцна Стопанскиот оддел. Во тој период имало и меѓусебна размена и заемно помагање со одредени стоки помеѓу соседните околии Охрид, Струга и Дебар, што влегувале во составот на Окружниот народноослободителен одбор во Охрид. Стопанскиот оддел исто така се грижел и за навремено и целосно исполнување на планот за есенската сеидба, за запазување на шумското богатство и за унапредување на сточарството и риболовот. Со активно зафаќање на сите сектори на стопанството, народните одбори станале значаен фактор во општествено-стопанскиот живот.

Социјалниот оддел активноста ја насочувал во давање на потребната помош на социјално загрозените семејства и на семејствата на паднатите борци. Преку овој оддел Околискиот одбор давал помош во брашно, жито и во парични сретства на околу 1.000 семејства. Посебна грижа била изградбата на куќите во изгорените села - Локов и Радолишта. Во нив и во некои други села се изградиле 157 куќи.

Здравствениот оддел бил организиран од страна на околиската здравствена служба: Централна амбуланта, Државна болница и Противмаларична станица. Во прво време се работело со стручен кадар недоволен за подрачје од 37. 437 жители, сепак овие служби добро се снаоѓале во мошне сложената здравствена ситуација во овој крај (маларија и др. заболувања).

Просветниот оддел, покрај сосема неповолните услови за работа, веданаш по ослободувањето успеал да ја организира училишната мрежа, така што во учебната 1945/46 година на подрачјето на струшката околија биле отворени 41 основни училишта, во речиси сите насеби. Овој оддел исто така, развил особена активност во областа на општонародното просветување: аналфабетски курсеви, организирање културно-забавен живот заедно со општествено- политичките организации итн. Во таа почетна фаза, учителите го дале својот огромен придонес за културната преобразба на селото.

Финансовиот оддел бил насочен кон оспособување на стручна служба која би била кадарна да ги согледа сите можни извори на финансирање и да ги

обезбеди средствата потребни за правилно финансирање на службите во Околискиот одбор.

На сличен начин ја остварувале својата активност и другите оддели. Благодарение на вонредното залагање и на ентузијазмот на субјективниот фактор, и покрај неповолните услови, тие покажале добри резултати.

Работата на Околискиот народноослободителен одбор не можела да се замисли без неговата тесна поврзаност со месните народни одбори, односно со општинските народноослободителни одбори, кои биле во непосреден допир со населението.

Во текот на 1945 година се спровеле избори за народни претставници од најниските до највисоките органи на народната власт. На изборите дошол до полн израз единството на народот што се манифестирало преку кандидирањето на најзаслужните граѓани на ова подрачје.[16]

Одѕивот на избирачите бил импозантен. Покрај кутијата на кандидатот на Народниот фронт, имало и таканаречена кутија - „ без кандидат“ – во која гласале оние граѓани кои не ја прифаќале политиката на Народниот фронт.

Резултатите од изборите, на кои гласале 96% од запишаните избирачи, била уште една револуционерна победа на Народниот фронт. Во неговата листа, на која кандидати биле Крсте Црвенковски и Владо Малески, гласале сите народи Македонци, Албанци, Турци и Власи. Кутијата без кандидатска листа останала речиси празна.[17]

[16] Околиски народно- ослободителен одбор Охрид 1944 год., кутија I. Историски архив Охрид
[17] Собрание на општината Струга – Писарница при Општина Струга.

## 1.5 ХРОНОЛОГИЈА НА ОПШТЕСТВЕНО- ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Во струшката Општина (до 1952 година струшката околија), покрај органите на народната власт и органите на работничкото и општественото самоуправување, дејствувале и општествено-политичките организации. Нивната активност во голема мера придонела за развојот на социјалистичката свест на граѓаните во Општината, за нивната мобилизација во решавањето на стопанските, културните, просветните, здравствените, социјалните, комуналните другите проблеми како и за изградувањто на меѓучовечките односи на самоуправна социјалистичка основа. Тие, заедно со органите на народната власт и со другите самоуправни органи се составен дел од механизмот на социјалистичката демократија во Општината.

Активностите од ослободувањето до денес може да се согледа според следнава периодизација:

а) Период од 1945 до 1952 година, кога Струга е околински центар;

б) Период од 1952 до 1955 година, кога Струга и нејзината околија се состав на Охридската околија;

в) Периодот од 1955 до 1957 година, кога ситните општински организации окрупнуваат, така што на подрачјето дејствуваат три општини со општински и базични организации ( Струшка, Дримколска и Караорманска);

г) Периодот од 1957 година, кога на целото подрачје на Општината дејствува единствена општинска организација со свои базични организации.

Насочувајќи ја својата активност во духот на Статутот на КПЈ односно на СКЈ, Комунистичката Партија, т.е. Сојузот на комунистите (по VI- иот Конгрес на СКЈ), како организација на најпрогресивните сили во Општината (Околијата), изминатиот период е основниот поддржувач во Општината, кој својата активност ја одвива почнувајќи од базичните организации, па преку месните и општинските комитети, до Околискиот комитет и Општинската конференција.

Во период од 1945 до 1952 година, кога Струга е околински центар, на подрачјето на Околијата, како највисок орган на Комунистичката Партија, е Околиската партиска конференција составена од делегати на основните организации, која се свикувала секоја втора година и избирала како извршно-политичко тело Околиски комитет на Партија, со политичко биро и политички

и организационен секретар. На функцијата политички секретари на Околискиот комитет во овој временски интервал биле: Филип Брајковски, Иван Ќулуковски, Живко Мартиноски, Боро Петкоски и Славе Попоски, а организациони секретари: Илија Балоски, Наце Калајџиески, Боро Петкоски и Џемаил Таири. Покрај политичкиот и организациониот секретар, како политички работници при Околискиот комитет работеле и инструктори, одговорни за одделни сектори од општествениот живот во Околијата (инструктори за село и др.).

На теренот покрај базичните организации (ќелии), кои можеле да бидат поделени на одделенија, работеле и месни комитети. Така на пример во градот Струга во период од 1950 и 1951 година работел месен комитет од 7 членови чиишто политички секретари биле: Митко Добрески, Климе Лазароски и Трајан Негриески, а организационен секретар Димче Кукунешоски. Но, сите месни комитети немале и политички и организационен секретар.

Секое село и работна организација имало основна организација (партиска ќелија), а поголемите организации во установите и во работните организации биле поделени во одделенија.[18]

Во период од 1952 до 1955 година на подрачјето на струшката општина дејствувале 8 општински комитети во рамките на охридската околија и тоа: Струга, Радолишта, Велешта, Вевчани, Лабуништа, Луково, Драслајца и Мислодежда.

Секретар на Општинскиот комитет во Струга бил Јаков Попоски, во Радолишта Митре Јулоски и Никола Вранишкоски во Велешта Цветан Аврмоски, во Вевчани Живко Даскалоски и Неџип Ибушоски, во Лабуништа Коста Пејоски и Петре Џутески, во Луково Петре Филкоски и Блаже Колоски, во Драслајца Томе Крстески и во Мислодежда Боге Трајаноски.

Во период од 1955 до 1957 година, со новото комунално уредување, на подрачјето на струшката општина функционирале три општински комитети во рамките на охридската оклија и тоа: Општински комитет Струга (составен од поранешните општински комитети на Струга, Радолишта, Драслајца, Мешеишта и Требеништа), Општински комитет Велешта (сосотавен од поранешните комитети на Велешта, Вевчани и Лабуништа) и Општински

[18] Група автори, Струга и Струшко, Собрание на Општина Струга, 1970 стр. 122-125

комитет Луково (составен од поранешните општински комитети на Луково и Мислодежда).

Општинскиот комитет во Струга бил составен од 17 членови. За секретар бил избран Џемаил Таири. Секретари во другите Општински комитети биле: во Велешта Петре Џутески, во Луково Блаже Колоски.

Во 1957 година, кога повторно се реорганизирале општините во составот на Струшката општина влегуваат и општините Велешта и Луково. На 29.IX.1957 година се избира нов Општински комитет составен од 25 членови и Секретаријат како негово извршно тело од 7 членови. За секретар на новиот Општински комитет бил избран Џемаил Таири.

Во период по ослободувањето Сојузот на комунистите бил основниот носител на прогресивни акции: изградба на училишта, патишта, формирање задруги, изградба на задржни домови и др.

Од ослободувањето до 1952 година во струшко, со седиште во Струга, дејствувал Околискиот одбор на Народниот фронт. Во овој период претседатели на Оклинскиот одбор на НФ биле: Филип Брајковски, Иван Ќулукоски и Славе Попоски, кои во исто време ја извршувале и функцијата политички секретари на Околискиот комитет на Партијата. Покрај Околискиот Народен фронт, во населините места во Околијата постоеле и месни организации на Народниот фронт.

Организацијата била ориентирана кон мобилизирање на масите за решавање на низа комунални и други проблеми, а посебно во изградба и поправка на патишта, спроведување на разни други акции, изградба и поправка на училишта, при што посебно се евидентирале доброволните работни акции, спроведување на избори за претставнички тела.

## 1.6 ФОРМИРАЊЕ НА СОЈУЗИ, ЗДРУЖЕНИЈА И ОРГАНИЗАЦИИ

Во почетокот на 1946 година бил основан Околиски синдикален совет – Струга. Покрај него, во градот работел и Местен синдикален совет, а во работните организации синдикални подружници со свои раководства. Во раководствата на Околискиот синдикален совет, на Месниот и на подружниците вкупно биле ангажирани 60 синдикални работници. Во 1947 година нивниот број бил наголемен на 106, а во 1948 на 146.За првпат во 1948 година бил поставен платен функционер. Претседател на Околискиот синдикален совет бил Владо Димоски.

Во овој временски интервал Околискиот синдикален совет својата работа ја извршувала врз база на програмирана активност.

Во 1949 година, се одржало Околиско собрание, каде се избрал Извршен одбор на Околиски синдикален совет од 10 членови. За претседател бил избран Илија Цизалоски. Во 1950 година бојот на членовите на Извршниот одбор се зголемил на 17. За претседател бил избран Петре Џутески.

Во овој период имало 20 синдикални подружници, а вкупниот број на членовите на Синдикатот во Општината изнесувал 1.050.

Околискиот синдикален совет во Струга функционирал до 31 март 1952 година, потоа се укинал, а синдиклните организации од оваа територија се приклучиле кон Околискиот синдикален совет – Охрид. Во Струга до 1956 година работел само Местен синдикален совет. Такви совети имало и во другите општини во струшко.

Синдикалната организација во Општината својата акција ја имале насочено во мобилизирање на своето членство за извршување на задачите што се поставувале во рамките на стопанската и општествената реформа, во доследното споредување на политиката за самоуправно рашавање на проблемите, во работните организации - за поголема активност на нивните самоуправни органи, за остварување на принципот на наградување според резултатите на трудот и др.

## МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Во текот на октомври 1944 година бил формиран првиот Околиски комитет на СКОЈ, а за прв секретар бил избран Димитри Белески. Веднаш потоа се презела акција за проширување на скоевската организација во сите населени места во Општината. Исто така биле формирани и првите селски и општински организации на НОМСМ во полуослободента територија: Вевчани, Дримкол и Караорман.

По ослободувањето, Околискиот комитет се проширил со нови активности од редовите на младинците од целата територија на ова подрачје. За прв секретар по ослбодувањето бил избран Јонче Котески, од Дебарца, но набрзо после неговото заминување, за нов секретар бил избран Кочо Кочоски, од с. Јабланица. Покрај Околискиот комитет, во градот бил формиран и Градски комитет на НОМСМ, чиј прв секретар бил Јаков Попоски. Комитетот го сочинувале 8 членови. Нивната активност била свртена кон обнова и изградба на земјата со учество на младинците во разни работни акции. Овие комитети функционирале до 1946 година, кога се извршил избор на нови.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ

Во првиот период по ослободувањето оваа организација имала за цел во своите редови да ги зачлени сите жени што имале желба да работат во оживотворување на политиката на Комунистичката Партија на Југославија. Нејзината активност посебно била насочена во организирање разни акции: доброволни прилози, изградба на разни објекти во Општината, отстранување на ферецето, отварање детски кујни, изградба на задружни домови, описменување на неписмените жени и др. [19]

[19] Група автори, Струга и Струшко, Собрание на Општина Струга, 1970, стр.143- 148

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

Основна цел на оваа организација била здравственото просветување на населението, социјална дејност и развивање на меѓучовечката солидарност и хуманост.

Во 1945 година, веднаш по формирањето на Општинскиот одбор и основните организации, се отпочнало со организирање помош за населението кое пострадало во војната, употребувајќи за таа цел не само сопствени материјални средства, туку и меѓународна помош.

# II. ПОСТАВУВАЊЕ НА ОСНОВИТЕ НА КУЛТУРНО – ПРОСВЕТНИОТ ЖИВОТ ВО СТРУГА И СТРУШКО

## II.1 КОНСТИТУИРАЊЕ НА КУЛТУРНО- ПРОВЕТНИТЕ ОРГАНИ ВО МАКЕДОНИЈА

Многу причини влијаеле, уште во текот на НОАВМ, со создавањето на слободните територии и со развојот на органите на народната власт, императивно да се надмине потребата за раскинување со затечената состојба во културно-просветниот живот. Тоа значело да се прекинат процесите на инерција, кои со посебна сила се искажале и во културно-просветниот живот, да започне процес на институционално поставување и зацврстување на новиот концепт на културно-просветната политика што секако е една од главните цели на Револуцијата, според тврдењето на некои политиколози.

Прифаќајќи ја народнофронтовската ориентација за борба против ненародна просвета, КПЈ била свесна дека широките народни маси, со учество на НОАВМ, се залагале и за создавање на единствен просветен сиситем. Познат е фактот дека општествените односи се менувале уште во текот на војната, се менувале со градење поправедно општество, во кое се гарантира еднаквост на слободата на сите граѓани, без разлика на национална припадност. Општеството во кое сите граѓани имаат право на бесплатно образование и воспитание, во кое обврските се делат на сите општествени слоеви или, како што заклучува професорот Д. Биланџиќ, „се создава општествена визија на иднината", визија за нов културно-просветен живот.[20]

Анализата на институционалното поставување на просветните органи на власта во текот на НОАВМ, води кон констатација дека низата бројни нацрти, предлози, упатства, значајно место во изградбата на државниот просветен апарат, преку кого се спроведувала културно-просветната политика, имало и едно Упатство на НКОЈ - Поверенство за просвета, т.е Упатство за реорганизација на просветата, од 13 мај 1944 година.[21] Од содржината на овој

[20] D. Bilandžič, *Iluzije i perspective*, Zagreb 1982, 115.
[21] Upatstvo NKOJ- a o organizacii prosvete, *Prvo i Drugo zasedanje AVNOJ-a*, Sarajevo 1963, 245-246; S. Nešovič i B. Petranovič, *AVNOJ i Revolucija, tematska zbirka dokumenata 1941- 1945*, Beograd, 1983, 288-289.

акт се гледа дека основни носители и спроводници на новата културно-просветна дејност биле НОО. Тежиштето на целокупната просветна организација била во надлежност на извршните одбори на НОО или, пак, на претставничките собранија. Челно место во оваа организација имало, Повереноството, односно Министерството за просвета.

Познато е дека сугестиите и предлозите на Президиумот на АСНОМ имале позитивно влијание врз определувањето на политиката за зајакнување и развивање на институционалните форми во областа на културата и просветата. Президиумот на АСНОМ, кој во почетокот на своето конституирање вршел функции на привремена влада, уште на неговата прва седница, на 6 август 1944 година, во селото Рамно, Кумановско, решил да се преземат „сериозни и ефикасни мерки" да се подобри положбата во сите сфери од општественото живеење - со цел да се спречат било какви претстојни компликации и во културно-просветната сфера. Имено, Президиумот ги презел првите чекори за организационо оформување на државните просветни органи на власта. На првта седница, покрај другото, Президиумот донел одлука и за формирање осум оддели (повереноства),[22] меѓу кои и Повереноство за просвета, на чие чело, како прв повереник, бил професорот Епаминонда Поп Андов.[23] Со оваа одлука Повереноството за просвета се дефинира како дел од централната државна управа, на кој му припаѓа врховната и надзорната управа над сите јавни културно-просветни институции во Македонија. При Повереноството за просвета постоеле четри одделенија. Во 1944/45 година прв референт на Повереноството за просвета бил професорот Димче Стојанов Мире, родум од Прилеп, кој во почетокот на 1945 година бил назначен за повереник на Повереноството, а за негов заменик, односно референт за просвета бил именуван професорот Љубен Лапе.[24]

Со формирањето на Владата на НРМ (14-16 април 1945 година), се зајакнува и државниот апарат, следствено на тоа и просветниот. Формирано е Министерството за просвета на НРМ. За прв министер бил избран Никола

[22] ДАРМ,фонд: АСНОМ, 1944, к.2. Записник бр. 1 од седницата на Президиумот на АСНОМ, од 6 август 1944; *АСНОМ Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ,* том I, КН. 1, 159, 161.
[23] Епаминонда Поп Андов е роден во Струмица, завршил Филозофски факултет, бил член на Президиумот на АСНОМ.
[24] ДАРМ, фонд: Министерство за просвета на НРМ (1945-1951), на фондот 170, к.1, ае. 1/1, Организациона шема на Повереноството за просвета на ДФМ за 1944/1945.

Минчев, по професија учител, родум од Кавадарци, а за помошник министер Љубен Лапе, професор по историја, родум од Прилеп. Во надлежност на Министерството за просвета се наоѓале сите просветно-културни и просветно-хуманитарни институции и организации кои работеле во духот на народното просветување на населението, книжевните и уметничките друштва и слично.[25]

Во своите дискусии Народното Собрание на НРМ, пратениците од просветните власти барале да изнајдат модел со цел да го променат културното милје што репродуцирало аналфабетизам. Се инсистирало на работа којашто не само што ќе го описмени населението, туку ќе го донесе и до книгите и трајно ќе го издигне над средината во која царувал аналфабетизмот и примитизмот од секаков вид. Се тежнеело кон долготрајна и осмислена културно-просветна работа, во која свое учество ќе земат многубројни просветни и културни институции и училишта, народни универзитети, библиотеки, читачки групи, аналфабетски курсеви итн.. Посебно е предупредувано дека културно-просветната дејност просветните органи најбрзо и најефикасно можат да ја развиваат во оние средини кои напредуваат во целина и каде што културно-просветната политика се развива паралелно со општествените интереси. Се барало просветната организација да претставува целосен органски систем и да делува по единствен план и на единствена основа, сообразена со сојузниот просветен систем во Југославија.

Најголемите компетенции во областа на културата и просветата ги има министерот за просвета, лице кое се наоѓа на челното место во севкупниот просветен организационен систем. Важно е да се напомене дека сите работи кои се однесуваат на основањето и работата на културно-просветните институции, како и нивното одржување и снабдување со потребни помагала се под надлежност на министерот. Министерот за просвета ја преставува Владата на НРМ во секторот на културата и просветата и под врвен надзор на Владата на НРМ, сите должности ги извршува, врз основа на постојните закони. Неговите компетенции во областа на просветата и културата се во склоп со генералната линија на државната културно-просветна политика. Должностите кои ги извршува министерството за просвета се многубројни и влијаат врз

[25] Александар Т. Христов, *Владата на Народна Република Македонија, политичко- извршните и управните органи*, Скопје, 1977, 70-83; Види: Л. Лазаров, *Општествено- економскиот развој на НР Македонија*, Скопје, 1988.

реализацијата на државниот модел на културно-просветната политика. Од еден извештај (од 19 декември 1945 година), може прецизно да се види организационата физиономија на Министерството за народна просвета во втората половина на 1945 година.[26] Во организационен поглед, Министерството било структуирано од четри одделенија: општо во кое имало четри отсеци (персонален, статистички, сметководствен и архива); одделение за школство, со три отсека (за основно, за средно образование и контролно-инструкторски отсек); одделение за општонародно просветување, со три отсека (за организација на народното просветување, за филм и за фискултура); и одделение за наука, култура и уметност, со два отсека (за култура, уметност и музика). Под надлежност на Министерството за просвета се наоѓало и државното книгоиздателство, чија цел било издавањето учебници и книги наменети за општонародно посветување. Во сосотавот на Министерството за просвета, како важен советодавен орган, дејствувал Просветниот совет, кој имал задача да го одржува органското единство на целокупната просветна работа, да дава иницијативи предлози за училишни и просветни реформи. Покрај другите, при Министерството за просвета работеле и две комисии: Комисија за утврдување на штетите направени од окупаторот над културно-историските споменици и Комисија за зачувување на културно-историските споменици и природните реткости.

Во 1946 година, во организационен поглед, Министерството се состоело од пет одделенија.[27] Покрај нив, биле формирани и два отсека: за сметководство, раководен од Никола Стојков, и за статистика, од Славко Пајвански.[28]

Во втората половина од 1946 година настануваат незначителни промени во Министерството за просвета во организациски поглед.[29] Покрај двата

---

[26] ДАРМ, фонд: 170, к.2, ае. 15/23-24.

[27] Тоа биле одделенијата: Персонално, началник Костадинка Кусева; контролно, началник Трајко Атанасов; за школство, Димче Леков; за народно просветување, Киро Хаџи Василев, а потоа Митко Илиев; за култура и уметност, раководено од Блаже Конески. Види: ДАРМ, Скопје, фонд: 170, к.1, ае. 3/4- 12, Организациони шеми за поставеноста на Министерството за просвета на ДФМ во 1946.

[28] ДАРМ, фонд Претседателство на Владата на НРМ, 1946, к.11, ае.18.

[29] Во 1946 г. За помошен министер е назначен Димче Левков. За началник на одделението за школство е назначен Методија Соколоски, на одделението за народно просветување Митко Илиев; на одделението за култура и уметност Диче Коцо.

отсека, формиран е и отсек за стручна настава, раководен од Николина Јанева.[30]

Во јануари 1947 година е извршена реорганизација на просветниот апарат во Министерството. Извршени се персонални промени кои ги следеле промените во Владата, како и секое ново поставување на министер за просвета. Во почетокот на јануари 1947 година, за министер во Министерството за просвета, со Указ на Владата на НР Македонија, е назначен Киро Хаџи Василев.[31] Во почетокот на оваа учебна година се укинуваат отсеците за статистика и стручна настава, кои, во организационен поглед, ќе влезат во соодветните одделенија, а останува отсекот за сметководство.

Исто така, и во наредната 1948 година, со доаѓањето на Димче Мире за министер за просвета, извршени се промени на раководниот кадар во Министерството.[32]

*Просветното одделение* – се грижело за регулирање на личните односи на персоналот, подреден на Министерството; за одржување на културно-просветни и училишни врски во странство (конгреси, научни патувања, меѓународни изложби, прослави итн.), за просветувањето на луѓето кои живееле надвор од државата, покажувало интерес за проучување на предлози за состав на буџетот. Значи, во делокругот на работата на персоналното одделение било спроведувањето на училишните закони и надзор над нивната примена, евиденција и надзор над целокупниот персонал во Министерството за просвета и на државните службеници во културно-просветните институции, како и евиденцијата на учителските и педагошките друштва, проверувањето на учителските квалификации. Освен тоа, подготовки за дочек на странски учителски екскурзијанти, а се грижело и за државните печатарски претпријатија. Посебно место во делокругот на работата на персоналното

[30] ДАРМ, фонд: 170, к.1,ае. 3/4 -12, Организациони шеми за поставеноста на Министерството за просвета на НРМ за 1946.

[31] Во 1947 г. помошен министер бил Димче Леков; за началник на персоналното одделение е назначена Костадинка Кусева; на одделението за школство Методија Соколоск, а потоа Нада Ачкова; началник на планско одделение бил Јордан Белогаски; на одделението за народно посветување Митко Илиев, а потоа Лазар Лазаровски и Будимка Сарафова; на одделението за култура и уметност Иван Точко.

[32] За заменик на министерот останува Димче Левков, за началник на персоналното одделение е назначена Будимка Сарафова; на планското одделение Јордан Белогаски; на одделението за школство Илија Јанкуловски; на одделението за народно посветување Олга Арсова, а потоа Митко Илиев; на одделението за култура и уметност останува Иван Точко.Новина во оваа година во организационата поставеност на Министерството за просвета е и формирањето ново наставно одделение, раководено од Нада Ачкова.

одделение имаат персоналните прашања како што се поставувањето, преместувањето, префрлувањето и други служби, отпуштањето, пензионирањето, собирањето податоци за оценување на работата на просветните работници, унапредувањето, изработка законски нацрти, уредби, правилници, решенија и други акти со кои се регулира административната работа од општа природа во Министерството за просвета.[33] Со воведувањето надзор над персоналните прашања, Владата на Македонија, добива ефикасно средство за елиминирање на сите оние кои не сакаат доследно да ја спроведуваат прокламираната политика на државната власт во културно-просветната област. Затоа со оглед на дејноста што ја извршувало персоналното одделение при Министерството за просвета, како што забележал Блаже Конески во еден напис, ова одделение претставува „инструмент за ефикасно контролирање на целокупната работа во културно-просветната политика".[34]

*Одделение за култура и уметност* - под своја надлежност ја имало дејноста на театарот, уметничките школи и академии и дејноста на културните установи воопшто. Освен тоа, изработувало законски проекти, уредби, правилници со кои се регулирала работата на културно-уметничките институции, водело евиденција и надзор над работата на културните институции (театри, музички школа, уметнички школа, музеи и друго), се грижело за организирање концерти, претстави и изложби, за дејноста на Здружението на ликовните уметници итн.. Исто така се грижело за дејноста на разни пеачки и играорни друштва и вршело надзор над нивната уметничка работа. Водело евиденција за сите домашни уметници, ги регистрирало сите нивни публикации и уметнички дела, откупот на нивните дела, доделувањето на стипендии од обласата на уметноста и книжевноста, распишувањето конкурси за разни награди. Посебно внимание посветувало на евиденцијата на сите книжевници, уметници и уметнички друштва. Се грижело за организација на ликовните изложби, книжевни вечери, концерти и за настап на уметниците во земјата и во странство, ги потпомагало сиромашните уметници и книжевници, вршело контрола над кинопретставите и се залагало во нив да се прикажуваат филмови коишто позитивно ќе влијаат врз културниот и оралниот

---

[33] ДАРМ, фонд: 170, к.1 ае. 11/56- 58,
[34] ДАРМ, фонд: 170, к.3 ае. 20/109- 112,

живот на младата генерација. Значи, ова одделение вршело надзор над филмовите и филмската репродукција. Под негова компетенција било и донесувањето одлуки за одобрување проекти за подигање јавни споменици. Посветувало грижа и за уметничките старини, за прибирање на народни умотворби, мелодии и мотиви и за нивно публикување. Исто така, водело евиденција за она што се пишувало на страниците на странскиот печат за разни публикации кои се однесувале на поедини уметнички настани во Македонија. Организирало предавања од областа на книжевноста и уметноста, ги потпомагало, археолошките испитувања и уметничките реставрации, собирањето податоци за сé што е во интерес на развојот на книжевноста и уметноста во Македонија. Се грижело за општ културен напредок во земјата и давало потребни информации за тоа.[35]

*Одделение за настава* - Идејата за формирање посебно одделение за настава, во 1948 година ги даде очекуваните резултати. Во својот делокруг на работа, ова одделение имало задача да подготвува закони, уредби, правилници, решенија и други акти од воспитно-наставната работа во народни, основни, средни училишта, учителски школи, гимназии, да изработува наставни планови и програми за сите видови училишта, да дава иницијатива за училишни и просветни закони, реформски зафати и во врска со тоа да дава значајни предлози. Во фокусот на интересот на работата на ова одделение било прашањето за учебници и учебни помагала што се неопходни во наставно-воспитниот процес. Одделението вршело инструктивен надзор над воспитната работа во наставата. Се грижело за сите работи од педагошко- дидактичка природа (за изработка на наставни планови и програми, за давањето инструкции во дејноста на просветните работници и за повеќето прашања поврзани со учебникарското дело); за училишните библиотеки и кабинети, за изработка, усогласувањето и обединувањето на училишната терминологија и номенклатура на сите предмети.[36] Во неговата надлежност е евиденцијата на училиштата, како за бројот на децата обврзани да посетуваат училиште, така и за преземање мерки за спроведување на законските одредби за задолжително школување во основното образование. Одделението давало иницијативи за отворање нови училишта, вршело надзор над извршените пописи за опфатот на

[35]ДАРМ, фонд Претседателство на Владата на НРМ, к.11 ае. 204.
[36] ДАРМ, фонд: 170, к.1 ае. 15/81- 82

децата од народностите, се грижело за хигиената во училиштата и друго. Се грижело за сé она што се однесувало на унапредувањето на наставата во училиштата.[37]

*Отсекот за сметководство* - под своја надлежност ја имало целокупната работа поврзана со буџетот и со подготвувањето предлози од областа на финансиското работење.[38]

*Отсекот за статистика* - се грижел за собирање податоци од бројната состојба на училиштата, учениците и наставниот кадар, за составот според пол, кфалификација, социјална и национална структура, за статистичките податоци за успехот на учениците. Водел статистика за културно-просветните институции и слично. Собирал разни статистички податоци за писменоста на населението во Македонија и сé друго што овозможувало полесен увид во областа на школството, во воспитно-образовниот процес и во културно-просветниот живот воопшто.[39]

*Контролното одделение* - имало за задача да врши надзор и контрола врз работата на сите културно-просветни институции и на тој начин се создавала можност за поголема интервенција на државата во областа на културно-просветната сфера.[40] Контролата врз работата на просветно-културните институции ја вршело преку своите соодветни органи, просветните инспектори.

*Одделение за народно просветување* - Преку неговата активност јасно е истакната една од доста важните цели на културно-просветната политика - подигањето на просветното ниво на широките народни маси. Работата на ова одделение во областа на народното просветување била јасна и тоа претставувало една од важните компоненти на општествениот развиток.

Министерството за просвета извршило многубројни задачи. Ги востановило македонската азбука, македонскиот правопис и македонската граматика, издало терминологија на македонски јазик, формирало комисија за изработка на терминологија и за другите предмети. Формирало комисии за

---

[37] ДАРМ, фонд: 170, к.1 ае. 16/83- 93, Организациони шеми со извештај за промените во организационата структура на Министерството за просвета на НРМ од 31.12.1950.
[38] Истото
[39] ДАРМ, Скопје, фонд: 170, к.1 ае. 20/102- 119, Списоци на кадарот на Министерството за просвета на НРМ, според организационата поставеност од 1945- 1948.
[40] ДАРМ, Скопје, фонд: 170, к.2 ае. 3/3. Извештај на контролното одделение при Министерството за просвета на НРМ од 29.октомври 1948.

изработка на наставни планови и програми за основните и за средните училишта. Програмите се изработувале во скратен вид и биле давани напатствија за работа по секој предмет. Биле издадени повеќе напатствија, меѓу кои: напатствие за одржување стручни конференции, напатствие за начинот на оценување на учениците, напатствие за работни денови, со цел да се навикнат учениците на физичка работа, напатствие за создавање поголема дисциплина и самодисциплина на учениците. Исто така, испратени биле повеќе апели до учениците и учителите за собирање доброволна помош за единиците на македонската војска. Важно место во својата културно-просветна политика Министерството посветило на средното и високото образование. Во јасно определената цел се гледа формирање на интелектуална елита, создавње и стручно подготвување на таква категорија млади луѓе, кои ќе бидат со еднакви права и привилегии, а истовремено ќе имаат должност и задача да го претставуваат интелектуалното водство на државата и народот.

## II.2 ПОЗНАЧАЈНИ ОБРАЗОВНИ И КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ И ДЕЈНОСТИ ВО СТРУГА И СТРУШКО

### ОПИСМЕНУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Претходната српска асимилација на вардарскиот дел од Македонија (1918-1941) и бугарската[41] и големоалбанска политика[42] во текот на Втората светска војна, го оставија школството и образованието во Македонија, во навистина хаотична состојба. Така, уште на самиот старт, новата власт се судри со масата неписмено население и со разрушена образовна инфраструктура. Меѓу првите мерки на органите на народната власт во Демократска Федерална Македонија спаѓаше преземањето на брза интервенција најпрво за обнова на постојните, а потоа и за изградба и отварање на нови објекти и изнаоѓање соодветни форми за описменување и образование на населението. Во тие рамки, Президиумот на АСНОМ (на своето Трето заседание од 2-5.09.1944 година) ги носи и првите упатства на планот на просветата каде влегувале и решенијата за организирање на аналфабетски курсеви, за отварање на учителска школа, за траењето на средното и основно образование итн. Притоа било

[41] Во рамките на бугарската окупација, посебна грижа била посветена на работата на образовните институции преку кои упорно се всадувал бугарскиот национален дух кај младите генерации. Исто така, биле организирани и соодветни курсеви за возрасни на кои се изучувал бугарскиот јазик и бугарската национална историја. Покрај училишната и црковна мрежа, за ширењето на бугарската пропаганда во Македонија биле користени и други средства како; секојдневни радио емисии, предавања, написи во дневниот и периодичен печат, преку организирање на политички, културно-просветни и други друштва и организации итн.

[42] Најсилен акцент во рамките на денационализаторската политика на албанските квислинзи, во фашистичката творба "Голема Албанија", каде влегле териториите од италијанското окупационо подрачје во Македонија, бил фрлен врз школството. Така, за прв пат во својата историја, македонските деца морале да посетуваат албански училишта во кои, наставата се изведувала на албански јазик. Албански училишта биле отворени, главно, во градските и општински центри бидејќи учителите биле доведувани од Албанија и евидентно се чувствувал недостигот на кадри. Во училиштата, меѓу другото, биле отворени и посебни курсеви за изучување на албанскиот јазик, како за учениците така и за селското население (Види: Тодоровски Глигор, Окупацијата на Западна Македонија, ИНИ, Скопје 1975, 16-18).

утврдено "основната школска настава" да трае седум година додека "средната настава" да трае пет години[43]. Во текот на месец септември 1944 година, Поверенството за просвета со циркуларно писмо се обраќа до обласните народнослободителни одбори со барање да ги забрзаат поготовките за отварање на училиштата во рамките на својата територија.

Просветните органи на новата власт евидентирале 297.000 неписмени лица над 10 годишна возраст, односно 67,5% од вкупното население во Македонија, при што особено била кртична состојбата со 9/10 неписмено население од женската популација[44]. Истата ситуација е и во струшкиот регион. Поради големиот број неписмени лица како наследство од минатото (14.629), прашањето за ликвидирање на неписменоста зазело едно од најважните места во новата просветна политика.

Покрај отворањето на новите и обновување на старите училишта, во рамките на сеопштата просветна политика биле вложувани големи напори за описменување на масата неписмено население (возрасните) и нивно културно-просветно издигање на едно повисоко ниво. Така, органите на теренот пристапиле кон оживотворување на Решението за организирање *аналфабетски курсеви* што Президиумот на АСНОМ го донесе уште во септември 1944 година, пред сé, заради "подигање на писменоста на народот"[45].

Борбата за описменување на населението се спроведувала низ повеќе аналфабетски курсеви организирани во целиот струшки регион. Според извештајот на Просветниот оддел при Народниот одбор на Стршката околија, во период од 1945-1950 година биле опфатени во 355 аналфабетски курсеви 12.629 граѓани, од кои 7.371 се описменувале или 49,2 % од вкупниот број на опфатените аналфабети.

---

[43] *АСНОМ, Документи*, том I, кн.1, АМ, Скопје 1984, док бр.77, 78 и 79 (решенија).
[44] В. Ачкоска, *Првите чекори на просветната политика во НРМ со посебен осврт на Велес и Велешко (1944-1950)*, "Велес", год. VI, бр. 6, Велес 2002, 39..
[45] *АСНОМ, Документи*, том I, кн.1. Скопје 1984, док. бр. 77 (Решение за организирање аналфабетски курсеви).

Покрај тоа, биле организирани виши аналфабетски и општообразовни курсеви: во период од 1948 до1951 година 52 курсеви за основно образование во кои имало 1.131 кандидати. Овде особено актуелно било прашањето на неписменоста на малцинските жени, заради што државата водела посебна грижа. Токму неписменоста се сметала за основна "кочница за натамошниот културен и политички развој" на малцинските жени заради што основните партиски организации добиле задача најитно да пристапат кон опфаќање на сите неписмени жени во аналфабетски групи и индивидуално описменување. Покрај описменувањето се барале можности и за отварање на разни курсеви од некоја домашна или занаетчиска дејност - шивачки, плетачки, домаќински итн.[46] Во рамките на Струга и струшко биле биле организирани курсеви за семејно и домаќинско просветување на женската младина. Десет вакви курсеви успешно завршиле со работа во 1950 и 1951 година, со 285 младинки во селата: Велешта, Добовјани, Франгово, Октиси и Долна Белица, а просветно-домаќински во: Струга, Вевчани и Лабуништа.

Во рамките на сеопштото народно просветување, во описменувањето и подигањето на културно-образовното ниво на населението, особено важна улога одиграле *народните универзитети* во градот и околината. Така, на пример, само во 1951 година во Струга и во селата работеле 22 народни универзитети, на чиишто предавања, читачки групи и кружоци присуствувале 11.825 слушатели.

Борбата за описменување на населението продолжува и во текот на наредните години. Органите на теренот, континуирано работеле на планот на описменувањето како и за завршување на основното училиште на поголем број од населението без образование. Во тие рамки, за полуписмените лица во работните организации во Општината се организирала настава за да се здобијат со осумгодишно образование. Во основните училишта се отварале редовни паралелки за возрасните, со вондредно полагање на испити низ формите за основно образование на возрасните што се организирале во

[46] Виолета Ачкоска, *Првите чекори на просветната политика во НРМ...*, 42.

културно-образовната установа „Браќа Миладиновци“ во Струга. Притоа, според перспективните планови на општината, се очекувало, до 1972 година наполно да се исполнат интенциите за целосно основно образование на возрасните.

## РАЗВОЈОТ НА ШКОЛСТВОТО ВО СТРУГА И СТРУШКО

На територијата на струшката околија непосредно пред Втората светска војна работеле 34 основни четригодишни училишта, лоцирани главно, во поразвиените селски населби, додека во градот, покрај четригодишното основно училиште, имало Женско стручно-занаетчиско училиште и Граѓанска школа. Материјалната база на просветата била мошне слаба.

За одбележување е и појавата што на ова подрачје биле назначувани и такви учители кои, поради нивната приврзаност на прогресивните движења во Југославија, биле преместени по казна во овој крај. Тие наставата ја воделе во духот на современите педагошки принципи и барања. Истовремено, овие учители ги ширеле и напредните идеи среде населението на струшко.

Во периодот на италијанската окупација речиси сите училишни згради претрпеле значителни оштетувања. Во нив биле сместени окупаторските војски и жандармеријата.

Окупаторската власт вршела силен притисок врз просветните работници и врз интелектуалците воопшто, за да задуши секаков вид отпор кој би можел да се јави. Непосредно со тоа се превземале и се применувале секакви средства за денационализирање на македонскиот народ и на припадниците на другите народности (освен албанската) на ова подрачје. Едно од тие средства била и акцијата за отварање на албански училишта речиси во сите населби. Но отпорот на народот бил едногласен. Од записникот на Одборот на с. Модрич – Струшко, формиран за борба против акцијата на окупаторот за отварање на училишта на албански наставен јазик во ова село, покрај другото стои:

„ Денеска на ден 23 април 1943 година одржана је седница во црквата „ Успенија – Св. Богородица“ во село Модрич и на оваа седница беја повикани

овје лица: свештеник, Антоније Јовановиќ – свештеник, Милан Јовановиќ – свештеник, Ристо Јовановиќ – зидар, Стојан Поповиќ – зидар, Миленко Анѓеловиќ – зидар, Митре Бежановиќ – зидар, Санде Ојлевиќ – зидар, Исак Јовановиќ – работник, Никола Добревиќ – зидар и Цветан Лековиќ – работник, сите од село Модрич.

На оваа седница решивме од добиените писма од Цветан Лековиќ од Тирана кој беше испратен од нас да ги извести нашите кои се наождајет на работа во Тирана да им кажит оту сме приморани од албанската власт да отвориме школо и да учет на албански јазик“[47].

Плашејќи се децата да не бидат присилени да посетуваат училиште, каде што наставата ќе се темели врз принципите на фашистичката идеологија и на великоалбанската политика записникот звршува со следниве зборови:

„...А истовремено решивме да прибереме помош од народот за да купиме оружје и муниција за да се бориме против окупаторот и неговите помагачи. И составивме одбор во кој влегоја овје лица: За претседател го избравме Антоније Јовановиќ, за секретар Милан Јовановиќ и за членови гореименованите“.

Вакви мерки биле превземени и во други села на струшко. Поради тоа против голем дел од просветните работници и интелектуалци биле превземени репресивни мерки: депортирања во концентрациони логори во Албанија (Порто Романо).

Непосредно по ослободувањето, новата народна власт се соочувала со низа тешкотии што се карактеристични за секој почеток. Тие се јавувале во врска со обезбедувањето на основните услови за работата на училиштата: простор, опрема, нагледни и наставни средства, наставен кадар и слично.

Подрачјето на струшко пред ослободувањето располагало со релативно мал број училишни згради кои сосем не одговарале на педагошко-хигиенските барања. Непосредно по ослободувањето, нивната состојба била уште полоша. Комисијата за утврдување на воената штета во основното училиште во село Локов утврдила дека училишната зграда со целокупниот инвентар и опрема,

[47] Анализи, извештаи и информации по подделни школски проблеми. – Завод за школство Охрид

како и архивата, се наполно уништени од пожарот што го направила германско-балистичката бригада во борбите за Локов во јуни 1944 година. Штетата на училишната зграда изнесувала 77.200 предвоени динари. Во тешка положба биле уште многу други училишни згради, како во градот така и во целата околија.

Ваквата положба им наложила на органите на народната власт да ги мобилизира сите општествено-политички сили во населбите на подрачјето на струшко да го прибираат зачуваниот инвентар, како и да организираат доброволни акции за адаптирање на училишните згради и за нивното обезбедување со најосновен инвентар и опрема.[48]

Како резултат на огромниот труд и љубов се овозможило да се решат најактуелните проблеми и да се создадат услови за нормално отпочнување со наставната работа. Како во Струга, така и во сите населби во струшко, по извршените подготовки, свечено се отвориле првите македонски основни училишта. Тоа претставувало голема радост за сето население, кое учествувало во целокупната работа на училиштето во тие први денови.

Непосредно со активноста за отварање училишта со македонски наставен јазик, се преземаат чекори да се отворат училишта на јазиците на народностите: албански и турски. По извршеното анкетирање на родителите од албанската, односно турската народност, Градскиот народноослободителен одбор на Струга го извести Околинскиот народноослободителен одбор – просветен оддел – Струга: „...оту сакањето за претстављаније на списаци од мањините, за нивната просвета, а имено за просветата на Албанците и Турците од град Струга, во согласие на иститe кажано је једнодушно од двете народности оту сакет да учет на албански јазик".

И покрај крајно неповолните објективни услови: недостаток на учителски кадар, училишен простор, учебници итн., училишната мержа "со албански наставен јазик започнува брзо да се шири". Во учебната 1944/45 година биле отворени 60 основни училишта со 3.975 ученици и 104 одделенија. Следните години бројот на училиштата, одделенијата и

[48] Група автори, Струга и Струшко, Собрание на Општина Струга, 1970, стр. 373-375

учениците бележи постојан растеж. Притоа, покрај училиштата само со албански наставен јазик се формирале и училишта со повеќе наставни јазици, меѓу кои еден е албански. Создавањето на училишта врз територијален принцип во етнички мешаните подрачја се оценувало мошне корисно "како од чисто наставни така и од педагошко-воспитни цели"[49].

Првото училиште на албански наставен јазик се отворило во Струга во почетокот на јануари 1945 година, а постепено и во селата од подрачјето на целата Околија: Делогожди, Корошишта, Радолишта, Франгово, Велешта, Заграчани и други.

Истите тешкотии, а можеби во поизразена форма, биле присутни и при отварањето на училишта со труски наставен јазик. По војната, новата власт немала наследено речиси ништо на што би се потпрела при формирањето на училишта на турски наставен јазик , "како на пример учителски кадар". Меѓутоа, и покрај неповолните услови, мрежата на основните четиригодишни училишта со турски наставен јазик била во постојан пораст, но првите осумгодишни училишта на турски наставен јазик биле отворени дури во учебната 1948/1949 година.

Во учебната 1944/45 година, бројот на основните училишта на турски наставен јазик во републиката изнесувал 37 со 3.334 ученици и 55 учители[50]. Првите паралелки на турски наставен јазик во Струга се отвориле во основното училиште „Браќа Миладиновци" – Струга, во почетокот на учебната 1948/1949 година.

Покрај напорите кои се правеле за отварањето училишта на сите наставни јазици, во првите денови се јавувале тешкотии и во обезбедувањето на стручен наставен кадар за непречено одвивање на наставно-воспитната работа. Со упатството на Повереноството за просвета при АСНОМ, од 31. 11. 1944 година, чијшто циркулар бил доставен до Околинскиот просветен оддел во Струга, се прецизирала работата и функционирањето на просветните органи во организирањето на школството.

---

[49] ДАРМ, ф: ЦК КПМ-СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128, а.е. 21, Културно-просветни живот националних мањина у НР Македонији, 1958.
[50] ДАРМ, ф: ЦК КПМ-СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128, а.е. 21, исто.

Во циркуларот, во прв ред се поставувало прашањето за приспособување на интелектуалци за учителската работа. Укажувајќи на тежината на учителскиот позив на повоените времиња, во писмото се вели:

„...Тие другари пак кои ќе нагрбат со учителска работа, треба да се спротивстават на низа тешкотии со цел да ги обезбедат основните услови за работа".

По ослободувањето во целата Република имало само 337 учители Македонци, од кои еден дел зазело одговорни државни функции. На подрачјето на струшката околија, имало 20 учители со потребни стручни квалификации, што за тогашните услови претставувало значаен педагошко-стручен актив, кадарен да го пренесе своето искуство на оние млади луѓе што се определиле за учителскиот позив.

Поверенството за просвета при АСНОМ, во еден ракопис до сите околиски народни одбори укажувало на неопходната потреба да се отворат курсеви наменети за оспособување на учители:

„...Курсевите ќе се организираат од НОО, а лекциите ќе се држат од учители специјалисти. Курсевите ќе се посетуваат од сите студенти, матуранти, свршени седмокласници, односно шестокласници без разлика на националната припадност".[51]

Во врска со тоа, просветните органи при Околискиот народноослободителен одбор – Струга презеле конкретни чекори: се организирале советувања, семинари и курсеви со цел на младиот учителски кадар да му се пренесат потребните стручно-педагошки и методски инструкции за работа во училиштата.

Исто така за училиштата со албански и турски наставен јазик бил изработен посебен наставен план[52]

---

[51] Група автори, Струга и Струшко, Собрание на Општина Струга, 1970, стр. 380, 381.

[52] Користена е архивска граѓа од: ДАРМ, п.о. Охрид, ф: ОНО, Просветен одел за Струшка околија, 1944-45 год., к. 1/2: Годишни извештаи, анализи при Заводот за школство Охрид.

# ПОСТАВЕНОСТА И РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШНАТА МРЕЖА

Развојот на основното школство на подрачјето на струшко започнувајќи од ослободувањето бележи перманентен развој, може да се каже дека токму во овој период просветата почнува да се развива и да се градат основните принципи за квалитетен образовен сиситем.

Првата учебна година 1944/45 година, била карактеристична по општата тендеција за отварањето на основни четригодишни училишта во скоро сите поразвиени населби. Веќе наредната учебна година 1945/46 година била достигната кулминација во развојот и ширењето на училишната мрежа, така што во сите населби, со исклучок на некои помали ( Шум, Лакајца и др.), биле отворени основни четиригодишни училишта. Додека во првата година по ослободувањето на територијата на струшка околија постоеле 32 основни четиригодишни училишта, од кои 25 на македонски наствен јазик, а 7 на албански наставен јазик, втората година се почувствувал значителен пораст, така што бројот на основните училишта достигнал 41, од кои 28 на македонски наставен јазик, 13 на албански наставен јазик. Во рамките на Основното Училиште „Браќа Миладиновци" се отвориле и работеле парлелки на турски наставен јазик.

Со тоа уште во почетната фаза се остварило прокламираното право на граѓаните за здобивање на четригодишно основно образование, назависно од националната припадност. Напоредно со напорите и остварените резултати на планот за здобивањето на училишните обврзници со четригодишно основно образование, каде опфатеноста на децата се движела над 98% , а сообразно со Законот за седумгодишни основни училишта, донесен во октомври 1945 година, се пристапило кон отварање на седумгодишни основни училишта. Првото седумгодишно основно училиште во Струга отпочнало со работа на 6 декември 1944 година. Бил извршен и подбор на поистакнати просветни работници од подрачјето на оваа Околија за изведување на наставата во ова училиште, кое во текот на 1946 година прераснало во неполна гимназија „ Браќа Миладиновци". Со општото упатство за школување во училиштата за

општо образование, од мај 1952 година, неполната гимназија во Струга била реорганизирана во седумгодишно основно училиште, кое и денес работи.

Во остварувањето на правото за задолжително школување, првин седумгодишно, а потоа осумгодишно, на подрачјето на Струга биле постигнати добри резултати. Во прилог на ова тврдење зборуваат и показателите за бројната положба на училиштата, учениците и наставниот кадар, во период од 1945- 1950 година:

| Учебна година | Училишта | | Ученици | | Кадар | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | I- IV | V- VII | I- IV | V- VII | I- VII | |
| Училишта на македонски наставен јазик: | | | | | | |
| 1944/45 | 21 | 1 | 2280 | 29 | 2859 | 51 |
| 1945/46 | 27 | 2 | 3256 | 63 | 3319 | 56 |
| 1946/47 | 26 | 3 | 3571 | 114 | 3685 | 64 |
| 1947/48 | 26 | 4 | 3718 | 132 | 3850 | 71 |
| 1948/49 | 26 | 4 | 3942 | 253 | 4195 | 78 |
| 1949/50 | 26 | 4 | 4024 | 315 | 4339 | 82 |
| Училишта на албански наставен јазик: | | | | | | |
| 1944/45 | 7 | - | 664 | - | 664 | 10 |
| 1945/46 | 8 | 1 | 1012 | 26 | 1032 | 14 |
| 1946/47 | 8 | 1 | 1332 | 54 | 1386 | 17 |
| 1947/48 | 8 | 2 | 1343 | 81 | 1424 | 21 |
| 948/49 | 8 | 3 | 1482 | 118 | 1600 | 24 |
| 1949/50 | 9 | 3 | 1581 | 183 | 1704 | 26 |

Како што се гледа и од горната табела, паралелно со опфаќањето на децата во четригодишното основно образование, се дејствувало и во правец на обезбедување на седумгодишно школување. До 1950 година, во развиените населби на струшко, се отвориле седумгодишни училишта, како на македонски така и на албански наставен јазик. Веќе во учебната 1945/46 година, во Струга започнало со настава седумгодишното училиште на албански наставен јазик, потоа се продолжило отварањето на училиштата со македонски и албански наставен јазик во селата Вевчани, Радолишта, Луково, Велешта и Лабуништа.

Ваквата училишна мрежа обезбедувала опфаќање на училишните обврзници од подрачјето на целата Општина[53].

Училишната мрежа на турски наставен јазик достигнува кулминација во учебната 1951/52 година. Тогаш работеле 144 четиригодишни училишта со 13.237 ученици и 293 учители и 14 осумгодишни училишта со 1.188 ученици и 54 наставници. По оваа година, бројот на училиштата и учениците е во постојано опаѓање заради преселувањето на турското национално малцинство од НРМ во Турција[54].

Во повоените години основното школство во струшко, со заедничките напори на сите фактори, генерално постигнало добри образовно-воспитни резултати. Меѓутоа, токму тука би сакала да нагласам дека во поглед на турската популација односно за нивното школување на турски наставен јазик недоволно се работело. Последиците од ваквата политика, за жал, денес резултираат со многу лошите состојби во образованието на турски наставен јазик во струшко. Земајќи го предвид неофицијалниот извештај на Околинскиот народноослободителен одбор - Охрид од 1944 година, вкупниот број на Турци во Струга изнесувал 1501 односно во споредба со другите народи кои живееле во градот Струга бројките се движеле вака:

| Населби | Население | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македон. | Власи | Албанци | Турци | Други | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Струга | 2805 | 580 | 225 | 1501 | 26 | 5167 |

Како што може да се види, процентуланата застапеност на Турците во градот била доста висока за разлика од другите народи кои живелее во градот Струга, тргнувајќи од тука не било доволно само отварањето на паралелки на турски наставен јазик во О.У.„ Браќа Миладиновци". Можеби требало да се отвори и училиште во градот со турски наставен јазик.

[53] ДАРМ, п.о. Охрид, ф: Околиски народен одбор Струга, 1944- 1953 год.
[54] ДАРМ, ф: ЦК КПМ-СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128, а.е. 21, Културно-просветни живот националних мањина у НР Македонији, 1958.

Поаѓајќи од раскажувањата на живи сведоци од овој период дојдов до неколку заклучоци. Првиот е дека зачетоците на денешната независна просветна положба на Турците датираат токму од овој период. Во тоа време на идеолошки резови, Турците стануваат маркирана популација и од страна на Македонците и од страна на Албанците, односно последиците од Осмалиската Империја ги трпи, ни криво ни должно турското население. Со мерките за целосно поддржувување на првиватната сопственост, Турците, почнале да ја губат општествената моќ што со тек на време ги наведувало да се иселуваат или да се школуваат на албански или поретко на македонски наставен јазик. Но, просветата и јазикот на кој што човек се образува е доста значаен фактор во неговото изградување, култура, идентитет и сл. Резултатите во струшко денес јасно го покажуваат тоа. Еден од показателите е и фактот што бројот на Турците во струшко во сите наредни пописи драстично опаѓа. Турците постепено како да го губат сопствениот идентитет, а на паралелката која работи на турски наставен јазик секоја година и претстои опасност од затворање, поради недоволен број на ученици. За оваа положба виновни се и самите Турци кои не се избориле, а и денес многу не се борат да го сочуваат сопствениот идентитет и култура.

## II.3 ПРВАТА АКЦИОНА ПРОГРАМА ЗА ОБНОВА И ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР И НЕЈЗИНА РЕАЛИЗАЦИЈА

Во остварувањето на програмата за здобивање со основно образование на сите училишни обврзници и за обезбедување на училишен простор, се зафатиле сите општествено-политички организации и народната власт. За таа цел биле мобилизирани месните организации: партиските, тие на Народниот Фронт, на Младинската Организација и другите фактори. Основна задача била во овие населби каде што постоеле училишни згради да се адаптираат, а таму каде што ги немало, постепено да се изградат нови. Така до 1950 година, биле изградени 10 нови училишни згради, а тоа било значаен успех за понатамошниот развој на школството во овој крај.

Подемот во тие повоени години во изградувањето на училишни згради бил мошне голем. Во селата Мали Влај, Франгово, Радолишта, Загрaчани, Вевчани, Октиси, Пискупштина, Селци, Луков и 'Ржаново се изградиле нови училишта. Со реализација на Програмата за обнова и развој на училишниот простор, со извесни измени и дополнувања, се продолжило понатаму. Подоцна биле подигнати нови училишни згради и во: Збажди, Присовјани, Горно Татеши, Мислодежда, Ташмаруништа, Добовјани, Биџево, Велешта, Лабуништа и Нерези.

Народната власт, во рамките на тогашните можности, се грижела да ги опреми училиштата со потребниот инвентар.

Во првите години по ослободувањето Околискиот народен одбор на струшката околија издвојувала значителни средства за задоволувањето на основните потреби на училиштата. Тоа придонело посолидна настава и подобра материјална основа, што дало и соодветни резултати.

Прашањето за обезбедувањето на наставен кадар во училиштата, како на македонски (и турските паралелки) така и албански јазик, било мошне тешко, и покрај тоа што биле превземени мерки. Големиот пораст на бројот на учениците во секоја година, особено во 1950 година, во некои училишта неповолно се одразило и врз целокупната наставна работа. Поради тоа, од

година во година, низ повеќе курсеви и други облици, организирано и систематски се формирал наставен кадар кој требало наполно да ги оствари целите на образовната политика во Околијата.

Училишната мрежа по 1950 година бележела извесна стабилизација. Со донесувањето на Општиот закон за школство во 1958 година, веќе целосно се поставила основата за реализирање на принципот за осумгодишно образование.

Во првите години по ослободувањето во Струга биле формирани и работеле – Женското стручно занаетчиско училиште и Училиште за ученици во стопанството. Во текот на своето постоење и двете училишта го дале својот придонес во прифаќањето и оспособувањето на стручни работници, кои биле потребни за производните претпријатија на ова подрачје. Женското стручно занаетчиско училиште работело до крајот на учебната 1957/58 година, а Училиштето за ученици во стопанството до крајот на учебната 1965/66, било укинато.[55]

---

[55] Група автори, Струга и Струшко, Собрание на Општина Струга, 1970, стр. 388-391.

## II.4 КУЛТУРНИОТ ЖИВОТ ВО СТРУШКО

Веднаш по ослободувањето на Струга и струшко, напоредно со напорите за отстранување на стопанската заостанатост, постепено се создавале и потребните услови за раздвижување на културно-просветниот живот во ова подрачје.

Податоците на читалиштата и библиотекарската дејност во Струга датираат уште од времето на Отоманската Империја, односно втората половина на XIX век.

Во стара Југославија, по неуспешниот обид кој бил направен во 1920 година за обновување на читалиштето со библиотека, книжевниот фонд се чувал во приватни семејни куќи (семејни библиотеки). Повторен обид за обновување на библиотеката е направен во 1931 година од страна на средношколската и работничко-занаетчиската младина, организирани во фудбалскиот клуб „ Црн Дрим" од Струга. Се собрале преостанатите книги, а исто така и голем број од книгите биле подарени од страна на граѓаните на Струга, така што се организирала работата на библиотеката во една од просториите на основното училиште, со фонд од околу 1.200 книги.

Исто така и во Вевчани напредните печалбари, средношколци и занаечии на 16 февруари 1935 година формирале читалиште со библиотека „Свети Василие" со фонд од 345 книги (подарени од населението). За развојот на библиотеката голем придонес имале Јован Шурбаноски, претседател и Јован Попоски, библиотекар.

Значаен период во развојот на библиотеките и читалиштата во Струга и струшко настапува веднаш по ослободувањето. Според статистичките податоци на струшката околија, некои видови на овие форми постоеле кон крајот на 1944 година, а веќе во 1946 год. има 43 разни видови градски, селски, училишни и други библиотеки, како и 45 читачки групи, од кои четри работеле при АФЖ во Струга.[56]

[56] Група автори, Струга и Струшко, Собрание на Општина Струга, 1970, стр. 363.

Подоцна, библиотеките во селата се приклучени кон училиштата а само во градот библиотеката останала и натаму да работи самостојно, како матична.

Во 1944 година во Струга се формирало културно- уметничкото друштво „Нико Нестор". Првата изведба на неговата драмска секција била драмата „Печалбари" од Антон Попов.[57]

И покрај материјалните и други тешкотии, драмскиот аматеризам, во годините по ослободувањето, создало добра основа за дејствување и во селата на територијата од струшко. Така на пример, во 1949 година на ова подрачје биле основани 21 аматерски културно-просветни друштва, драмски групи и секции, со 524 членови.

Драмскиот аматеризам во Струга и струшко, има постигнато и видни резултати и при настапи на фестивали, смотри и гостувања. По ослободувањето, аматерските хорови, пеачките, играорните и другите секции и групи се здобиле со широка афирмација. Познати се успесите на аматерскиот хор од Драслајца, играорната група од село Мислешево и музичката секција од Струга, кои настапуваа на повеќе фолклорни и други републички фестивали. Така, на пример, фолклорната секција од село Радолишта на Републичкиот фестивал во Тетово, во 1947 година, ја освоила првата награда.

Првото кино во Струга отпочнало со работа на 7 декември 1946 година со прикажување на советскиот филм „ Циркус". Првиот киноапаратер бил Устијан Шекуткоски. Раѓањето на оваа установа била проследена со сите оние тешкотии што се карактеристични за една нова, непозната активност.

Во 1947 киното одржало 146 претстави кои биле посетени од 24.503 граѓани. Во киното доаѓале и голем број посетители од селата.[58]

По ослободувањето и дејноста на музејот се обновува и до 1952 година бил под непосредна грижа Просветниот отсек при Народниот одбор на Охридската околија. Од 1952 година, почнало да се финансира од Собранието на Општината Струга, како самостојна буџетска установа.

Што се однесува до турската популација од струшко активно учествувале во културно уметничкиот развој во овој период. Биле фомирани

[57] Користени се податоци од архиват на Библиотеката „ Браќа Миладиновци" – Струга.
[58] Група автори, Струга и Струшко, Собрание на Општина Струга, 1970, стр. 366.

музички групи кои функционирале во училиштата и се разработувале турски староградски песни карактеристични за охридско-струшкиот крај. Исто така се формирала и играорната група „ Бирлик", која што функционираше доста успешно сé до неодамна.

Голем број Турци дале свој придонес во формирањето на речиси сите културни установи кои се формирале во струшко во овој период, исто така биле и членови на различни културни друштва кои се формирале.[59]

Брзиот развој на работничкото самоуправување го овозможил и подемот на дејностите од сферата на културата во Струга и струшко. По воведувањето на општественото уредување во оваа област, се ослободуваат творечките сили и се овеле нови методи на работа во советите на културно-просветните установи, во советите за просвета и култура при Општината Струга, како и во управните одбори на културно-уметничките друштва.

## ПРИРОДНО-НАУЧЕН МУЗЕЈ д-р „НИКОЛА НЕЗЛОБИНСКИ"

Природно-научниот музеј во Струга научно ги обработува музејските збирки, ги одржува и ги изложува. Идејата за формирање постојан музеј во Струга потекнува од д-р Никола Незлобински. Неговиот интерес за биологијата се раѓа уште од деновите кога студирал Воено-Медицинска Академија во Сент Петебург (Ленинград), во Русија, работејќи врз анатомија и систематика на лентовидните црви.

Во Струга д-р Никола Незлобински доаѓа на 27 август 1924 година, и бил именуван за шеф на Противмаларичната станица, каде што ги проучувал лентовидните паразити. Откако ја испитал фауната во Струга, се уверил дека е мошне разновидна и богата. Така уште во 1925 година, започнал со прибирање инсекти, потоа почнал да лови птици и цицачи, кои ги препарирал и врз кои вршел истражувања на паразитите.

[59] Користени се и податоци од живи сведоци, Петар Голабоски и Петрит Баута (учител)

Во 1928 година, д-р Незлобински за првпат го изложил прибраниот материјал и тоа во една барка, што била во сопственост на Домот за народно здравје, како зоопаразитолошка збирка. Тогаш граѓаните на Струга пројавиле голем интерес за неговата научна работа и му пружиле сестрана помош за збогатување на збирката. Покрај останатите најголем придонес дале Елмаз Амза, како препаратор, Миле Шулески и Суљо Таксим, собирачи на материјали, и Гани Дудуш како ловец.

Во 1938 година, д-р Незлобински покренува иницијатива за изградба на музејска зграда, за која сам го изработил проектот. Веќе следната година со помош на граѓаните, зградата била соѕидана. Две години подоцна, во музејската зграда биле опремени четри простории во кои биле изложени: цицачи, грабливи птици и повеќе видови блатни птици. Во 1941 година биле регистрирани 190 видови птици со 634 примероци. Но неговата творечка работа ја прекинува ненадејната смрт, на 17 мај 1942 година, на педесет и седум годишна возраст.

Во 1930 година Струга му одава заслужено признание на д-р Никола Незлобински, прогласувајќи го за почесен граѓанин. Во 1937 година добива уверение, со кое на Музејот му се признава ранг на научна институција. По две години, во 1939 година, Српската академија на науките го испечатил неговиот научен труд „ Хелминтолошки студии на Охридската Котлина".

Природно-научниот музеј, од своето основање па се́ до капитулацијата на Кралството Југославија, бил во состав на Домот на народното здравје во Струга. Веднаш по италијанската окупација на овој крај во 1941 година, зградата на Музејот била адаптирана во болница за потребите на окупаторските воени единици, а збирките биле пренесени во приватни куќи во градот.

По ослободувањето на Струга и струшко во 1944 година, дејноста на Музејот се обновувала и до 1952 година бил под непосредна грижа на Просветниот отсек при Народниот одбор на Охридската околија. Од 1952 година, почнал да се финансира од Собранието на Општина Струга, како самостојна буџетска установа.

Музејот се вреднува меѓу ретките институции од овој профил во земјата. Во текот на наредните години тој постојано се збогатувал со нови видови инсекти, птици, цицачи, влекачи и разни други животни карактеристични за овој крај. Денес градот се горде со својот музеј, кој покрај тоа што претставува атракција за градот исто така е и од голема научна вредност, како една голема збирка од речиси целиот жив свет кој живее во струшката околија.

# III. ОПФАТЕНОСТА НА ТУРЦИТЕ ВО ПРОСВЕТАТА И ОБРАЗОВАНИЕТО

## III.1 СТАГНАЦИЈА ВО РАЗВОЈОТ НА ТУРСКИОТ ЈАЗИК ВО МАКЕДОНИЈА

Во развојот на просветата, културата и науката воопшто јазикот е од големо значење. Јазикот е жива материја која постојано се менува сите тие промени мора да бидат следени затоа што во спротивно би настанала стагнација во просветниот, културниот и научниот развој. Стагнација во развојот на просветата и науката воопшто поради неможноста за следењето на новите јазични текови, силно се чувствува кај Турците кои живееле во Р.Македонија.

И покрај тоа што за време на Отоманската Империја во Македонија, книжевноста на турски јазик била многу развиена и многу автори и писатели дале голем придонес во развојот на турската книжевност од тој период. Нивните имиња и дела се од голема важност, ама со почетокот на Балканските Војни започнува стагнација во развојот на книжевноста на турците од Македонија.[60]

Во овој период поради неможноста за следењето на новите литературни и јазични текови, турската книжевност во Македонија драстично почнува да слабее, а најголем проблем, без сомение, претставува јазикот односно стагнацијата во неговиот развој. Кога се формирала современата турска книжевност во Македонија ова бил и најголемиот проблем кој авторите се стремеле да го надминат.

Проблемите со јазичниот развој продолжиле и после Првата светска војна. Турците кои живееле во Кралството Југославија немале можности за комуникација и за размена на литература со Р.Турција. Тука најмногу претпел развојот на Турскиот јазик како и образованието на турски наставен јазик.

Недостатокот на турски културни и образовни институции од една, а од друга страна прекинатата комуникација на турците од Македонија со

[60] www.rumeliturk.com.tr; www.makedonyaturkleri.com.tr;

Р.Турција довеле до потешкотии во употребата на мајчиниот јазик, особено тоа се почувствувало во почетокот на 1940 година.

Ова состојба веќе преставувала проблем во поглед на зачувување на сопствениот идентитет, а како главни причини за тоа биле:

А) Немањето на институции каде би се учел јазикот и граматиката;

Б) Неможноста за следењето на јазичните промени кои настанувале во Р.Турција;

В) Иселувањето на Турците и намалувањето на нивниот број го зголемило влијанието на другите јазици врз турскиот;

Г) Семејството било единствено место каде се негувал јазикот, но со тек на време надворешните влијанија почнале да делуваат и во семејството.

Развојот на турската книжевност во Македонија како и просветниот развој започнува во 1945 година. Всушност во овој период се почувствувале најголемите тешкотии како последица од долгогодишната стагнација во развојот на јазикот, образованието и литературата. Во 1944 година се отвараат паралелки на турски наставен јазик, потоа започнува печатењето на весникот „Бирлик". Сето ова претставувало сериозен чекор во надминувањето на големите јазични проблеми кои настанале поради погоре наведените проблеми, но надминувањето на јазичната ерозија и не била толку лесна, и покрај сите овие права, немањето на квалификуван кадар по турски јазик го отежнувал патот. Проблем, исто така, претставувало и отсуството на институции за формирање на таков кадар, а тогашните политички оклности не дозволувале на било каква размена со Р.Турција. Во овие години не било возможно дури ни набавување на литература од Р.Турција.[61] Поради сето ова

[61] Суат Енѓулу: Ништо Не Започнува Со Нас. „Сеслер" Месечно Уметничко Списание.Скопје,Октомври 1988, стр.229.

На 20 април 1980 во едно негово итревју го истакнува следното: „...Немавме книжевен материјал. Немавме бидејќи ние бевме одвоени од Турската книжевност, всушност ние бевме сосема оделени. Според она што се сеќавам после војната, имав можност да прочитам неколку романи од современата турска книжевност, а тие романи всушност беа неколку и во Скопје се разменуваа меѓу оние кои беа заинтересирани за читање. Многу ни беше тешко да дојдеме до литература напишана на турски јазик, и тоа што го имавме беше во многу мал број и тешко достапно. Кога во Скопје беше толку тешко може да си замислите како беше во помалите градови".

Турците од Македонија јазичните проблеми не можеле да ги надминат во пократок временски интервал.

Несомено е дека неделниот весник „Бирлик", бил од големо значење за развојот на јазикот, литературата, културата и просветата на Турците во Р.Македонија. За развојот на турската литература во Македонија „Бирлик" има многу големо значење, бидејќи тука за прв пат почнале се издаваат литературни творби на турски јазик од страна на турски автори од Македонија. Така на пример во третиот број поместена е песната „Динамо" од Хасан Изет, а веднаш после оваа песна се објавува и една песна од авторот Шукри Рамо. Овие песни можеби немале голема уметничка и книжевна вредност, но во поглед на оживувањето на турската книжевност во Македонија, која што подолг временски период стагнирала со својот развој значењето и нивната вредност несомнено е преголема.

Абдул Фетах Рауф е автор кој добро ги совладал техниките на поезијата. Прв расказ во турската книжевност во Македонија е расказот на писателот Мустафа Карахасан „ Hapishanede Bir Gece" или „ Една Ноќ во Затворот", кој бил објавен 1946 година.

Во втората половина од 1947 година низ страниците на „Бирлик" се среќаваат две објавени песни од Нијази Сакип, кои и од технички и од јазичен аспект се подобри од песните на Шукри Рамо, меѓутоа освен овие две песни не наидовме на други објавени дела од овој поет, што се случило со авторот, зошто престанал да пишува, дали бил принуден на тоа, одговорите на овие прашања се недостапни и непознати.

Една година подоцна, на 15 мај 1948 година, „ Културно Уметничкото Здружение на Турците" од Скопје презема различни активности и иницијативи за развој на турската книжевност во Македонија, кој почнува да се движи и развива во други правци. Така на 8 август истата година театарската група при Здружението направила премиера на претставата „ Inandırmak" или „Убедување", од Мустафа Карахасан. Со ова современата турска книжвност во Македонија покрај прозните и поетските дела се збогатува и со драмско дело.

Во овие години во весникот „ Бирлик", често почнуваат да се среќаваат имињата на Неџати Зекирија и Фахри Каја, во страниците одвоени за децата.

## III.2 ОПФАТЕНОСТА НА ТУРЦИТЕ ВО ПРОСВЕТАТА И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО СТРУГА И СТРУШКО

Со историските акти и одлуките донесени на Првото заседание на АСНОМ правата на малцинства кои живееле во Р.Македонија не се негирале, односно им се дало правото за образование на мајчин јазик, а со тоа започнува интелекуалниот развој и на Турците кои живееле во Р.Македонија. И покрај тоа што не биле подготвени сепак од овој период сериозно започнува културно-просветниот развој на турците од Македонија.

Започнувањето на просветниот процес воопшто не бил лесен, после војната се чувствувале големи недостатоци, но упорноста и желбата за образование била толку голема што во учебната 1944/45 година и покрај оскудните услови се започнало со настава. Условите за работа биле тешки насекаде во земјата, немало училишта и постоечките училишта биле уништени, се чувствувал голем недостаток од наставен кадар, наставни помагала. Во некои области само за да се отпочне со настава некои куќи биле адаптирани и во нив се одржувала наставата, меѓутоа тоа воопшто не ги исполнувало педагошките и хигиенските очекувања. Почетокот на образовниот процес во Македонија навистина бил многу тежок. Истите услови и тешкотии биле карактеристични и за охридско-стушкиот регион.[62]

Ако зборуваме конкретно за Струга и Охрид и опфатеноста на Турците во просветата и образованието во овие два града, би сакала да истаканам дека од извршеното истражување и од раскажувањата на живи сведоци дојдов до следната констатација:

Опфатеноста на Турците од Охрид во просветата и образованието била поголема и тие покажувале поголем интерес за образование на турски јазик за разлика од Струга, каде сите Турци се изјасналe дека сакаат да учат на албански јазик, малкутемина кои сакале да учат на мајчиниот јазик биле принудени да патуваат до Охрид. Еве неколку соопштенија кои го потврдуваат горенаведеното:

Околискиот Народно Ослободителен Одбор на 13.01.1945 праќа соопштение до Општинскиот Народно Ослободителен Одбор во кое вели дека

[62] Податоци од анкетирани Стружани, живи сведоци од конкретниот период

Турците ќе имаат право да се школуваат на турски, а албанците на албански наставен јазик, и итно бараат да им се достави список со бројот на ученици кои се заинтересирани да учат на турски и албански наставен јазик. Меѓутоа во одговорот на Општинскиот Народно Ослободителен Одбор стои дека на конференцијата одржана на 16.01.1945, сите се изјаснале дека сакаат да учат на албански наставен јазик, односно Турците се изјаснале дека сакаат да се школуваат на албански наставен јазик.[63]

И покрај тоа што овој период е од големо значење за развојот на Македонија во поглед на образованието, културата и во целост како држава, состојбата на Турците била во незавидна положба и можеби и клучен период за денешните последици, т.е. период кој придонел кон губењето на сопствените вредности и идентитет.

И покрај тоа што во учебната 1948/1949 година, во О.У. „Браќа Миладиновци" – Струга, се отвара паралелка на турски наставен јазик, од извршените истражувања и испитувања сметам дека е период кога започнува да се губи интересот на турското население а образование на турски наставен јазик.

Голем дел од Турците сметајќи дека немаат понатамошна перспектива почнале да се образуваат на албански наставен јазик. Тука не е за занемарување и асимилаторската политика која се вршела кон турското население. И оние турски семејства кои, покрај сé, се труделе да го задржат сопствениот идентитет ги праќале своите деца да се образуваат на мајчиниот јазик, но тоа придонело да се загуби интересот за повисоко образование, така што голем дел од нив после основното четригодишно образование му се посветувале на некој занает. Сето ова е од големо влијание за интелектуалниот развој на турската популација, а во годините што следувале Турците сé помалку и помалку биле застапени во интелектуалните и политички редови.

Постои уште една претпоставка, зошто Турците во Струга не се одучиле да се школуваат на турски наставен јазик. Според исказите на некои живи сведоци, причина за тоа било тоа што Струга била под Италијанска окупација (Охрид под Бугарска окупација), а во тој период биле ангажирани квалитетни учители од Албанија, така што наставата во основа се изведувала на албански

[63] Архив на Македонија ПО Охрид, кутија 1, Продветен Одел Струга, 1944-45

наставен јазик. Поради тоа после ослободувањето кога на сите им се дава правото на школување на мајчиниот јазик, турските семејства се одлучуваат да ги пратат своите деца да продолжат да се школуваат на јазикот на кој што веќе го започнале своето образование, за да немаат тешкотии при наставата и при школството. Сепак тоа е претпоставка која бара подетално истражување.

Состојбата на Турците во струшко, па и пошироко, секоја година била сé полоша и полоша, а турската популација сé помалку била заинтересирана за подобрување на сопствена состојба. Тогаш, всушност, и почнува размислувањето за иселувањето во Турција. Грубо кажано турското население кое останало во Македонија со распаѓањето на Отоманската Империја почнало да ги плаќа сите сметки.

Струга, пред сé е град кој е познат по добриот соживот, така што во општествено-културниот живот и спортот во Струга секогаш учествувале и свој придонес за развојот на градот давале сите народи кои живееле во него.

Итересен показател претставува бројот на Турците според пописот од 1944 година, и бројот на Турците во Струга денес.

Бројот на населението во тогашната струшка општина според националната припадност изнесувал вака:

| Македонци | Власи | Албанци | Турци | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 19.224 | 1.441 | 9.570 | 5.193 | 66 | 35.494 |

Денес бројот на турската популација во општина Струга изнесува 3.500 жители и е за 1.693 жители помал од 1944 година. И покрај тоа што дел од Турците се преселиле во Турција, сепак разликата е толку голема што зборува за други проблеми и случувања.

## III.3 ОПФАТЕНОСТА НА ТУРЦИТЕ ВО ПРОСВЕТАТА И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ОХРИД

За разлика од Струга, состојбата на турците од Охрид била подобра. Во градот се отворила една школа на турски наставен јазик и една на турски и албански наставен јазик.

Пороцесот на приспособување на настававен кадар, како насекаде во државата така и во Охрид, бил многу тежок, поради тоа биле организирани курсеви во Скопје за оспособување на наставен кадар, а сите регрути кои ги исполнувале условите за посетување на овој курс биле ослободувани од воената обврска.

Како се изведувал овој процес на ослободување можеме да видиме од Известувањето кое Охридскиот Околиски Народно Ослободителен Одбор го праќа до Штабот на II Корпусна Област – Битола:

„ Согласно писмото и наредбата на Презудиумот АСНОМ, сите студенти во редовите на нашата војска требе да бидат ослободени одма и упатени до одговарајучките околиски народно ослободителни одбори за да бидат ангажирани како учители. Во врска со това ви јавјме оти другарите:

1. Лазо Попоски, от с. Велмеј, Охридско, војник во 15 бригада;
2. Миле Ставрески, Команда места Охрид;
3. Константин Стојанов, от Слатина, Охридско интендант на I бриг.;
4. Петре Маленко ,от Охрид;
5. Димче Маленко, Агит-Проа на 48 дивизија;
6. Драго Киселина, офицер за веза во 48 дивизија

Се студенти или ученици со право на учители и истите се неопходно нужни, зато веднага да се ослободет от војската и испратет до нашиот околиски одбор во Охрид.

Претседател, Божин Костоски“[64]

Ова укажува на фактот дека сите можни опции за оспособување на наставен кадар биле земени во предвид и на тоа дека бил вложен огромен труд за да се започне со настава.

[64] Архив на Македонија ПО Охрид- Градски НОО – Охрид, кутија 2, фонд 113

После напорната работа на 3 септември 1945 година, училиштата отпочнале со работа. Со тоа се јавила потреба од администрирање на документацијата, воведување на административни правила, поднесување извештаи и сл. Во врска со ова наидов на едно соопштение кое Просветниот Одел на Охридскиот Околиски Народно Ослободителен Одбор го праќа до Општинскиот Народно Ослободителен Одбор под број 219/14-III-1945 година и кое гласи:

„ Во врска со писмото број 48 од Окружниот Просветен Одел ви се доставува следното:

Поверенството на Народната просвета со писмо број 1427 од 06.03.1945 година наведува дека сите учители во турските и албанските училишта водат целата администарација на македонски јазик. Значи тије ќе водат сите училишни книги и ќе администрирет со другите урежденија на македонски јазик.

Горното да се соопшти до таквите училишта.

СМРТ НА ФАШИЗМОТ СЛОБОДА НА НАРОДОТ! "[65]

Би сакала да наведам уште некои примери кои покажуваат како почнале да се администрираат податоците, а исто така преку нив јасно се гледа и застапеноста на Турците во просветата и образованието.

Во просветниот извештај за работа, за месец октомври 1945 година стои:

„ Министерството на Народната Просвета број 4614 1945 година работата на основните училишта започна на 3 септември т.г. но поради немање на учители, појќето беја на курсот во Скопје кој се заврши во крајот на месец септември, во почетокот на месец октомври во Охрид и околијата работија само 22 учитела македонски и 2 турски. Во другата половина на месец октомври во Охрид и околијата дојдоа сите учители од курсот и се упатија на работа во назначените места."

Во извештајот за работа на Просветниот Оддел при ОНО-Охрид од 23.09.1945 година до 26.11.1945 година стои:

[65] Архив на Македонија ПО Охрид кутија 2 фонд 113

„ Во Охрид имаме три школи на македонски, една турска и една турска и албанска. Во околијата има 43 македонски школи.“

Според пописот на Основните Народни Училишта од Министерството за Просвета извршен на 17.11.1945 година, вкупниот број на ученици и наставници изгледал вака:

Број на ученици:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Македонски наставен јазик: | Машки 2396 | Женски 1773 | Вкупно 4169 |
| Турски наставен јазик: | Машки 117 | Женски 110 | Вкупно 227 |
| Албански наставен јазик: | Машки 64 | Женски 45 | Вкупно 109 |

Број на наставници:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Македонски наставен јазик: | Машки 46 | Женски 40 | Вкупно 86 |
| Турски наставен јазик: | Машки 6 | Женски / | Вкупно 6 |
| Албански наставен јазик: | Машки 3 | Женски / | Вкупно 3 |

Во списокот на назначените учители во Охрид од 1945 година каде беа дадени подетални информации за учителите како на пример датум на раѓање, завршено образование и слично наидов на следните имиња на учители кои предавале на турски наставен јазик:

Емрула Мустафа; Али Риза Ајрула; Усеин Неџбедин; Нури Адем; Мухарем Забзун; Авни Сали; Реџеп О. Ибраим; Ислам Демир; Јакуп Н. Кадри.

Сите овие податоци неслучајно ги наведов, преку нив јасно се гледа дека турците од Охрид биле повеќе ангажирани и позаинтересирани за школување на турски наставен јазик и следствено на тоа поактивно учествувале во просветно образовниот процес. Ваквата ситуација и разлика, помеѓу Турците од Струга и Охрид карактеристична е и денес. Турците кои живеат во Охрид вложуваат поголеми напори за зачувување на сопствениот идентитет и култура за разлика од Стружани, но сепак треба да нагласи дека и во Охрид состојбата на Турците воопшто не е идеална.

Од ослободувањето па сé до денес образованието на турски наставен јазик во Струга е во незавидна положба. Не дека, во поглед на тоа, не се вложувале големи напори, но никако не доживува просперитет. Во учебната 1948-49 година се отвара паралелка на турски наставен јазик, до четврто одделение, се ангажирале учители од Охрид, само за да го помогнат развојот

на школството на турски наставен јазик, но за жал гледајќи на денешната состојба може да се констатира дека сите тие напори биле неуспешни. Денес во О.У„ Браќа Миладиновци“ - Струга функционираат паралелки каде се одржува комбинирана настава.

# IV. КУЛТУРЕН ЖИВОТ И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ НА ТУРСКАТА ПОПУЛАЦИЈА

## IV.1 КУЛТУРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТУРЦИТЕ

Османлиската Империја, насекаде каде што владеела, оставила траги од својата култура, тие и денес јасно се забележуваат во архитектурата, јазикот, одредени навики кај населението и слично. Овие карактеристики може да се забележат и во струшко, но кога станува збор за Турците кои живееле и кои живеат во Струга и Охрид и нивната култура би сакала да истакнам дека според начинот на живеење доста се разликува од другите градови во Македонија. Најголем придонес за тоа има самата местоположба на градовите, добриот соживот и фактот што населението таму отсекогаш му давало посебно значење на образованието и покрај тоа што условите не го дозволувале развојот на образованите, луѓето биле свесни за неговото значење.

Според искажувањата на многу стружани, живи сведоци на периодот кој е тема на ова истражување, животот бил тежок и владеела голема сиромаштија, но луѓето сепак успевале да ги надминат сите тешкотии бидејќи постоело поголемо единство, почит и поддршка помеѓу населението за разлика од денес. Сметаат дека многу од тие вредности денес се загубени и луѓето стануваат се посебични и покрај интелектуалното издигнување и цивилизацискиот развој.

Во тој период постоел добар соживот така што за свадби, погреби, веселби, верски празници биле канети сите блиски пријатели без разлика на нивната вера и етничка припадност. Кога некој од градот ќе починел речиси сите стружани присуствувале на погребот, носталгично раскажуваат старите, дури и за погребите кои за разлика од денес биле побројни и немало поделба „ние кај нашите вие кај вашите". Поради самата местоположба Струга бил центар каде се среќавале различни култури, исток-запад; север-југ, поради тоа и Струга се разликува по својот менталитет од другите градови.

Голем придонес за цивилизацискиот развој на стружани исто така имаат и различните спортови карактеристични за овој крај како што се пливањето, фудбалот, кајакот и други спортови кои за разлика од другите градови во Македонија најпрвин почнале да се развиваат во Струга и Охрид, особено пливањто и кајакот. Интересно е да се напомене дека пливачкиот клуб во

Струга се формира во 1947 година и тоа по иницијатива од неколку рибари и еден средношколец. Неслучајно го споменуваме спортот, затоа што е од огромно значење и дал голем придонес во културниот развој на струшко осбено после 1945 година.

Кога станува збор за културата во струшко мора да се напомене дека овој регион бил познат по своите занаетчии и занаетчиски дуќани, после ослободувањето, социјалистичкиот систем и самите околности не го дозволувале развојот на занаетот, така што денес се останати мал број занаетчии - ова е карактеристика за целата земја не само за струшко.

Би сакала да истакнам дека можеби меѓу најубавите моменти од моето истражување беа разговорите со старите стружани кои при своите раскажувања носталгично се навраќаа во нивната младост, од нивните очи, брчките кои ми кажуваа многу, можев да насетам дека и покрај тешките економски и општествени услови кога би имале можност пак би сакале да го поминат истиот животен пат. Но неможев да сфатам, и покрај тоа што упорно се трудев да дојдам до одговор, дали е тоа копнеж по младоста или луѓето во тој период и покрај тешките животни услови сепак биле поспокојни.

Со возбуда зборуваа како пазареле, на пример едно потстрижување чинело две јајца, берберниците биле главното собиралиште на стружаните и таму воглавно се вршеле сите поважни збиднувања, таму се собирале и често знаеле да си направат веселба. За време на сунетите берберниците биле највеселите места или според исказите на некои сведоци „ културни центри" каде се собирале свирачите и тамбурашите, меѓу најпознатите бербери биле Емин Тупец, Еминче Бека, Илми Емуш и други[66].

Стружани отсекогаш ја љубеле старогратската песна, и преку нив на еволутивен начин може да се види развојот на општеството, аристократскиот сталеж, се пеело за туѓината, за тагата и веселбата, овие песни се пееле на различни манифестации на свадби, покрај реката Црн Дрим и покрај езерото.

Во првите години после ослободувањето, Турците и Албанците учеле во теќето, додека учениците кои учеле на Македонски наставен јазик во Работнички.

[66] Според сеќавањата на Зекир Р.- пензионер, кој вели: „Иако ни беше многу тешко, кога би имал можност повторно да се реинкарнирам, би сакал да поминам низ истиот пат."

Мустафа Шех (кој потекнувал од шеховско семејство и бил одговорен за теќето) е првиот кој ѝ го симнува фереџето на својата сопруга. Тука би се надоврзала на иселувањето на Турците и би истакнала дека во струшко социјалистичкиот систем и неговиот поглед за религијата, т.е. верските забрани не претставуваат клучен фактор за нивното иселување. Според исказите на живите сведоци тоа претставувало тајна политика која се водела против Турците, но сепак тоа не подлегнува на никакви видливи докази и затоа останува само претпоставка и тврдење на живите сведоци.

Младите во Струшко се собирале и давале голем придонес за развојот на културно-просветниот живот, така почнале да се организираат првите фестивали каде за прв пат Турците, Албанците, Македонците излегле на сцена со своите народни носии. Дека жените во Струга биле доста еманципирани зборува и фактот што Неждете Нури, Незает Имам, Џилале Кука, Фадиле Скоро и други девојки за прв пат се појавиле на сцената и ги претставиле убавите национални игри, „ тоа беше голем бум".[67]
Стружани отсекогаш биле љубители на уметноста, тоа јасно може да се види и од традиционалната архитектура па и од самиот факт што Струга е град на поезијата.

Според мислењето на голем број стружани, додека во Струга не биле доселени луѓето од селата, без разлика од која национална припадност, владеела толераниција и соживот: свадби, празници, погреби се правеле заедно. Со доселувањето на луѓето од селата тоа се нарушило. Муит Бакал вели: „Но да истакнам дека ваквото размислување не е поради тоа што луѓето од село не заслужуваат почит, туку поради тоа што ние си имавме наши навики и начини на живеење, култура и сите се знаевме, кога настана миграцијата село-град бројот на жителите се зголеми, а исто така почна и мешањето на култури, сето тоа придонесе животот во Струга да почне да се менува."

Доста интересен е фактот што проблемите кои настанувале во градот ги решавале угледниот оџа и попот, кои кога постоел некој проблем заеднички седнувале и барале начини како може истиот да се реши, во Струга меѓу

[67] Според сеќавањата на Скендер Ахмети, наставник (по музичка култура) во пензија. Кој меѓу другото вели: „Струшките девојчиња за прв пат се појавија на сцената, што навистина претставуваше голем бум, беа навистина прекрасни, каде и да учествувавме освојувавме награди".

најистакнатите и најугледните биле: оџите Тасин Имам- ефенди, Мустафа Шех-ефенди и поп Синесија.

Веќе спомнав дека жената во Струга била еманципирана или набрзо почнала да се еманципира, сепак мора да се напомене дека жените биле потчинети и тоа не само жената Турчинка туку сите жени воопшто. Така, на пример кога се земала невестата од домот на нејзиниот татко таа била покривана со теписи за да не ја видат други мажи пред да ја види младоженецот. А свадбите и другите веселби се одвивале одвоено, мажите во посебни простории жените во посебни. Сепак, за разлика од другите градови, во Струга, жените се среќавале со други мажи, кога ќе им дојделе дома на гости или со пријателите на нивните сопрузи слободно комуницирале.

Обичаите биле покрути и сите морале да ги почитуваат, но тука покрај верските обреди владееле и традиционални обичаи кои биле карактеристични само за овој крај и сите тоа морале крајно да го почитуваат.

Карактеристично е тоа што во градот сите еснафи без разлика на вера и нација го зборувале турскиот јазик, а и кога ќе се доселел некој од село, брзо го учел турскиот јазик, бидејќи претставувал јазик кој го зборувале граѓаните.

Без разлика на економската состојба немало семејство кое не се занимавало со земјоделство, сточарство, рибарство само на тој начин можело да се опстане.

Во периодот кога немало електична енергија и водовод, кога со вода се снабдувале од бунарите, луѓето наоѓале различни начини да се забавуваат. После јација (последниот намаз, верски обред во денот) се собирале со пријателите и роднините и играле разни игри, а гостите ги служеле со варен компир, тиква и слично. Покрај игрите се раскажувале многу приказни, така што во Струга народната книжевост е доста богата, но за жал мал дел од неа е искористена и обработена.

## IV.2 ТРАДИЦИЈАТА И ОБИЧАИТЕ НА ТУРЦИТЕ ВО СТРУШКО

### СВАДБИ

Традиционалната Турска свадба во струшко се славела повеќе денови, односно скоро цела недела. На свадбите биле канети сите роднини и пријатели без разлика на нивната национална припадност. Свадбата започнувала со земањето на чеизот од домот на невестата, каде оделе најблиските роднини и пријатели на зетот, со свирачи оделе во домот на невестата каде биле пречекувани од страна на таткото и останатите блиски роднини и пријатели на невестата каде што ручале, се веселелеле и го товареле чеизот претежно во запрежни коли и го носеле кај зетот.

Потоа наредниот ден најблиските жени на зетот оделе кај невестата, за да ѝ ја однесат венчаницата и останатите дарови наменети за неа. Исто така носеле полн сандак со разновидно суво овошје, леблебии, лешници, кикирики, разнобојни бонбони и слично, а во домот на невестата биле пречекувани од повеќе жени роднини и пријатели на невестата и нејзиното семејство. Тој ден уште се нарекува боја, бидејќи тогаш и се носи к'ната со која ја мачкале невестата на нејзината моминска вечер (к'на геџе), кога и таа официјално станувала невеста. Сувото овошје донесено од страна на зетот им го делеле на жените присутни на оваа веселба, а жените пееле и се веселеле. Невестата ги облекувала фустаните кој ѝ биле донесени од страната на зетот и им гувеела на жените.

Наредната вечер невестатата славела моминска вечер, каде ги канела сите свои пријателки, роднини и сите други познанички на семејството. Во текот на оваа вечер невестата ја мачкале со к'на по рацете. Жените се веселеле, а невестата ги облекувала сите фустани и накити кои и биле донесени од страна на зетот и им гувеела.

Денот на свадбата во куќата на невестата се собирале најблиските роднини и пријатели за да ги пречекаат сватовите. Младоженоецот исто така го подготвувале, со тоа што берберот доаѓал во домот на зетот, таму го бричел и со тоа започнувала веселбата. Кога пристигнувале сватовите во куќата на невестата тие останувале околу половина час, а домаќините ги честеле со локум и шербет подготвен од невестата. Потоа невестата ја носеле пред сватовите, кои седеле одделно. На едно место ги сместувале жените, додека

мажите биле сместувани во други простории. Доколку домаќинот немал толку простории во домот, мажите ги сместувале во домот на најблискиот комшија и таа куќа се нарекувала конак. Невестата откако им бакнувала рака на сите, гувеела. Потоа со знакот на првата сватица, сватовите се подготвувале за заминување. Невестата од нејзинот дом ја изнесувале најблиските мажи, брат, роднина и слично после збогувањето на невестата со нејзиното семејство, невестата ја виткале во ќилим и ја сместувакле во запрежната кола за да не ја види никој друг пред да ја види нејзниот сопруг. Сватовите кои со нетрпение биле очекувани во домот од младоженецот ги навестувала музиката која секогаш одела пред сватовите. Младоженоцот ја пречекувал невестата, а на невестата и давале два леба под рацете и ставале ѓумче со вода да го истури, ова се правело за да има бериќет во куќата. Кога невестата ќе влезела во домот, нејзината свекрва ѝ ја потчукнувала главата од оџакот, за невестата да биде приврзана за куќата. Свадбата траела сѐ до доцните вечерни часови, кога зетот и невестата се повлекувале во нивната соба, вклучувале верски брак во присуство на оџа. Младоженецот и невестата ги затварале во нивната соба, а надвор веселбата продолжувала, сѐ до наутро кога на невестата и ставале скутник и ѝ го полнеле со гевреци, кифли и питулици што им ги делела на гостите за доручек. После свадбата невестата речиси цела недела ја носела венчаницата, бидејќи оделе жени да ја видат. Потоа следувле првичиња, односно вечери кои најблиските роднини и пријатели ги приредувале во чест на зетот и невестата, со цел семејствата меѓусебно да запознаат. Најпрвин, односно неколку денови после свадбата, оделе на првиче во домот на невеста, а потоа кој како ќе ги покани. Надвор од семејството кога другите познаници или комшии ја канеле невестата на шербет, каде оделе само жени, а невестата и таму оддавала чест со гувење.

ПОГРЕБИ

Кога ќе починел некој тоа се соопштувало и сеуште се соопштува преку читање на молитва од минарето на гратското теќе и џамија, и се кажува името на починатиот. Сите што ќе чуеле, без разлика на националноста и конфесијата, оделе на сочувство во куќата на починатиот. Откако, според верските обичаи, кога покојниот ќе бил избањат и подготвен за закоп, сите оделе на погреб. На погребите присуствувале речиси сите граѓани на Струга и

биле многубројни. Тоа укажува на фактот дека во тој период постоела поголема почит и толеранција помеѓу граѓаните. Карактеристично за муслиманската популација во струшко е тоа што на погреб одат само мажи. Откако ќе го закопале мртвиот седум дена во чест на починатиот се пеат молитви и се даваат вечери, после тоа му прават четриесет дена, а се пеат молитви и за педесет и вториот ден од смрта, бидејќи се верува дека токму тогаш почнува да се распаѓа телото на починатиот. Потоа се одбележуваат шест месеци и година од смрта. Во текот на сите обреди кои се прават во чест на мртвиот се дели алва и леб за душа од мртвиот, а семејствата каде се носи задушнина пеат молитви во чест на мртвиот, со убедување дека на тој начин ќе му се олесни судењето кое според верското убедување го очекува во задгробниот живот.

## ЖИВОТОТ НА ЖЕНИТЕ ВО СТРУШКО

Жената Турчинка во струшко била симбол на убавина, чистота, грациозност и по начинот на кој тие се грижеле и ги украсувале своите домови. Но според искажувањата на многу жени и мажи, жените за разлика од денес биле повеќе потчинети. Жените се гржеле за семејството во доста оскудни услови, переле во езерото, реката или дома, ги собирале алиштата на сите членови на семејството и ги переле само со сапун и пепел. Се грижеле за стоката, помагале околу земјоделските работи и слично. Побогатите семејства имале и свои аргати. Жените во Струга носеле многу карактеристично фереџе, кое го врзувале на начин кој е карактеристичен само за Струга и Охрид и изгледале многу естетски и грациозно. Но факт е дека во овој период жената без разлика на националната припадност била потчинета и живеела според традиционалните норми, односно мажот имал многу поголема моќ. Една од најголемите причини за тоа била економската зависност на жената, а исто така и традиционалното сфаќање на средината, така што жените воопшто не можеле да излезат од домот, не можеле да направат ништо ако претходно не добиеле дозвола од нивните сопрузи или некој постар член на семејството.
Струшките плажи биле поделени на машка и женска. На машката плажа оделе мажите, а на женска жените. Жените во Струга за прв пат излегле на плажа

околу 1950 година, претходно ниту една жена не излегувала на плажа по костум за капење, ако оделе на бањање тоа го правеле на многу скришен начин.

За големите христијански празници тие им сучеле баклави на своите пријатели и оделе на гости во чест на празникот, додека за исламските празници нивните пријателки им помагале во празничните подготовки.

Во струшките села состојбата била слична можеби за нијанса полоша, но за разлика од другите села во Македонија во струшко не постоел премногу голем фанатизам. Според сеќавањата на чичко Зекаил кој продавал ѓердани од бисери и монистри низ струшките села во замена за јајца, сирење, овошје или зеленчук, тој никогаш немал проблем да влезе во селска куќа и да им го понуди својот накит на жените.

Животот воопшто бил тежок, но животот на жената бил уште потежок, бидејќи тие покрај тоа што се бореле со сиромаштијата, со домот и слично биле жртви и на традицијата.
Како и да е, жената без разлика во какви услови живее таа сепак е жена и сака да изгледа убаво. Шминки речиси и немало, но и да можело да се набават тоа за нив претставувало луксуз кој не можеле да си го дозволат, така што откако ќе изгорел јагленот кој го ставале во мангалот за да се затоплат, земале едно парченце и ги шминкале очите, косите ги виткале со загревање на подебели клинци во жар,а од розите правеле различни мевлеми и креми. Розите ги користеле и за подготовка на сок, кој бил мошне популарен во минатото. Поради тоа што се живеело во заедница семејствата биле поголеми, а тоа претставувало дополнителен товар за жените, бидејќи тие требало со малку продукти да подготват јадење за повеќе души, поради тоа се правеле повеќе комади под сач подготвени на различни начини, а за вечера подготвувале губи кои сами ги сучеле, тарана, кускус и слично.

## ЖИВОТОТ НА МАЖИТЕ

И животот на мажите бил доста тежок, тие се бореле да заработат во многу оскудни услови. Риболов, земјоделство, сточарство или некој занает биле единствени алтернативи за егзистенција. Потешките земјоделски и сточарски работи ги извршувале мажите, но сепак би требало да се истакне

дека стружани се познати како добри сопрузи кои знаат да ја почитуваат сопствената жена. За разлика од нивните сопруги тие имале повеќе можност за забава и нивниот простор на движење не бил ограничен, така што за да се растеретат од напорните обврски можеле да излезат во меана, да се прошетаат низ струшката чаршија и да си помуабетат на главниот мост.

Семејството била силна институција, а глава на семејството бил мажот, кој имал многу обврски и тешкотии. Требало да обезбеди храна за сите, да се грижи за нивната безбедност и за честа, која во минатото била од клучно значење за семејствата.

Зборот на мажот бил многу влијателен, силен и краен. Тој ги носел сите значајни одлуки за семејството, тој одлучувал за кого ќе се омажи ќерката или сестрата, неговата желба била пресудна. Ваквите односи во Струга и не биле толку нападни, бидејќи таткото или братот ја прашувале девојката да ја каже и нејзината желба. Ако девојката не сакала, или се труделе да ја разубедат или ја слушале нејзината желба, многу ретко ја да прегазувале нејзината желба. Стружани големо значење му придавале и сеуште му придаваат на семејството, односно неговото потекло и углед. Можеби ова е една од најлошите карактеристики на стружани, бидејќи ако некој кој се сметало дека потекнува од непознато семејство се вљубил во мома од познато и угледно семејство, тука веќе настанувал голем проблем и дури и се навредувало семејството на момчето, затоа што се осудило да ја запроси нивната ќерка.

## МУЗИЧКО МИНАТО НА СТРУГА

Скудните податоци со кои се располага укажуваат дека Струга на музичко поле е плодна и интересна. За тоа зборуваат многубројните факти, како на пример, оперската претстава одржана во 1912 година, помеѓу двете води од страна на членови на француската опера во Париз, учебникот по нотно пеење напишан од старана на стружанецот Наум Миладин, во 1841 година и слично.

Во Струга се разликуваат две категории на музички фолклор и тоа: архаичен и современ. Во архаичниот се вбројуваат оние градски и селски песни кои што се пееле и сеуште се пеат во Струга, а се појавиле во далечнот минато и се

зачувале по пат на усното предание. Овие песни и денеска се пеат и се слушаат со голем интерес и љубов. Песните што спаѓаат во оваа категорија, од етномузиколошка страна се вредни затоа што успеале да ја зачуваат својата изворност. Овие песни се движат во мали интервали и нивниот мелодиски амбитус е исто така мал. Тие често се едногласни и по форма многу едноставни. Споменетите карактеристики важат и за инструменталната фолклорна музика од овој вид.

Втората категорија, во споредба со првата, повеќе се разликува од другите музичко-фолклорни подрачја во Македонија. Имено, овој фолклор е создаван под големо влијание на Европа и затоа мелодиските линии обилуваат со големи интервали и нивниот амбитус е широк. Овие мелодиски линии извираат од хармонијат (што е типичен средноевропски белег), а нивната форма е јасна. Тие често се пееле и се пеат повеќегласно. Нивните говорни текстови се издржани, така што доведуваат до помислата дека биле создавани од професионални поети. Повеќето од овие песни зборуваат дека стружани, score неможејќи да се задоволат со музицирањето на два или три тона, со неорганизираното повеќегласие и со нејасната форма, посегнувале кон напреднта Европа и оттаму црпеле музичко богатство, кое во новата средина се транспонирало и се адаптирало, така што на крајот станувало нивна културна сопственост.

Ваквиот амбиент и потреби резултирале со специфичност на турските песни карактеристични за овој крај, кој по својот мелос се разликуваат од другите народни турски песни.

Стружани биле познати по нивниот боемски живот и по тоа дека сакале да одат по меани и да се напијат по некоја чашка. Во голем дел од песните народниот пејач пее за меаните и за чашката, но се пееле песни за и жената и нејзината убавина, за убавините на природата и за животот во градот.

НАРОДНА И МАТЕРИЈАЛНА КУЛТУРА

Убавата природа, умерената клима, езерото и неговиот истек Црн Дрим, бујните извори и потоци што се слеваат низ ридјето и планините, како и широкото и богато поле, условиле овој убав крај да биде населен од најстарите

времиња. Насекаде а особено покрај езерото и Црн Дрим, пронајдени се остатоци уште од младото камено доба.

Сите овие елементи се одразиле и врз физичката и психичка конституција на населението од оваа област, која според природните и другите услови се дели на: Струшко Поле, Струшки Дримкол и Малесија. Центарот на овој предел отсекогаш бил градот Струга.

Шароликоста на населението, што се состои од Македонци, Албанци, Турци, Власи и др. обусловиле да има заемни влијанија како во материјалната така и во духовната култура. Но, тие влијанија никогаш не биле толку големи за да се изгубат елементарните белези на етничката, односно националната припадност.

Во Струга - економски, а подоцна и административен центар на овој крај – сите тие компоненти си го нашле својот одраз. Местоположбата на грдот што се наоѓал на патот кој уште од дамнешни времиња служел како врска помеѓу Средна Албанија, Битола и Солун, овозможиле во Струга да се развие трговијата и разни занаети. Во Струшката чаршија во тоа време имало околу 200- 250 дуќани. Мошне биле познати струшките панаѓури, кои се одржувале двапати годишно и тоа: еднаш напролет и еднаш наесен. Панаѓурите траеле и по две недели. И денес местото каде што се одржувале панаѓурите се вика „Панаѓуриште". Основно занимање и главен извор на приходи на стружани бил риболовот, особено ловот на јагули. По богатиот лов, јагулите и другите риби се чистеле, се соллеле и сушеле, а потоа се разнесувале во поблиските и подалечните градови, дури и низ целиот Балкански Полуостров. Францускиот патеписец Буе, кој дава важни податоци за животот и занимањето на населението во Европска Турција, му паднало в очи дека насекаде околу крајбрежјето имало распнати мрежи и риби што се сушеле на сонце и ветер. Едно од основните занимања на стружани и на околното население, било земјоделството поради што Струга се споменува и како житно пазариште.

Струга била позната и по грнчарството, каде имало околу 10-15 грнчарски работилници каде работеле 30-40 души.[68] Интересно е да се спомене дека овој занает го работеле само три познати струшки семејства: Голабовци, Миладиновци и Малевци и тој занает се предвал од колено на колено.

[68] Ракписен превод од Фоти Масин, во Библиотеката на Народниот музеј во Охрид.

Струшките грнчари своите производи ги продавале во околните градови Охрид, Дебар, Поградец и Елбасан.

Кувенџискиот занает бил исто така карактеристичен за Струга и тој исто така се пренесувал од колено на колено. Кувенџиите биле познати во потесната и во пошироката околина на Струга по своите прецизни и префинети производи. За тоа се зборува и во народните песни:

*„Тебе те кажвет баш кувенџија,*
*Јас ќе ти дам драм и пол сребро,*
*Да ми направиш ковани ѓердан,*
*Што ќе престанит да ми го вратиш!"*

Ако се анализира архитектурата во Струга јасно може да се забележат повеќе култури и влијанија. Во различни периоди архитекурата била различна но бледи остатоци од сите тие периоди и култури можат да се видат и денес. Карактеристично за куќите во Струга е тоа дел од просториите се приспособени за живеење во летните месеци, а дел за зимските месеци. Недостатоците на оваа концепција се компензирале со облека. Тоа покажува дека стружани биле снаодливи и дека имале силно чувство на мерка и близина.

Една од најкарактеристичните белези на народната припадност била носијата. Шароликоста на народната носија во Македонија нашла одраз и во овие краишта. Тоа особено се однесува на женската, која во струшкиот крај се јавува во повеќе варијанти, во зависност од пределската припадност.

Што се однесува до турската носија многу познато било џубето, кое било богато извезено со срма, врз квалитетно кадифе.

После ослободувањето, со интензивна индустријализација и развивање на социјалистичките односи, општеството се менува, а тоа влијаело и врз секојдневниот живот и навики. Фабричките производи почнале да го олеснуваат начинот на живеење, а тоа се одразило и врз носијата, односно облеката. Така што со тек на времето народните носии и везови го изгубиле своето значење и сé повеќе станувале атракција или наследство.

# V. ПРОМЕНИТЕ ВО НАЧИНОТ НА ЖИВОТОТ И ТРАДИЦИЈАТА

## V.1 ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТОТ НА ТУРЦИТЕ

Периодот помеѓу двете светски војни и окупацијата, претставуваат доста тежок период во поглед на развојот на културата и просветата, тоа е всушност период кога во Македонија настанува стагнација во развојот на истите. Во овој период луѓето се бореле со голема сиромаштија, биле под силен притисок на окупаторот, така што културно-просветниот развој бил на втор план.

Но веднаш после ослободувањето започнува културно-просветното издигање, така што на првото заседание на АСНОМ биле донесени многу важни одлуки што претставувале блескави возвишувања во сите сфери на општествениот живот.

Културно-просветните појави и процеси се и фактор во ослободувањето од баластот на неписменоста, т.е. фактор за културно-просветниот развој на Македонија.

Културно-просветната политика во Југославија воопшто и во Македонија посебно, можела да се созгледа не само низ призмата на совладувањето на последиците во оваа значајна област, туку и низ материјалната база. Бројките што ги нудат тие посредно даваат одговор барем на неколку важни прашања, без кои културно-просветната полотика во Македонија тешко може да се разбере и објасни. Во првите години после ослободувањето на Македонија како резултат на тешките последици од војнат, материјалната база била можне скромна. Постојните општествено-политички односи во државата значајно влијаеле врз прецизното утврдување на сумите кои во државниот буџет биле наменети за развојот на просветата и културата, т.е. на оние суми кои се слевале во ресорното Министерство за просвета на НРМ.[69]

Уште на било согледано дека од вложувањата во културно-просветниот буџет зависат не само виталните интереси на просветата и културата, туку и на целокупниот живот. Тоа го констатирал и министерот за просвета Никола Минчев, во текот на расправата за буџетот за 1945/46 година, го кажал следното: „И денес, и покрај тенденцијата на штедење, треба д се имаат

[69] Јурукова, Н.,: *Културно- Просветни Појави и Процеси во Македонија (1944-1953)*, - Институт за Национална Историја, Скопје, 2003, стр. 20

предвид интересите на културата и просветата. Положбата во нив е доста лоша и затоа мора да се согласиме сите за поголеми материјални вложувања во буџетот за таа намена. Потребно е ова нарочно да го нагласам и овде во овој дом, затоа што денес се зборува да им се помогне на учениците и студентите со природни способности, на талентите на нашата земја, а тоа ќе се постигни со поголеми вложувања во оваа сфера. Меѓутоа, ако во исто време се зборува за штедење во просветата и културата, тогаш е јасно дека штедењето од една и проспиритетот и напредокот од друга страна, се две различни цели спротивни една на друга. Ако нашата култура и просвета не добијат доволно средства потребни за нивни полет, тогаш можеме лесно да ја согледаме колкава е и опасноста за развојот на останатите гранки од целокупниот стопански живот".[70] Сумата која и инаку била скромна во буџетот на ресорното министерство за просвета, не можела да ги задоволи културно-просветните потреби во Македонија. Помишникот министер, Љубен Лапе, во буџетската расправа за 1946 година, исто така реагирал за малите финансиски средства кои се давале за издржување на културно-просветните институции. Тој истакнал дека „средствата за провета и култура не се доволни и не дозволуваат нормален живот во таа област. Лоши се условите во кои започна да се спроведува новата културна политика, буџетските средства се мали, а потребите за развој на просветата и културата во нашат држава се многу големи".[71]

Културата и просветата имаат големо влијание во севкупниот општествено-политички живот. Доколку нема култура, просвета и просветување секој обид за демократизација на општеството претставува илузија. Министерот сметал дека културата и просветата се главна база на индницата, со чија помош би се ослободиле и активирале големи творечки потенцијали. Министерот го дигнал својот глас за зголемување на сретствата кои се одвојувале за финансирањето на културата и просветата, истакнал дека тие не одговарале на потребите „на нашата заостаната култура и просвета, а ни на

[70] ДАРМ, фонд: Министерство за просвета на НРМ (1945-51); к.44, ае.27/538-612, Експозе на министерот за просвета на НРМ за Проект-буџетот и Дополнителниот буџет за 1946 година.
[71] ДАРМ, фонд: 170, к.44, ае.29/709-722.

националната улога која денеска ја има културата и просветата. Ако се штеди за просветата и културата тоа е штетно".[72]

Потоа додал: „Ако сакате да видите колку е некој народ просветно и културно развиен, и колку има животна енергија за да се искачи на повисок степен на културата, тоа се гледа во просветната работа на тој народ, бидејќи во просветата се гледа идеологијата на еден народ и на нејзината држава, а сето тоа зависи од вложувањето".[73]

Во годините после ослободувањето со цел да се задоволат елементарните потреби во културата и просветата, и покрај тешките услови во земјата, од целокупниот буџет се издвојувале сé повеќе средства за образованието и културата. Македонија морала да оствари извесен динамичен напредок на планот на просветувањето. Со тие средства биле направени промени во начинот на животот, се менувале навиките и начинот на стопанисување. Средствата биле наменети за плата на културно-просветните работници, за одржување на училишните згради, за обнова, за изградба, за поправки, за инвентар и сл. Тоа се доволни показатели кои укужуваат на постојаната грижа и за поголемата стабилност во културно-просветната политика.

Периодот после ослободувањето е од голема важност за културно-просветното издигање во Македонија. Парелелно на тоа настануваат и промени во начинот на живеење, идустријализацијата, исто така, има важна улога во промените на одредени навики. Животот на луѓето постепено почнува да се менува и да станува подинамичен. Се отвораат работни места, така што се започнува еден нов општествен живот. Може да се каже дека претставува и клучен период за еманципација на жената, и нејзе ѝ се отвара можност за вработување, заработка и таа веќе не се грижи само за домот, туку почнува и нејзиното економско учество во семејството. Со тоа жената добива економска независност и поголема почит, почнува да се почитува и нејзиниот глас и мислење. Врз основа на тоа почнуваат промени во начинот на нејзиното облекување, изразување, промени во работните обврски во домот, така што жената постепено навлегува во борба за рамноправност со мажот.

[72] ДАРМ, фонд: 170, к.42,ае. 15/225
[73] Истото.

Општествениот живот почнува да се менува, луѓето постепено ги напуштаат старите работни навики и започнуваат борба за ново културно издигање. Сите овие промени се чувствуваат и во традицијата, динамичноста на новиот живот наметнува и напуштање на голем дел од традиционалните навики, и нивна замена со нови практични навики, бидејќи веќе и животот на жената не се одвива само во домот.

## V.2 ПРОМЕНИТЕ ВО НАЧИНОТ НА ЖИВЕЕЊЕ И ТРАДИЦИЈАТА ВО СТРУГА И СТРУШКО

Културно-просветните промени како и промената на традиционалните навики како насекаде во земјава настануваат и во Струга и струшко, но некои традиционални промени особено на турската популација во Струга и Охрид се случуваат со побрз интензитет за разлика од другите градови. Некои од причините погоре веќе и ги споменавме. Меѓу најзначајните показаталеи кои го потврдуваат тоа е отстранувањето на фереџето и може да се каже дека Мустафа Шех е првиот кој и го тргнува фереџето на својата сопруга и тоа не прв во Струга туку и во целата земја, фактот што Неждете Нури, Незает Имам, Џилале Кука, Фадиле Скоро и други девојки за прв пат излегле на сцена за да ги претстават убавите национални игри и други слични промени укажуваат на тоа дека во Струга културните промените брзо се прифаќале. Со новит систем, како што веќе истакнав, настанале и промени во начинот на живеење, животот станувал сé подинамичен и традицијата почнала да се менува, новите вработувања, а особено вработувањето на жената наметнала некои традиционални навки и обичаи да се заменат со нови попрактични, така што почнале промени во начите на забавување, празнување, свадби, погреби и слично. Почнале да се организираат многу повеќе културни манифестации и организации, времето почнало да се почитува, затоа и свадбите и други празнувања не се правеле по многу денови, размислувањето на луѓето почнало да се менува, сé поголемо значење почнало да му се придава на општествениот начин на забавување и културно издигање.

## V.3 СПОРТОТ И НЕГОВОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА КУЛТУРНОТО ИЗДИГАЊЕ ВО СТРУШКО

Организирањето на различни театарски претстави, музичките групи и фолклорот, книжевиот развој, идустријализацијата и модернизацијата, развојот на образованието и слично неспорно е дека одиграле голема улога во културниот развој, но исто така огромно е значењето и улогата на спортот и спортските клубови во поглед на културното издигање, земајќи го впредвид и фактот што Стружани отсекогаш биле љубители на спортот особено на спортот во води. Така, спортовите како: пливањето, кајакот, ракометот, фудбалот и Ф.К. „Караорман“ може да се вбројат меѓу најзначајните фактори кои придонеле за културен развој, модернизација, промена на одредени стереотипни сфаќања, социјализација и го развиле чувството на колективност.

### ФУДБАЛОТ И ЗНАЧЕЊЕТО НА „КАРАОРМАН“

ФК „Караорман“ бил формиран во 1923 година, но ако зборуваме за „Караорман“ во годините после ослободувањето може да се каже дека претставувал гордост за секој стружанец. ФК „Караорман“ било афирмирано од секое семејство, и тоа преку учество во одредени сегменти од неговата работа и живот, а на тој начин, возвратно доживувале и сопствена афирмација. Повеќе од пет децении Струга била препознатлива во Македонија и пошироко преку ФК „Караорман“, кој со својата интерпретација на фудбалската игра ги изненадувала и збунувала љубителите на фудбалската игра во многу поголеми градови, а на тој начин создавал симпатии и пријателства насекаде каде што гостувал.

Фудбалскиот клуб „Караорман“ не бил носител само на фудбалската фантасмагорија во Струга. Од него произлегле и другите спортови, затоа што во почетокот тие биле негови секции, кои со тек на својот развиток и афирмација прераснале во спортски клубови кои продолжиле да го афирмираат градот крај езерото и Дрим.

Развитокот на културно-забавниот живот во Струга бил тесно поврзан со ФК „Караорман“. Во него се раѓале идеите и биле реализирани преку

одржување на манифестации со различни содржини, кои придонесувале за развивање и унапредување на духовните вредности кај младите луѓе и средини.[74]

Последниве неколку децении ФК „Караорман" доживува стагнација како резултат на прекинатата врска со градот и семејствата кои биле двигатели на спортскиот дух.

Со развитокот на фудбалската игра сѐ повеќе се наметнувла и потребата од целосна грижа и заштита на здравјето на фудбалерите. Бидејќи во Струга после ослободувањето немало развиено здравство, за здравјето на фудбалерите се грижел Сандри Дуни.

Потоа со развитокот на здравството во општина Струга, за здравјето на фудбалерите се грижеле лекарите: Јонче Ковачески, Стојче Ковачески, Боре Мојсо, Ацо Богданоски.

Во плејадата на учесниците во работата и активностите на ФК „Караорман" бил и Коле Калајџиески, во младоста како фудбалер, а подоцна повеќе децении како незаменлив домаќин, одржувач не само на опремата, туку и како вистински мајстор за поправка на чевлите и топките. Со својата повеќедецениска активност во ФК „Караорман", вљубеници на фудбалската игра, организатори на натпреварите дома и на гостување биле: Стефан Талески, Климе Томан, Владислав Деребан, Јоне Гоцо, Миле Пејоски, Екрем Ќела, Исан Аго, Манте Каплан- Капо, Демир Бекри, Спахо Себахудин.

Сите набележани вљубеници не ќе можеле успешно да ја извршат својата активност ако со нив не бил градот. „ФК „Караорман" и Струга дишеле со духот на неразделна сплотеност, што ги исполнувало стружани да се чувствуваат како едно и во миговите на спортската радост и тага".

Несомнено е дека . „ФК „Караорман" е од големо културно значење за Струга и стружани, покрај фудбалот и пријателството, управата на клубот од своите играчи барала успеси и во образованието - во спротивно им следеле санкции.

[74] Чакар, К.: *Ф.К. Караорман 1923- 1998,*- Рубљов, Струга, 1998.

# КРАТОК ИСТОРИЈАТ ЗА ПЛИВАЊЕТО

Спортските активности на вода отсекогаш биле атрактини и популарни за стружани, особено во летниот период кога и се одржувале натпревари со спортски веслачки кајчиња, натпревари со обични кајчиња и пливачки натпревари.

Така, во 1947 година се појавиле првите организирани почетоци на пливачкиот спорт во Струга. Неколку љубители на пливањето како Стефо Беле и Петар Милев ја формирале секцијата за пливање при тогаш постоечкото Спортско Друштво „Караорман" од Струга. Оваа секција потоа се развилаво пливачко-веслачка секција која преминала во склоп на Гимнастичкото Друштво „Нико Нестор". Претседател на оваа секција бил Киро Нестор, а членови на управа биле Димитри Ѓоргоноски и Ацо Нестор. Во 1951 година секцијата се издвојува од спортското друштво и се регистрира како посебно Пливачко и Веслачко друштво „Струга", но подоцна поради развојни потреби се разделуваат овие два спорта во два посебни клубови. Со развојот на пливањето се развива и ватерполото.

Почнале да се градат пливалишта, во чија изградба учествувале речиси сите стружани, а првото пливалиште било изградено пред фудбалското игралиште на „Караорман", но бидејќи било изградено на отворено и изложено на бранови со тек на време во него немало повеќе услови за работа, па се изградило второ, па трето. Во четвртото пливалиште што било изградено пред хотелот „Галеб" во 1954 година се одржало првото пионерско републичко првенство. Континуитетот и значењето на пливањето како и успесите на пливачите биле основа за изградба на петтото пливалиште во 1954 година, кое сеуште постои.

Во архивата на клубот пронајдени се некои пишани документи од состаноците кои ги воделе работните групи на пливачкиот клуб „Струга", каде е наведено дека пливањето во Струга отпочнало со волјата и желбата за пливање и натпреварување на шест рибари, еден занаетчија и еден средношколец.

На второто републичко пливачко првенство одржано во Охрид на 12 и 13 Јули 1947 година како први натпреварувачи се споменуваат: Демирали Цане, Уршо Гаваз, Џемаил Керим, Номче Мојсоски, Шаип Таири, Аџи Сулејман, Анастас Миса. На ова првенство струшките пливачи во екипен пласман се

пласирале на третото место, зад „Охридски бранови“- Охрид (формиран во 1932 година) и „Работнички“- Скопје.[75]

Во годините кои следувале, пливачкиот клуб „Струга“ учевствувал на речиси сите државни натпревари и покажувал видни резултати. Голем број пливачи од Струга освојувале државни рекорди со што станувале и гордост на градот. Пливањето како спорт од година во година се́ повеќе се развивал, а многу пливачи и љубители на пливањето дале свој придонес за неговиот развој. Многу имиња заслужуваат да се спомнат, но со цел да ја запазиме рамката на нашето истражување би го спомнала само Виктор Ашталкоски, како еден од најголемите љубители на пливањето, кој со своите залагања дал голем придонес во неговото развивање. Пливањето било од големо културно значење, бидејќи се појавува и се развива во период кога настануваат промени во начинот на живеење и традиција. На младите им се отворила нова можност за меѓусебно дружење, размена на култури, социјализација. Сето тоа придонело за поголема толеранција, почитување, бидејќи сите имале иста цел, преку пливањето покрај останатото да го афирмираат градот.

[75] Податоци од Архивот на „Пливачки Клуб“- Струга

# VI. ИСЕЛУВАЊЕТО НА ТУРЦИТЕ ОД СТРУГА И СТРУШКО И ДЕМОГРАФСКИ ПРОМЕНИ

## VI.1 ИСЕЛУВАЊЕТО НА ТУРЦИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА И ОД СТРУШКО

Иселувањето на Турците и на сета останата муслиманска популација од Балканот претавува процес кој започнал со распаѓањето на Османлиската империја, амплитудите на интезитетот на ова иселување биле различни во различни преиоди, зависно од конкретната внатрешна или надворешна политичка состојба. Затоа причините за наглото зголемување на барањата за иселување од Македонија по 1945 година треба да се бараат токму во конкретните општествено-политички прилики во земјата од една, но и во погледите и сфаќањата на муслиманските верници, од друга страна. Ова иселување кое започнало веднаш по ослободувањето, во почетокот на педесеттите години зема сé поголем замав. Така, може да се рече дека не постоела населба каде што не живееле припадниците на муслиманска вероисповед ( најмногу Турци и исламизирани Македонци) и каде што ова прашање не било секојдневно актуелно. Според некои податоци (кои се различни), во период по Втората светска војна, од Република Македонија се иселиле околу 200.000 Турци.

Мошне видливо е иселувањето на Турците од Македонија и во периодот помеѓу двете светски војни (1918- 1941), иако не се знае точниот број на овие иселеници по години. Втората светска војна само временски го спречила иселувањето, но никако не ја уништува желбата за одење во Турција, зашто веднаш по осолбодувањето , како што стои во документите „ кај приличен број Турци постоел стремеж и намера да се селат во Турција".

Со доаѓањето на комунистите на власт, кои се декларираат како атеисти, Турците во голема мера се чувствувале верски загрозени , сметајќи дека „ нема религија без крал". Затоа било евидентно нивното пасивизирање во однос на функционирањето на „ народнофронтовскиот режим" во тогашна Народна Република Македонија (НРМ), а уште позабележливо било нивното дистанцирање од органите на Комунистичката партија (КПМ). Ваквиот однос на Турците кон новата комунистичка власт, зборува дека тие имале и верски и

политички и економски причини поради кои се иселувале од Авнојската федерација (ФНРЈ) и од Македонија како нејзин дел.

Наспроти желбите и барањата за иселување на претставниците од одредени народи, државата сметала дека со политиката на национална рамноправност веќе е создаден нов амбиент кој ќе дејствува за нивното останување. Барајќи оправдување во фактот што такви иселувања имало и порано, властите ја занемариле огромната улога на исламот, но и на „социјалистичките“ услови на стопанисување во кои, приватната сопственост се прогласила за „шпекулантска“ или „капиталистичка“. Имено Турците во Кралството Југославија немале права, но имале имале слобода на вероисповед, верски училишта, сибјан мектеби, медреси и мектеби кои постоеле скоро при секоја џамија и биле масовно посетувани од турските деца, за сметка на редовните училишта. Може да се каже дека токму ова претставува и периодот на стагнација во развојот на турскиот јазик, неможноста за образование на мајчниот јазик ги навело сé повеќе да се образуваат во верските училишта. Исто така, Турците поседувале поголеми земјоделски поседи и имале развиена трговска и занаетчиска дејност по градовите која можеле слободно да ја извршуваат до капитулацијата на Кралството Југославија.

Во првите години по Втората светска војна, во годините на воведувањето на „ комунизмот“, со неговиот нагласен атеизам и борба против „религиозните заблуди“, најпрво отпор почнале да даваат поугледните верски претставници, потоа турскиот конзулат, организацијата „Јуцел“ и други „реакционерни елементи“. Заради тој факт и првите настојувања за иселување главно, биле објаснувани „со верско и национално чувство“. Ставот на државата „да не се дава иселување никому“ уште повеќе придонесол за ширење на пропагандата за одење во Турција. Со оглед на тоа што властите ги попречувале редовните барања за иселување, биле забележани бројни појави на дезертирање од Југословенската народна армија и илегално пребегнување преку граница.

Според исказите на некои стружани, живи сведоци од конкретниот период, чии блиски роднини и пријатели се иселиле се тврди дека државната политиката за попречување на иселувањето ја водела само на хартија, дека всушност им се вршел индиректен притисок на Турците за иселување, дека законот за национализација бил донесен за да може оваа политика подобро да

се спроведе. На Турците покрај останатиот имот им се одземале и дуќаните кои им биле главен извор за егзистенција. Сепак ова е само претпоставка која отвара можност за нови истражувања и докажувања за нивната веродостојност, сега за сега тоа се само претпоставки и убедувања на дел од населението. Овие претпоставки може да бидат и последица од тага на Турците кои останале тука размислувајќи зошто нивните блиски ги напуштиле своите домови и заминале.

Заради сите тие можност се чувствувала напнатост која била зголемена со мошне интензивната пропаганда. Покрај пропагандата која се ширела во НРМ, иселениците развиле пропаганда и во Турција. Помеѓу другото, тие испраќале апели до турската влада со барање да се преземат мерки за олеснување на иселувањето со што ќе се овозможи и „спасување од комунизмот во Југославија“.

Излегувањето на Резолуцијата на ИБ (1948) и новонастанатата ситуација од односите на Југославија со Исток и Запад, вродиле извесна надеж кај Турците дека ќе можат да бараат отпуст од државјанство и иселување.

Во тие рамки, пред сé, би ја навела аграрната политика во периодот 1945-1953, со мерките како: аграрната реформа (1945-1948), задолжителниот опкуп (1945-1953), колективизацијата на селото (1949-1953), ограничувањето на замјишниот максимум на 10 ха (1953) итн., со кои особено биле погодени Турците. Од друга страна, национализацијата на приватната сопственост (1946, 1948) ги засегнала приватните сопственици, занаетчии и трговци по градовите, кои неможејќи така лесно да се приспособат на новите услови, започнуваат процес на напуштање на Македонија. Движењето за „враќање во Турција“ станува поизразено во пролетта 1949 година, посебно во Св. Николската и Штипската околија. Тоа се засилило со акцијата за симнување на зарот и фереџето, која била сфатена како навреда на националната чест и достоинство на турската и другите популации од исламска вероисповед. Кампањата за симнувње на зарот и фереџето била мошне интензивна во текот на 1950 година, а во јануари 1951 година бил усвоен и посебен закон. Спроведувањето на одредбите на овој закон особено се почуствувал кај дервишите.[76]

Од спрведеното истражување, ова прашање во Струга и Охрид, според некои пишани документи и според исказите на живите сведоци и не

[76] Ачковска, В., : *Иселувањето на Турците од НРМ по Втората светска војна (1945-1960)*, - Сојуз на Историчарите на Република Македонија, Скопје, 2002.

претставувало многу голем проблем, бидејќи како што веќе кажав и погоре стружани и охриѓани биле полиберали во овој поглед за разлика од другите градови, земајќи го впредвид и фактот што дервишот Мустафа Шех е првот кој го симнува фереџето од својата сопруга.

Од низ документи поврзани за овој проблем, барем за првите повоени години, се стекнува извесен впечаток дека државно-партиската политика за исти дела има поинаков однос кон Турците отколку кон Албанците. Турското население „ни криво ни должно како да мора да го плати гревот на петвековното турско османлиско владеење во Македонија“.[77]

Во ригорозната идеолошко-политичка подвоеност на „социјалистички“ и „капиталистички“ табор, непосредно по Втората светска војна, Турците понекогаш биле оквалификувани како „непријателско малцинство“ бидејќи нивната матица била капиталистичка земја за разлика од Албанците чија матица припаѓаше на групацијата социјалистички земји.

Настојувањето на Турците за преселување во Турција, Партијата (КПМ) го оценува како „непријателска активност против социјалистичката реконструкција на селото“ спроведувана од „ разбиената реакција и капиталистичките елементи на селото“. Пласираната парола: „или во задруга или во Турција“ се сметала за обид да се внесе незадоволството сред турските маси, да се компромитира власта, политиката за братството и единството и колективизација. Партиските активности и припадниците на месните селски органи на власта биле задолжени да покажат поголема будност во спречувањето на „непријателските активности“ и иницијативи.

Официјалните оценки за иселувњето се движат во хронолошката рамка *пред* и *по* „говорот на Лазо Колишевски“. Додека дотогаш иселувањето се сметало за „непријателска дејност“ веќе во 1954 година, Комисијата за национални малцинства при ЦК СКМ констатира дека иселувањето на Турците не е нова појава, а уште помалку појава создадена врз „некаква национална и верска нетрпеливост“. Во новосоздадената политичка клима се смета дека иселувањето не е предизвикано од каква било непријателска дејност насочена „против изградба на социјализмот“ и иако има такви појави „тие не се битни за иселувањето“.

---

[77] Истото.

Покрај очигледно нагласеното „големо" значење на „изјавата на другарот Лазо" и промената на партискиот став околу иселувањето, наглото зголемување на бројот на лицата кои барале отпишување од државјанството на ФНРЈ заради преселување во Турција, во текот на 1954 година, бил поврзан и со еден многу практичен проблем - дозволата за лицата кои се селат да можат да ги продаваат своите имоти. Ова е поважно, бидејќи кога ќе се проанализира социјалистичкиот состав на Турците во Македонија, може да се види дека повеќето биле иматели на приватна сопственост, т.е. припадници на т.н. „развластени слоеви" на населението, а многу незначителен бил процентот на пролетери-работници од турскиот етнички елемент.[78]

Според искажувањата на неколку иселеници од струшко, голем дел од нивните имоти или ги зела државата или присилно им ги откупувала и за нив им плаќала многу симболична цена. Според сеќавањето на еден постар иселеник им била одземена една огромна нива која се наоѓала на едно од поатрактивните места во Струга и за истата им биле исплатени средства со кои можеле да купат само еден камион дрва.

Турците, кои во голема мера во претходниот период биле трговци во градовите, по ослободувањето, влегле во категоријата „капиталистички остатоци" и ним им било оневозможено да се занимаваат со слободна трговија. Тие биле принудени да работат како продавачи во трговската мрежа или на други разновидни и потешки работи, бидејќи немале нужно образование и други квалификации. Таков бил случајот и со занаетчиите кои на разни начини биле оневозможувани во својата приватна дејност, така што и овие гледале подобри можности за економски опстанок во Турција. Сето ова меѓу другото придонело и за изумирањето на занаетите, така што многу занаети преку кои била препознатлива Струга, неможејќи да опстана,т еден по еден почнале да се губат што во истовреме претставува и бришење на занаетчиската култура што за струшкиот крај била од големо значење. Нивните производи имале и голема уметничка вредност, а преку нив стружани успевале да се афирмираат и себе си и градот.

Турците кои изгубиле голем дел од своите земјоделски имоти со аграрната реформа и со другите мерки на новата аграрна политика на државата

[78] Истото

(ограничување на земјишниот максимум), станале мошне несигурни во сопственоста на земјата и затоа излез гледале во иселувањето. Од своја страна, колективизацијата на селото (1949-1953) уште повеќе дејствувала на таа несигурност, бидејќи со неа остатокот на приватната земја се претворал во задружна сопственост, така што несигурни станувале дури и поситните земјопоседници и селани.

Во почетокот на педесеттите години, претежно се иселувале луѓе од еснафот и чаршијата. Во истиот период, бројот на земјоделците и селаните кои се иселувале бил доста помал, а тие почнале да се иселуваат позабележително некаде од 1954 година. Во струшките и охридските села бројот на Турците бил доста мал, речиси и немало Турци по селата, но во Источна Македонија селата биле доста населени од Турци и тие масивно почнале да се иселуваат. Можеби од страв да не останат сами, бидејќи од градовите Штип, Велес, Прилеп, Турците веќе во голем дел биле иселени.

Следејќи го социјалниот состав на лицата кои емигрирале кон Турција, може да се констатира дека поголемиот дел од нив барале подобри можности за извршување на нивната приватна стопанска дејност, надвор од ограничувањата на „социјалистичкиот сектор". И покрај настојувањето да го прикажат иселувањето како природно и нормално, сепак властите во ФНРЈ-НРМ констатираат дека една од битните причини за иселувањето на Турците е брзата социјалистичка преродба која, наводно, доаѓала во судир „со заостанатоста на турската популација".[79]

Тука би сакала да истакнам дека оваа констатација нема никаква поткрепа, бидејќи, пред сé, менталитетот на Турците, многу добро се знае дека, не може да се окарактеризира како заостанатост, Турција денес се разликува од останатите исламски земји по својата современост, а основата на сето тоа потекнуваат од Мустафа Кемал- Ататурк, чии реформи се добро познати. Фесот и фереџето во Турција биле симнати пред да се донесе законот во Југославија. Републиката, како политички израз на народната власт и демократското уредување од страна на Големото Турско Народно Собрание била прогласена

[79] Ачковска, В., : *Иселувањето на Турците од НРМ по Втората светска војна (1945-1960)*, - Сојуз на Историчарите на Република Македонија, Скопје, 2002.

на 29 октомври 1923 година.[80] Во тој период започнуваат реформите во Турција. Ако го земеме во предвид и фактот што Мустафа Кемал потекнува од Македонија, јасно е од каде потекнуваат напредните сфаќања не само кај него туку и кај сите Турци од Македонија, кои во Турција се познати по своите напредни сфаќања, за разлика од Турците во Турција. Со ваквата констатација оправдувањата на ФНРЈ-НРМ паѓаат во вода, бидејќи реформите што почнале да се спроведуваат во Југославија, во Турција веќе биле завршен процес.

Карактеристично за иселувањето во Турција е тоа што ова движење ги опфатило речиси сите „торбешки села", освен во Дебарско (Долна Река), каде желбата за иселување била нешто помала.

По регулирањето н југословенско-турските односи почнале да се остваруваат надежите дека ќе се дозволи иселување во Турција. Така што и самата процедура за иселување се олеснала.

Молителите доставувале барање до органите за внатрешни работи и теренот за отпишување од југословенско државјанство, приложувајќи ги потребните документи, а целата процедура била поврзана со прилични финансиски издатоци кон државата и за подмирување на адвокатскиот надоместок, селидбените и патните трошоци.

Во почетокот се јавувале низа проблеми околу прибирањето и водењето на документите за иселување. За да се заверат сите документи била потребна речиси цела година, а нормално време било околу 6-8 месеци. При обезбедувањето на потребната документација, особени потешкотии имале селаните, бидејќи биле неуки, но и заради тоа што било нужно сите полнолетни лица од едно семејство најмалку трипати да доаѓаат во околискиот центар и тоа: за поднесување молби за отпишување од државјанството, за давање оглас во печатот, потоа за примање на решението итн. Ваквото доаѓање во градскиот центар доста ги оптоварувало селаните, посебно од оние села кои се наоѓале подалеку од околискиот центар. Потешкотии се јавувале и при добивањето на гарантни писма, бидејќи некои селани немале роднини во Турција. Затоа била присутна појавата за колективно обраќање до турската влада со молби да им издаде гаранции, за кои, исто така, се чекало неколку месеци.

---

[80] Шахинлер, М.: *Корените,Влијанието и Актуелноста на Ататуркизмот,* -НИП „ТОКАТ", Скопје, 1999.

Сите овие административни постапки покрај високите такси, го отежнувале иселувањето. Малку подоцна, процедурата била упростена и забрзана, така што молбите обично се решавале во рок од 2 до 3 месеци, вклучувајќи го тука и времето потребно за добивање согласност од Сојузниот државен секретаријат за внатершни работи.[81]

Евиденцијата за иселените домаќинства припадници на турската популација и положбата на нивната недвижност не била уредно водена до средината на 1957 година. Таа е воспоставена за попрецизно водење дури од 01.07.1957 година и ги опфаќала сите домаќинства кои се преселувале по овој датум. Евидентирањето на оние кои се иселиле пред овој датум, било отежнато, така што се јавува голема разлика помеѓу евиденцијата на Државниот секретаријат за финансии и збирната евиденција на Државниот секретаријат за внатрешни работи. Партиските документи (според податоците добиени од СВР) наведуваат дека во периодот од 1953 до 1957 година од НРМ се иселиле околу 110.000 лица од кои околу 105.000 Турци и околу 5.000 Албанци.

Според податоците на Државниот секретаријат за внатрешни работи до 31.12.1958 година биле иселени 125.795 лица, а според евиденцијата на Државниот секретаријат за финасии 78.655 лица или за 37,48% помалку. Евиденцијата на Државниот секретаријат за внатрешни работи се водела збирно за цела НРМ, а не по околии како што ја водела Државниот секретаријат за финансии. Иако биле преземани мерки за средување на евиденцијата на Државниот секретаријат за финансии, состојбата тешко се поправала. Особено лоша состојбата била забележена во Штипската околија каде што имало најголем број на иселени домаќинства.

Според статистиката за „отпуст на нашето државјанство" до март 1959 година вкупно биле иселени 143.800 лица. При тоа најголем број лица се иселуваат по 1954 година, по промената на официјалниот став на државата околу иселувањето, така што од 1.939 лица, кои биле отпишани од југословенско државјанство во 1953 година, бројот се наголемува на 17.396 во 1954 година.

[81] Ачковска, В., : *Иселувањето на Турците од НРМ по Втората светска војна (1945-1960)*, - Сојуз на Историчарите на Република Македонија, Скопје, 2002.

Најголем број лица се иселиле во 1955 година (38.045 лица), а во следните две до три години иако бројот е прилично висок тој е сепак во опаѓање и на крајот од педесеттите се забележуваат помал број поодделни иселувања. [82]

Масовното иселување на Турците во Турција создава „извесна пасивност кај општествено-политичките организации и органите на народната власт во решавањето на низа проблеми од општествен и културен карактер, а од интерес на турското население". Така на пример не се обрнувало доволно внимание кон решавањето на проблемите од сферата на образованието како: оспособување на учителски и друг наставен кадар, одржување на постојните училишта со настава на турски јазик, борба против затварањето на одделни турски паралелки заради немање доволен број ученици итн. Со мотивација дека наскоро ќе се иселат, речиси престанало доделување на стипендии на деца од турската популација. Истовремено, со истата мотивација, се појавиле низа случаи „да се отпуштат од работа разни службеници и раководители на стопански организации од турска националност". [83]

Сето ова до некаде ги потврдува исказите на дел од живите сведоци, дека државата не преземала речиси ништо за да го спречи иселувањето на Турците, напротив таа им го отежнувала животот и голем дел од нив биле принудени на иселување. Според нивните тврдења всушност иселувањето било политичка последица, која индиректно им се наметнувала на Турците. За разлика од политиката, луѓето во струшко познати по нивниот добар соживот жалеле поради заминувањето на нивните блиски комшии, пријатели и другари од детството. Многу македнски семејства биле побратими со турските семејства, и тие живееле и фукционирале како едно семејство, тагата на луѓето била обострана, бидејќи и на Турците не им било воопшто лесно кога го напуштале градот во кој биле родени, нивните роднини и пријатели, нивните домови и кога заминувале во својата матична држава која за нив сепак била туѓа, бидејќи нивиот дом и живот бил тука. Стружани се познати како локални патриоти и речиси нема стружанец кој не е заљубен во градот, без разлика на вера или национална припадност. Можеби тоа е еден од најважните елементи кој ги поврзува сите стружани, езерото, реката никој неможе толку лесно да ги напушти освен ако веќе неговиот опстанок и егзистенција во него се

[82] Истото
[83] Истото

невозможни. Така голем дел од Турците од струшко и охридско се иселиле но чувствувале голема тага кога заминувале и ги напуштале градови кои ги сакаат кои биле нивни домови и се впуштале во непозната авантура во земјата која колку што им била своја толку им била и туѓа.

Иселувањето кое започнало некаде во 1951 година, точка на кулминација достигнува во 1955 година, а од таа година сé до 1959 година бројот на иселениците кои заминувале во Турција опаѓа. Според некои идикации тоа се должи на фактот што дотогаш се селеле поимотните лица, т.е. оние кои можеле да отпочнат некаква приватна дејност во Турција, а останале главно, оние со послаба материјална положба. Додатно кон ова, причина биле и превисоките такси кои морале да се платат за „отпуст" од југословенско државјанство. Трето, Турците кои барале отпуст од југословенско државјанство не можеле да го користат ни „сиромашното право", т.е. правото на имотниот цензус, со оглед на тоа што речиси секое лице имало повеќе од 175 динари данок по член на семејство, така што не можело да се добие уверение за „сиромашното право".

Своевидно влијание на сопирањето на преселувањето имал и новиот Закон за национализација на наемните згради и градежното земјиште (25.11.1958), со кој бројни сопственици не можеле веќе да ги продадат недвижните имоти кои потпаѓале под одредбите на овој закон. Имало случаи кога лицата кои ги продале имотите не можеле да им потпишат сопственост на купувачите, бидејќи истите веќе биле национализирани од државата. Иста збрка настанала и со продажбата на куќите продадени пред 05.11.1958 година, чие околно земјиште потпаднало под одредбите за национализација.

Според раскажувањата на лицата кои се иселиле во Турција, и таму ги очекувал тежок и макотрпен пат. Луѓето тргнувале од железничката станица во Скопје, до местото кое го сметале за свое, но сепак непознато и туѓо за нив. Голем дел од нив кога пристигнувале во Истанбул, не знаеле што понатаму, каде да се обратат, кој е првиот чекор кој треба да го превземат, така што повеќе денови преспивале на железничката станица, по паркови додека да се снајдат со сместување. Само мал дел уште од самото пристигнување добро се снашле, поголемиот дел поминале низ макотрпен период, работеле тешка физичка работа, плаќале високи кирии за становите во кои живееле, пари им останувале само за преживување. Но Турските иселеници од Македонија во

Турција се познати по нивната интелигенција, трудољубивост, чесност и по тоа што му придаваат големо значење на образованието. Заради тоа децата од првата генерација иселеници во Турција постанале познати лекари специјалисти, професори, научници, а некои од нив се вбројуваат меѓу најпознатите специјалисти во светов. Музичкиот мелос карактеристичен за Врадрскиот крај го понеле со себе и го афирмирале во Турција, така што денес во Турција овој мелос со задоволство се слуша и се почитува. Кога и да им се спомене нивниот роден крај, носталгично се присетуваат на спомените и деновите кога живееле тука, не го заборавиле градот, езерото, реката и како што одминувало времето подетално и поносталгично зборувале за деновите кога живееле во Македонија, се присетувале и на најмалите работи. И во Турција продолжиле да ја негуваат културата на Турците од Македонија, односно од земјата која тие повеќе ја чувствувале како своја, бидејќи тука биле родени нивните дедовци тие самите, тука биле нивните корени. Продолжиле да подготвуваат јадења карактеристични за Турците од Македонија, значи и начинот на исхрана не го промениле, велат: ако можевме ние без нашето ѓомлезе, козмазлик или шеќер паре". Секогаш се гордееле со земјата од која потекнуваат и од која дошле, а нема да погрешам ако речам дека денес ние треба да се гордееме со нив, бидејќи со макотрпна работа успеале да ги едуцираат нивните деца, за да тие ја претстават Македонија и Турците од Македонија како образовани и паметни луѓе, кои заслужуваат почит и никогаш не заборавиле од каде доаѓаат и од каде потекнуваат.

Иселеничкиот пат кон Турција воопшто не бил лесен, пред сѐ не било лесно да се донесе одлуката за иселување, да се напушти домот, роднините и пријателите и да се отпатува некаде далеку за кое што си чул дека е твое а не го знаеш, непознато ти е. Потоа животот во таа нова средина, нови навики, нови луѓе, макотрпна и тешка работа, снаоѓање во огромните градови каде дури водата се продавала. Но храбро продолжиле да се борат во новиот живот, станале препознатливи по својата трудољубивост, чесност, интелегенција, така што во Турција се многу почитувани: „се трудевме да останеме еснафи и во ситуации кога преспивавме на железничка, кога работевме на каменоломи, кога немавме скршена пара во нашите џебови". Ова јасно укажува на културата која ја имале Турците од Македонија, на начинот на кој тие биле воспитувани, на нивната гордост и слично.

Многу од нив кога доаѓаат на одмор во Македонија, велат дека дошле дома значи и покрај тоа што поминале долги години, сепак за нивен дом го сметаат местото каде што се родиле, и од каде што потекнуваат. Велат дека и покрај тоа што долги години живеат во Турција никогаш не ја почувствувале толку своја како нивниот роден крај: „кога чекорам и газам по земјава како да газам на нешто свое, блиско, топло - како сѐ околу мене да е мое", но сепак ова силно чувство владее кај првата генерација иселеници, децата кои им се родиле таму имаат чувства кон Македонија, но тие не се толку силни и нагласени како кај нивните родители, баби и дедовци. Голем дел од нив староста ја поминуваат неколку месеци во Турција, неколку месеци во Македонија и имаат желба кога ќе починат да бидат погребани во нивнит роден крај.

## VI.2 ДЕМОГРАФСКИ ДВИЖЕЊА И ПРОМЕНИ ВО СТРУШКО

Врз развитокот на популацијата во струшко, негативно се одразило повлекувањето на новите граници помеѓу новосоздаденото Кралство Југославија и неговите соседи, со тоа струшко станува зафрлено периферно подрачје. Опаѓањето на стопанството имало за последица масовно иселување на населението. Така на пример, според пописот од 1921 година, населението во градот се смалило за 24,07%, т.е. од 4.570 на 3.470 жители.

По 1921 година се забележува постепен пораст на населението. Според пописот од 1931 година, бројот на населението на тогашното струшко подрачје изнесувал 28.055 жители. Во градот се забележува пораст за 3.37 % од 3.470 во 1921 година на 3.587 во 1931 година.

Според неофицијалниот извештај на Околинскиот народноослободителен одбор - Охрид од 1944 година, вкупниот број на населението на тогашното струшко подрачје изнесувал 35.494 лица:

| Населби | Население | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македон. | Власи | Албанци | Турци | Други | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Струга | 2805 | 580 | 225 | 1501 | 26 | 5167 |
| Драслајца | 599 | | | | | 599 |
| Бидево | 152 | | 93 | | | 245 |
| Ливада | | | 418 | | | 418 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Мислешево | 817 | | | | | 817 |
| Мороишта | 464 | | | | | 464 |
| Ложани | 543 | | | | | 543 |
| Ново Село | | | 88 | | | 88 |
| Делогожда | | | 1107 | | | 1107 |
| Д. Татеши | | | 318 | | | 318 |
| Г. Татеши | | | 555 | | | 555 |
| Корошишта | | | 785 | | | 785 |
| Поум | | | 422 | | | 422 |
| Збажди | 550 | | | | | 550 |
| Брчево | 342 | | | | | 342 |
| Присовјани | 382 | | | | | 382 |
| Локов | 286 | | | | | 286 |
| Ржаново | 368 | | | | | 368 |
| Глобочица | 301 | | | | | 301 |
| Богојци | | | 184 | | | 184 |
| Мислодежда | | | 482 | | | 482 |
| Вевчани | 2854 | | | | | 2854 |
| Октиси | 808 | | | | | 808 |
| Г.Белица | | 274 | | | | 274 |
| Нерези | 475 | | | | | 475 |
| Луково | 827 | | | | | 827 |
| Јабланица | 1108 | | | 148 | 10 | 1266 |
| Прискупштина | 280 | | | | 6 | 286 |
| Безево | 186 | | | | | 186 |
| Лакајца | 74 | | | | | 74 |
| Лабуништа | 741 | | | 1695 | | 2436 |
| Подгорци | 578 | | | 478 | | 1056 |
| Боровец | 433 | | | 330 | | 763 |
| Враништа | 547 | | | | | 547 |
| Маруништа | 602 | | | | | 602 |
| Велешта | | | 1847 | | | 1847 |
| Добовјани | | | 203 | | | 203 |
| Д.Белица | | 587 | 162 | | | 749 |
| Радолишта | | | 1186 | | | 1186 |
| Радожда | 877 | | | | | 877 |
| Вишни | 901 | | | | | 901 |
| Франгово | | | 625 | | | 625 |
| Заграчани | | | 468 | | | 468 |
| Калишта | 42 | | 407 | | | 449 |
| Мали Влај | 299 | | | | | 299 |

Бројот на населението во тогашната струшка општина според националната припадност изнесувал вака:

| Македонци | Власи | Албанци | Турци | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 19.224 | 1.441 | 9.570 | 5.193 | 66 | 35.494 |

[84]

Трите повоено пописи од 1948, 1953 и 1961 година, како и меѓупописната статистика, покажуваат дека населението во струшко во целина е во пораст.

| 52 населби | 1948 | | 1953 | | 1961 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Број на домаќ. | Број на жители | Број на домаќ. | Број на жители | Број на домаќ. | Број на жители |
| Вкупно | 6621 | 35.218 | 6986 | 38.067 | 7528 | 42.591 |

Ако го споредиме пописот од 1931 година, кога Струга со селата имала 28.055 жители, со првиот повоен попис од 1948 година, три години по ослободувањето, ќе видиме дека постои пораст на населението од 7.163 жители или 25,5%.

Помеѓу пописите од 1948 и 1953 година, порастот изнесува 2.849 жители или 8,1 %, помеѓу 1953 година и 1961 година 4.350, или 11,4 % .

Просечниот годишен пораст на вкупното население во струшка општина бил најголем во првите пет години – од 1948 година до 1953 година, кога изнесува 569 лица годишно. Од 1953 до 1961 година просекот бил поумерен. Умерениот пораст во овој период не бил резултат на природното движење, затоа што тоа и тука останало непроменето, туку во прв ред на механичкото движење, т.е на

[84] Користена е архивска граѓа од Историскот архив – Охрид

интезивната миграција на голем дел од селското население, како и иселувањето на дел од турското население.

## V.3 СТРУКТУРАЛНИ ПРОМЕНИ НА НАСЕЛЕНИЕТО

Во повоена Југославија, просветното и културното ниво на селото било ниско, а материјалната основа скудна. Земјоделското производство било примитивно и неакумулативно. Воените разурнувања оставиле длабоки траги во сите области. И во градовите стопанството било слабо развиено, така што тоа не давало можности за запослување на градското население, а уште помалку да обезбеди преминување на селското население во градот.

Во годините после ослободувањето биле остварени видни структурни промени во стопанството и во населението: биле создадени материјалните и општествените основи за јакнење на социјалистичките односи.

Брзиот стопански подем во земјата предизвикала и значителни поместувања во општествената и економската структура на населението и во струшкиот регион. Пописот од 1961 година покажува опаѓање на земјоделското население: во 1953 година тоа изнесувало 22.740, а во 1961 година 17.987 жители. Била создадена силна кадровска основа за општествено-политички и стопански развој, настанала експанизија на школското образование со отварање на двете средни училишта во Струга и повеќе осумгодишни училишта во селските населби. Постојано растел бројот на интелигенцијата, на квалификуваните и висококвалификуваните работници.

| | Квалифик. и високо квалификувани | Со средно школо | Со више и високо |
|---|---|---|---|
| 1953 | 402 | 224 | 20 |
| 1961 | 531 | 574 | 83 |

Во ширењето и во подобрувањето на социјално-здравствената заштита на населението, биле постигнати забележливи резултати: мрежата на здравствените установи се проширила дури и во најодалечените населби на Општината, со што биле ликвидирани многу заболувања од епидемиолошки карактер, со што се зголемил животниот век на човекот.

Етничката структура на населението во Струшкат општина, била и е разновидна. Пописот од 1961 година го покажува следното:

| Македонци | Албанци | Турци | Други |
|---|---|---|---|
| 24.509 | 14.626 | 1.778 | 1.504 |

## ЗАКЛУЧОК

Првото заседаније на АСНОМ е клучен момент за развојот на просветата во Македонија. Ова е период кога се донесени важни одлуки со кои понатаму почнало да се развива школството и културата.

Народот желен за просвета и образование на мајчин јазик вложува труд во изградба на училишни згради и установи. Тоа е период кога државата заедно со народот вложува труд во создавање услови за нормално функционирање на наставата, нејзиниот развој и просперитет на културата и образованието.

Како и во останатите градови во Македонија и во струшко имало значајни тешкотии, но и покрај сé желбата за образование успеала да ги надмине, па така во учебната 1944/45, училиштата почнале со работа.

Што се однесува до турската популација во струшко и покрај тоа што се формирале паралелки на турски наставен јазик во О.У. „Браќа Миладиновци", за жал од овој период па навака интересот за образување на мајчиниот јазик тенденциозно опаѓа. Ако ја анализираме состојбата на турската популација во Струга денес лесно може да се заклучи дека сé повеќе го губат сопствениот идентите се претопуваат, а бројот на ученици во турски паралелки кои држат комбинирана настава е многу мал. Мислам дека почеток за денешниот проблем е токму во овој период, кога се отпочнува со асимилаторска политика, а исто така со распаѓањето на Отоманската империја се врши некој вид прикриен притисок врз локалниот турски народ кој сапасот почнал да го бара во размислувањето за заминување од земјава или во тоа што почнале да се образуваат на албански јазик, па дури и почнале да се декларираат како Албанци. Притисокот, велат живи сведоци, се чувствувал од сите народи.

Оние кои се одлучиле да си го сочуваат сопствениот идентитет или се иселиле или останале тука, но не се образувале. Јасен показател за ова е бојот на Турци според пописот во Струшката општина од 1944 година и бројот на Турци кои денес живеат во струшко.

Не смее да се изостави и фактот дека Турците не вложиле некои посебни напори за да им се подобри положбата и покрај тоа што во учебната 1944/45 година се формирала паралелка на турски наставен јазик и им се дало правото да се школуваат на мајчиниот јазик.

Периодот од 1943 до 1959 година е многу значаен во формирањето и развојот на просветата во струшко, но исто така и во развојот на културата и социјалниот живот.

Исто така овој период е од голема важност и за формирањето на општествено-политичките прилики во Струга и струшко, така што во Струшката општина ( до 1952 година Струшката околија), покрај органите на народната власт и органите на работничкото и општественото самоуправување, дејствувале и општествено-политичките организации. Нивната активност во голема мера придонела за развојот на социјалистичката свест на граѓаните во Општината, за нивната мобилизација во решавањето на стопанските, културните, просветните, здравствените, социјалните, комуналните и другите проблеми, како и за градењето на меѓучовечките односи на самоуправна социјалистичка основа. Тие, заедно со органите на народната власт и со другите самоуправни органи, се составен дел од механизмот на социјалистичката демократија во Општината.

Активностите од ослободувањето до денес може да се согледа според следнава периодизација:

а) Периот од 1945 до 1952 година, кога Струга е околински центар;

б) Периот од 1952 до 1955 година, кога Струга и нејзината околија се состав на охридската околија;

в) Периодот од 1955 до 1957 година, кога ситните општински организации окрупнуваат, така што на подрачјето дејствуваат три општини со општински и базични организации ( Струшка, Дримколска и Караорманска);

г) Периодот од 1957 година, кога на целото подрачје на Општината дејствува единствена општинска организација со свои базични организации.

Насочувајќи ја својата активност во духот на Статутот на КПЈ односно на СКЈ, Комунистичката Партија, односно Сојузот на комунистите (по VI- иот Конгрес на СКЈ), како организација на најпрогресивните сили во Општината (Околијата), изминатиот период е основниот подржувач во Општината, кој својата активност ја одвива почнувајќи од базичните организации, па преку месните и општинските комитети, до Околискиот комитет и Општинската конференција.

Брзиот развој на работничкото самоуправување го овозможува и подемот на дејностите од областа на културата во Струга и струшко. По воведувањето на општественото управување во оваа област, се ослободуваат творечките сили и се воведуваат нови методи за работата на советите за просвета и култура при Општината Струга, исто така и во управните одбори на културно-уметничките друштва.

Поради големиот број неписмени во овој крај наследен од минатото (14.629), прашањето за ликвидирање на неписменоста зазело едно од најважните места во новата просветна политика.

Брбата за описменување на населението се спроведувала низ повеќе аналфабетски курсеви организирани во целиот регион. Според извештајот на Просветниот оддел при Народниот одбор на Струшката околија, во период од 1945-1950 година биле опфатени во 355 аналфабетски курсеви 12.629 граѓани, од кои 7.371 се описменувале или 49,2 % од вкупниот број на опфатените аналфабети.

Покрај тоа, биле организирани виши аналфабетски и општообразовни курсеви: во период од 1948 до1951 година 52 курсеви за основно образование во кои имало 1.131 кандидати. Исто така, се организирале и курсеви семејно и домаќинско просветување на женската младина. Десет вакви курсеви успешно завршиле со работа во 1950 и 1951 година, со 285 младинки во селата: Велешта, Добовјани, Франгово, Октиси и Долна Белица, а просветно-домаќински во: Струга, Вевчани и Лабуништа.

Виден придонес за образованието на возрасните дале народните универзитети. Така, на пример, само во 1951 година во Струга и во селата работеле 22 народни универзитети, на чиишто предавања, читачки групи и кружоци присуствувале 11.825 слушатели.

Борбата за описменување на населението продолжува и во текот на наредните години, континуирано се работело за нивното описменување како и за завршување на основното училиште. Така што, за полуписмените лица во работните организации во Општината се организирала настава за да се здобијат со осумгодишно образование. Во основните училишта се отварале редовни паралелки за возрасните, со вондредно полагање на испити низ формите за основно образование на возрасните што се организирале во културно-образовната установа „Браќа Миладиновци“ во Струга, се очекувало,

до 1972 година наполно да се исполнат интенциите за целосно основно образование на возрасните.

Што се однесува на состојбата на Турците во Струга може да се истакне следното:

После ослободувањето па сé до денес образованието на турски наставен јазик во Струга е во незавидна положба. И покрај тоа што се давале големи напори, никако не доживува просперитет. Во учебната 1948-49 година се отвара паралелка на турски наставен јазик, до четврто одделение, се ангажирале учители од Охрид само за да го помогнат развојот на школството на турски наставен јазик, но за жал гледајќи на денешната состојба може да се констатира дека сите тие напори биле неуспешни. Денес во О.У„ Браќа Миладиновци" функционираат паралелки каде се одржува комбинирана настава.

Кога станува збор за културата на Турците од овој крај може да се каже следното: Осмалиската империја насекаде каде што владеела оставила траги од својата култура, тие и денес јасно се забележуваат во архитектурата, јазикот, одредени навики кај населението и слично. Овие карактеристики може да се забележат и во струшко, но кога станува збор за Турците кои живееле и кои живеат во Струга и Охрид и нивната култура би сакала да истакнам дека според начинот на живеење доста се разикува од другите градовови во Македонија. Најголем придонес за тоа има самата местоположба на градовите, добриот соживот, а самиот факт што населението од овој предел отсекогаш му давало посебно значење на образованието, и покрај тоа што условите не го дозволувале развојот на образованите, луѓето биле свесни за неговото значење.

Според искажувањата на многу стружани, живи сведоци на периодот кој е тема на ова истражување, животот бил тежок и владеела голема сиромаштија, луѓето сепак успевале да ги надминат сите тешкотии, бидејќи постоело поголемо единство, почит и поддршка помеѓу населението за разлика од денес. Сметаат дека многу од тие вредности денес се загубени и луѓето стануваат се посебични и покрај интелектуалното издигнување и цивилизациskiот развој.

Во тој период постоел добар соживот така што за свадби, погреби, веселби, верски празници биле канети сите блиски пријатели без разлика на нивната вера и етничка припадност. Кога некој од градот ќе починел речиси

сите стружани оделе на погреб, носталгично раскажуваат старите стружани дури и за погребите кои за разлика од денес биле побројни и немало поделба „ние кај нашите вие кај вашите“. Струга поради самата место positionжба бил центар каде се среќавале различни култури, исток- запад; север-југ, поради тоа и Струга се разликува по својот менталитет од другите градови.

Голем придонес за цивилизацискиот развој на Стружани исто така имаат и различните спортови карактеристични за овој крај како што се пливањето, фудбалот, ракометот, кајакот и други спортови, кои за разлика од другите градови во Македонија најпрвин почнале да се развиваат во Струга и Охрид, особено пливањто и кајакот. Интересно е да се напомене дека пливачкиот клуб во Струга се формира во 1947 година и тоа по иницијатива од неколку рибари и еден средношколец. Неслучајно го споменуваме спортот, затоа што е од огромно значење и дал голем придонес во културниот развој на струшко осбено после 1945 година.

Кога станува збор за културата во струшко мора да се напомене дека овој регион бил познат по своите занаетчии и занаетчиски дуќани, после ослободувањето, социјалистичкиот систем и самите околности не го дозволувале развојот на занаетот, така што денес се останати мал број занаетчии.

Би сакала да истакнам дека можеби меѓу најубавите моменти од моето истражување беа разговорите со старите стружани, кои при своите раскажувања носталгично се навраќаа во нивната младост, од нивните очи, брчките кои ми кажуваа многу можев да насетам дека и покрај тешките економски и општествени услови кога би имале можност пак би сакале да го поминат истиот животен пат. Но не можев да сфатам, и покрај тоа што упорно се трудев да дојдам до одговор, дали е тоа копнеж по младоста или во тој период луѓето и покрај условите биле поспокојни.

Со промените кои настанувале во земјата, секако дека се менувал и начинот на живеење а со тоа се менувала и културата и традицијата.

Културно-просветните промени како и промената на традиционалните навики, како насекаде во земјава, настануваат и во Струга и струшко. Но некои традиционални промени особено на турската популација во Струга и Охрид се случуваат со побрз интензитет, за разлика од другите градови. Некои од причините погоре веќе и ги споменавме. Меѓу најзначајните показаталеи кои го

потврдуваат тоа е отстранувањето на ферецето и може да се каже дека Мустафа Шех е првиот кој и го тргнува ферецето на својата сопруга и тоа не прв во Струга туку и во целата земја, фактот што Неждете Нури, Незает Имам, Цилале Кука, Фадиле Скоро и други девојки за прв пат излегле на сцена за да ги претстават убавите национални игри и други слични промени укажуваат на тоа дека во Струга културните промените брзо се прифаќале. Со новит систем како што веќе истакнав настанале и промени во начинот на живеење, животот станувал се подинамичен и традицијата почнала да се менува, новите вработувања, а особено вработувањето на жената наметнала некои традиционални навки и обичаи да се заменат со нови попрактични. Со тоа почнале промени во начите на забавување, празнување, свадби, погреби и слично. Почнале да се организираат многу повеќе културни манифестации и организации, времето почнало да се почитува така што свадбите и други празнувања не се правеле по многу денови, размислувањето на луѓето почнало да се менува, се поголемо значење почнало да му се придава на општествениот начин на забавување и културно издигање.

Периодот од 1951 година до 1959 година е период на иселување на голем дел Турците и тоа претставува феномен кој придонесува стагнација во развојот на културата и просветата на Турците од Македонија. Намалувањето на бројот на турската популација придонела власта да не обрнува многу внимание за нивната едукација, не дала никакви напори да се оспособат учители и наставен кадар на турски наставен јазик, на децата од турската популација речиси и не им се давало стипендија, не се попречувало затварањето на веќе постоечките училишта или паралелки каде наставен јазик бил турскиот.

Според некои податоци (кои се различни), во период по Втората светска војна, од Република Македонија се иселиле околу 200.000 Турци.

Своевидно влијание на сопирањето на преселувањето имал и новиот Закон за национализација на наемните згради и градежното земјиште (25.11.1958) со кој бројни сопственици не можеле веќе да ги продадат недвижните имоти кои потпаѓале под одредбите на овој закон. Имало случаи кога лицата кои ги продале имотите не можеле да им потпишат сопственост на купувачите, бидејќи истите веќе биле национализирани од државата. Иста збрка настанала и

со продажбата на куќите продадени пред 05.11.1958 година, чие околно земјиште потпаднало под одредбите за национализација.

Според раскажувањата на лицата кои се иселиле во Турција, и таму ги очекувал тежок и макотрпен пат. Луѓето тргнувале од железничката станица во Скопје, до местото кое го сметале за свое но сепак непознато и туѓо за нив. Голем дел од нив кога пристигнувале во Истанбул, незнаеле што понатаму, каде да се обратат, кој е првиот чекор кој треба да го превземат, така што повеќе денови преспивале на железничката станица, по паркови додека да се снајдат со сместување. Само мал дел уште од самото пристигнување добро се снашле, поголемиот дел поминале низ макотрпен период, работеле тешка физичка работа, плаќале високи кирии за становите во кои живееле, пари им останувале само за преживување.

Иселувањето на Турците од Македонија, како и миграцијата село-град придонела да има големи демографски промени.

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## I. ИЗВОРИ


1. Анализи, извештаи и информации по поодделни школски проблеми,- Завод за школство Охрид.
2. Градски народен одбор Струга 1944-1955 год., фонд, Историски архив Охрид.
3. *Демографски податоци за село, град во СРМ според пописот од 1961 година,* Скопје, 1966.
4. *Записници и Извештаи за работа од Архивот на П.К. „Струга"*.
5. Интервју со живи сведоци од конкретниот период.
6. Интервју со иселеници.
7. Материјал од дневниот печат.
8. Околиски народен одбор Струга 1944-1952 год., фонд, Историски архив Охрид.
9. Околиски народно- ослободителен одбор Охрид 1944 год., кутија I. Историски архив Охрид.
10. Околиски народен одбор Струга 1944-1953 год., фонд, Историски архив Охрид.
11. *Службен весник на СРМ, бр.* 17, 24/1945, 2/1947, 35, 39/1948, 10, 22/1949, 16, 28/1950, 13, 16, 22/1952, 29/1953, 20/1954, 14/1956.
12. Собрание на општина Струга 1955-1969 год.- Писарница при Општина Струга.
13. Собрание на општина Струга 1955-1969 год.- Писарница при Општина Струга.
14. *Податоци и материјали пронајдени на интернет пребарувани преку:* www.google.com.tr

## II. ЛИТЕРАТУРА


1. *Акциона програма на Културно-просветната заедница на Македонија,* Скопје, 1969.
2. Алигрудић, П.: *Поводом реорганизације обласних народних одбора,* - Народна држава, бр.5, 1950.
3. Антонова Поп-Стефанова, М,: *Македонски народни везови,* - Скопје, 1954.
4. Апостолоски М., *Желби за знаење, Четриесет години слободен развој на воспитанието и образованието во Македонија (1943-1983),* Скопје, 1985.
5. Ачкоска, В.: *Иселувањето на Турците од НРМ по Втората Светска Војна (1945-1960),* - Сојуз на Историчарите на Република Македонија, Скопје, 2002.
6. Bahadır, G.: *Balkanlar ve Türkler,* - ÇİZGİ, Konya, 2002.
7. Брезник, Д.: *Кретања, Структура и Пројекције становништва,* Београд, 1968.
8. Велјаноски, Н.: *Државниот Развој на Македонија (1945-1953),*- Институт за Национална Историја, Скопје, 1992.
9. Von Hammer, J.: *Historija Turskog Osmanskog Carstva 1.,*- Nerkez Smailagić, Zagreb, 1979.
10. Garodi, R.: *Islam, Kultura i Socijalizam,*- Starešinstvo Islamske Zajednice u SR Bosni i Hercegovini, Hrvatskoj i Sloveniji, Sarajevo, 1981.
11. Група автори: *Струга Вчера и Денес,*- Здружение на Граѓани „Рубљов", Струга, 2003.
12. Група автори: *Струга и Струшко,* - Собрание на Општина Струга, Струга, 1970.
13. Јелавич, Б.: *Историја на Балканот- Том 2,*- НИК „Лист", Скопје, 1999.
14. Јовановиќ, М.: - *Просветно Политичките Прилики во Вардарска Македонија (1918-1929),*- НИО „Студентски Збор", Скопје, 1990.
15. Јурукова, Н.: *Културно-Просветни Појави и Процеси во Македонија (1944-1953),*- Институт за Национална Историја, Скопје, 2003.

16. Јурукова, Н.: *Културно-Основното Воспитание и Образование во Македонија (1944-1950)*, - Институт за Национална Историја, Скопје, 1990.
17. Kara, A.: *Osmanlı Göçleri ve Neticeleri*, - Kültür Sanat Yayıncılık, İstanbul, 2007.
18. Кироски, П.: *Охридско-струшка област*, Скопје, 1959.
19. Memıć M.,: *Velika Medresa I Njeni Ućenici u Revolucionarnom Pokretu*,- IPZRO "Fonografıka", Skopje, 1984.
20. Мустафа, А.: *Албанскиот Учител*, - Кутурно Здружение на Албанците, Тетово, 1995.
21. F. Ware, C., *Panikkar K.M., Romein J.M.: The Twentient Century (Дваесеттиот Век)*,- UNESCO, 1996.
22. Хасан, Х.: *Основното Образование на Турски Јазик во Македонија и Абдулхаким Хикмет Доган*,- Бирлик, Скопје, 1998.
23. Чакар, К.: *Ф.К. Караорман 1923-1998*,- Рубљов, Струга, 1998.

# ПРИЛОЗИ



4.22.1.326/603-604

До Околискиjот Нар.Ослоб.Одбор
гр. С т р у г а.

На Бр.21 от 13-I-1945 год.

Ви донесвиме,оту по изjавите на собраниjот во джамиjата на конфе
ренциjа народ от турци и албанци на 16-I-1945 год.,ие можит да се прокарат
линиjа за разгранвеjие за просветата им,пошто сите без разлика искажвет са-
каjие да се учет албански.

Горното Ви се донесвит за сведение и Ваше распореждаjие.

16-I-1945 год.
гр.С т р у г а.

Секретар, Прочелник на Просветата Преседател,

*Одговор наОпштинскиот Народно Ослободителен Одбор*



ОКОЛИСКИ НАРОДНО
ОСЛОБОДИТЕЛНИ ОДБОР
Просветни отдел
бр.21
13-I-1945 год.
Струга

ДО ОПШТИНСКИОТ НАР.ОСЛОБ.ОДБОР
С Т Р У Г А

По другото телеграфско нареждење от Обласниот
инспектор ,Турците во Струга ќе имат машинска школа на турскиот јазик,
а Албанците на албански јазик.Одма доставите список на кој породици
им је матерњи јазик турски,а на кој албански.

Хитно је,пошто школата на 15 овој месец почин-
ит да работат.

Секретар, Прочелник на просветниот одел, Преседател,

*Писмо кое Околискиот Народно Ослободителен Одбор*

*го праќа до Општинскиот Народно Ослободителен Одбор*

1.22.1.352/634

[Н]АРОДНО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
" "
Бр. 178
19 септември 1945 год.
Струга

ДО ГРАДСКИОТ ОПШТИНСКИ
НАРОДЕН ОДБОР
СТРУГА

Вб врска со неопходимите потреби на ова училиште за правилно изводење на училишната настава за оваја година имам чест да Ве известам да при ва народно основно училиште се отворени десет отделенија/шест основни и четири гимназија/ и четири отделенија за манинското албанско основно училиште труга или сите 14.-отделенија.Бидеќи да зимната училишна настава не можит а се замисдит без отопление за децата,молиме во нај-скоро време да се земет еобходимите мерки за доставјане на дрва барем по 5 $м^3$ за секоје отделение ако минимум или обшто 70 $м^3$ дрва.

Исто така молиме да ни се испратит препис од буџетот за училишните аэходи за ова година за да можит да се снабдит ова училиште со необходимите чилишни помагала,креди,хартија ,прозивници,дневници,геометриски оправи и др. ез кој исто така не можит да се изводвит наставата.

По прашањето на училиштните згради веќе је толку пати писано и усто олено да повторуењето е излишно.Полудневната настава која се изводвит денеска ри нас е една недопустима аномалија во училиштната работа,поради која страдат ецата и идното наше поколение.Зато молиме да се ослободит горнијот спрат на тарото училиште а војската населит во бившата Пореска Управа,која за сега ожит да се речит е слободна,како и пристроиките слободни при Музејот. Манинското албанско училиште е (неваросано) и приспособено за настава.

По горе изнесените молби молиме да се земет брзи мерки.

С.Н.Ф.- С.Н.Н.

За раководител:
[signature]

*Барања упатени до Општинскиот Народен Одбор од страна на Народното Училиште*



*Фотографија на Струшките еснафи непосредно пред ослободувањето*



*Струшките еснафи после ослободувањето*



*Ален Гинзберг во Струга*



*Царскиот мост*



*Димитар Миладинов и Владиката Мелетие*



*Изградба на Спомен дом на Миладиновци*



*Др. Незлобински со асистентите- препаратори*



*Млада Стружанка*



*Струга- 1947 година*



*Струга- 1949 година*



*Старата Струшка Чаршија*



*Струшкиот кеј*



*Струга-1945 година*



*Брегот на Охридското Езеро*



*Школа - Горна Белица*



*Учители во Струшко*

## СОДРЖИНА


Предговор 2

Увод 9

**I. Општествено Политички Прилики во Струга и Струшко**

I.1 Општествено Политички Прилики во Македонија 13

I.2 Развој и Организација на Народната Власт 17

I.3 Формирањето на ОНОО во Струшката Околија и Неговото Дејствување Непосредно Пред и во Првите Денови од Ослободувањето 22

I.4 Работата на Одборите и на Нивните Служби до Изборите за Уставотворна Скупштина 27

I.5 Хронологија на Општествено- Политичките Организации 31

I.6 Формирање на Сојузи Здруженија и Организации 34

**II. Поставување на Основите на Културно-Просветниот Живот во Струга и Струшко**

II.1 Конституирање на Културно- Просветните Органи во Македонија 37

II.2 Позначајни Образовни и Културни Институции и Дејности во Струга и Струшко 48

II.3 Првата Акциона Програма за Обнова и Изградба на Училишниот Простор и Нејзина Реализација 58

II.4 Културниот Живот во Струшко 60

**III. Опфатеноста на Турците во Просветата и Образованието**

III.1 Стагнација во Развојот на Турскиот Јазик во Македонија 65

III.2 Опфатеноста на Турците во Просветата и Образованието во Струга и Струшко 69

III.3 Опфатеноста на Турците во Просветата и Образованието во Охрид 72

**IV. Културен Живот и Културни Манифестации на Турската Популација**

IV.1 Културни Карактеристики на Турците 76

IV.2 Традицијата и Обичаите на Турците во Струшко 80

**V. Промените во Начинот на Животот и Традицијата**

V.1 Општествените Промени и Нивното Влијание Врз Животот На Турците 88

V.2 Промените во Начинот на Живеење и Традиција во Струга Струшко 91

V.3 Спортот и Неговото Значење за Културното Издигање во Струшко 92

**VI. Иселувањето на Турците од Струга и Струшко и Демографски Промени**

VI.1 Иселувањето на Турците од Македонија и од Струшко 96

VI.2 Демографски Движења и Промени во Струшко 108

VI.3 Структурални Промени 111

**Заклучок** 113

**Користени Извори и Литература**

I. Извори 120

II. Литература 121

**Прилози** 123